РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"КОЧО РАЦИН"
Бр. 01-334/1
26.06 20 25 год.
КУМАНОВО

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН“ КУМАНОВО, КУМАНОВО

---

за период од 2023 до 2025 година



Јуни 2025 година

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Кочо Рацин“ Куманово |
| Адреса | Ул. Никшиќка“ бб, 1300 Куманово |
| Телефон, е-пошта | 031/416-501<br>ou-kochoracin-kumanovo@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | март 2025 – јуни 2025 |
| Број на ученици во училиштето | 1211 |
| Број на подрачни училишта | 5 (пет) |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Галаба Давчевска |
| Потпис | |
| Датум | 26.06.2025 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Претседател Даниел Спировски |
| Потпис | |
| Датум | 26.06.2025 |

**Подрачје 1:**

**ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**

**Координатор на тимот: Марина Милошевска Јакимовиќ**

**Членови на тимот: Николина Милевска, Соња Коцевска, Габриела Арсовска, Лидија Крстевска, Марија Мартиновска, Наташа Павловска, Биљана Ивановска, Марина Величковска, Ирина Серафимовски, Климентина Михајловиќ, Катерина Костадинова и Невенка Цветковска.**

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br><br>**1.2 Наставен процес**<br>• Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Планирање и реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>• Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>• Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата<br><br>**1.5 Вонаставни активности и натпревари**<br>• Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со вонаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на вонаставните активности<br>• Натпревари |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ○ Закон за основно образование<br>○ Закон за наставници и стручни соработници<br>○ Статут на училиштето<br>○ Годишна програма за работа на училиштето 2023/24 и Годишна програма за работа на училиштето 2024/25<br>○ Годишни и тематски планирања на на наставниците, по наставни предмети за учебната 2023/24 и 2024/25 година<br>○ Годишен извештај за работа на училиштето за | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Наставата во ООУ Кочо Рацин Куманово се реализира според Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми се во пропишаниот обем и обезбедуваат постигања на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование.<br>Наставниците изготвуваат или прилагодуваат годишни, тематско-процесни и дневни подготовки со сите неопходни елементи за успешна реализација на часот за сите предмети (задолжителни и изборни) во согласност со донесените наставни планови и програми од страна на МОН. Пред почетокот на учебната година наставниците своите планирања ги доставуваат на посебна електронска адреса на училиштето oоukocoracinbiblioteka@gmail.com.<br>МОН и институциите за стручно усовршување како што се БРО, Центар за стручно образование и Педагошка служба организираат обуки за наставниците и истите (93,6%) посочуваат дека навремено добиваат обуки за примена на современите методи и техники на планирање на наставата.<br>Директорот и стручната служба имаат клучна улога во обезбедување квалитетна настава и постојано унапредување на образовниот процес. Затоа 97,4% од наставниците потврдуваат дека планирањата на наставниците редовно се следат од страна на раководниот тим, и сето тоа претставува важен механизам за проверка на усогласеноста на наставните програми, постигањата ва воспитно-образовните цели како и примената на соодветни методи и форми на работа. Проверката како и надзорот се заснова на дијалог, соработка и професионална доверба.<br>Согласно последните податоци, 46,2% од наставниците целосно се согласуваат, а 47,4% се согласуваат со поддршката што ја добиваат од страна на директорот и стручната служба при изготвување на планирањата за наставниот предмет. |

| | | |
|---|---|---|
| учебната 2023/24 и 2024/25 година<br>○ Програма за проф.развој Записници од Наставнички совет, Совет на одделенски наставници и Совет на предметни наставници<br>○ Формулари за следење на наставен час<br>○ Прашалник за наставен кадар<br>○ Интервју со наставници и стручни соработници<br>○ Интервју со директор<br>○ Чек листи за следење на часови<br>○ Стручни активи (записници) | | Овие резултати укажуваат на високо ниво на соработка и професионална поддршка во училиштето. Вкупно 93,6% од наставниците изразуваат задоволство од поддршката што претставува значаен индикатор за квалитетот на тимската работа и заедничкиот ангажман во процесот на планирање. Сето тоа доведува до континуиран развој и успех на учениците.<br>Во рамките на планирањата, а според насоките дадени од специјален едукатор и рехабилитатор се изработуваат годишни, среднорочни и индивидуални планови за ученици со посебни образовни потреби. Истите се изготвени во зависност од можностите и способностите на ученикот. Сите активности се внесуваат во дневни планирања како диференцирани активности. Наставниците разменуваат искуства во врска со планирањата, изготвуваат наставни содржини и неделни планирања во рамки на стручни активи на ниво на предмети и генерации во училиштето. Наставниците на индивидуално ниво остваруваат соработка со наставници од други основни училишта од општините и истите ги споделуваат на формални или неформални состаноци и средби, како и на ниво на стручените активи. Целта на размената на искуства и материјали помеѓу наставниците е подобрување на квалитетот на наставата и постигање на подобри резултати на учениците, како и изнаоѓање на најразличен едукативен начин да им се задржи фокусот и вниманието на учениците. Што се однесува до изготвување на ИОП, наставниците кои во својата паралелка имаат ученик со посебни образовни потреби, изготвуваат индивидуален образовен план според можностите и способностите на ученикот со помош и консултација на специјален едукатор и рехабилитатор.<br>Во училиштето активно работат 5 (пет) Стручни активи на ниво на одделенска настава (Стручен актив за прво одделение, Стручен актив за второ одделение, Стручен актив за трето одделение, Стручен актив за четврто одделение, и Стручен актив за петто одделение). Наставниците на ниво на Стручен актив уште на почетокот на учебната година изготвуваат програма за работа, која во текот на годината може да претрпи минимални промена (распоред на активностите и состаноците).<br>На ниво на предметна настава има вкупно 8 (осум) Стручни активи (членови се |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставници по македонски јазик; математика; информатика и ТО; природни науки, биологија, географија, хемија, физика, иновации; Стручен актив за англиски јазик; германски, руски, италијански јазик (втор странски јазик); физичко и здравствено образование; музичко озбразование со ликовно образование; и општествени науки.<br>Сите реализирани состаноци се евидентираат со Записник кој е заведен со деловоден број во училиштето.<br>Професионалниот развој на наставниците претставува процес на континуирано учење и усовршување на знаења, вештини и способности, како и лично растење на самата личност. Според Закон за наставници и стручни соработници, професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обуки, преку проекти одобрени од МОН, интерно стручно усовршување како и преку индивидуални форми на учење. Бирото за развој на образование изготвува и предлага каталог со обуки по подрачја и според истиот наставниците избираат кои обуки ќе ги посетат во текот на учебната година. Планираните обуки наставникот ги внесува во својот Личен план за професионален развој, а реализираните обуки се запишуваат во Професионалното досие на наставникот. По спроведените обуки обучениот кадар интерно врши дисеминација во рамките на стручниот актив.<br>Начинот на кој училиштето ги определува учесниците на обуките може да варира во зависност од политиките на самата институција, приоритетите на наставниот кадар како и потребите на образовниот процес. Што се однесува до посета на обуку и стручно усовршување на наставниците, во последните две години од задолжителните акредитирани обуки, наставниците во месец јуни 2024 година го проширија своето професионално знаење и компетенции во областа на Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми (вкупно 43 наставници). Во рамки на обуката за Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата (43 наставници) се усовршија со знаења и практични вештини, како и критичкото мислење, соработка и активно учество на учениците. Од програмата за Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште (3 наставника). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Стручните соработници беа дел од обуката за  Професионална ориентација на учениците: Зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој (5 стручни соработници).<br>Што се однесува до акредитираните обуки за учебната 2024/25 година, БРО испрати допис со известување дека акредитираните обуки ќе се реализираат во месец август 2025.<br>Во рамки на индивидуално стручно усовршување голем дел од наставниците посетуваат семинари, конференции, вебинари, споделени туторијали за реализација на наставата. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Во рамки на стручните активи, наставниците редовно разменуваат искуства и практики поврзани со планирањата и реализацијата на наставните часови. Оваа соработка претставува значаен сегмент од професионалниот развој и тимската работа во училиштето. Според резултатите од спроведената анкета за самоевалуација, 67,9% од наставниците целосно се согласуваат, а дополнителни 29,5% се согласуваат дека најмалку два пати во текот на полугодието активно учествуваат во размена на искуства за планирање на часовите со своите колеги во рамки на стручен актив. Овие податоци укажуваат на високо ниво на професионална соработка и колегијална поддршка на наставниците. Размена на добри практики, идеи и наставни материјали овозможува подобро усогласување на наставата, усвојување на нови методи и прилагодување на содржините според потребите на учениците.<br>Професионалниот развој на наставниците претставува процес на континуирано здобивање и усовршување на знаења, вештини и способности, како и лично растење на самата личност. Според Закон за наставници и стручни соработници, професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обуки, преку проекти одобрени од МОН, интерно стручно усовршување како и преку индивидуални форми на учење. Бирото за развој на образование изготвува и предлага каталог со обуки по подрачја и според истиот наставниците избираат кои обуки ќе ги посетат во текот на учебната година. |

| Индикатор 1.2 Наставен процес | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ○ Годишна програма за работа на училиштето 2023/24 и Годишна програма за работа на училиштето 2024/25<br>○ Прашалник за родители<br>○ Прашалник за наставници<br>○ Прашалник за ученици<br>○ Е-дневник<br>○ Распоред на часови<br>○ План за МИО активности – заеднички активности, работилници и манифестации<br>○ Извештај за спроведени МИО активности<br>○ Интервју со директор и стручна служба | Реализација на наставни планови и програми | Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставата од прво до шесто одделние се реализира според новата Концепција за основно образование. Учениците со различни образовни, физички, емоционални или социјални потреби се дел од училиштето. Учат, се социјализираат и инклуираат заедно со другите ученици, но со прилагодена програма. Училиштето обезбедува еднаков пристап, развива толеранција, емпатија, и почит кај сите ученици. Учениците и вработените во училиштето ги прифаќаат и поддржуваат индивидуалните способности кај секојученики промовираат еднаквост.<br>За учениците со ПОП во наставата се вклучени и асистенти кои помагаат на ученикот при извршување на задачи, комуникација и движење, со помош и во корелација од специјален едукатор и рехабилитатор. За ученици со ПОП се применуваат различни методи на учење, како што се визуелна, практична аудитивна поддршка, паузи и мултисензорно учење. Инклузивната настава ги учи учениците на емпатија и соработка, ја намалува стигмата, ја подобрува училишната клима и го јакне чувството на заедништво.<br>Стручната служба на почетокот на наставната година ги проверува годишните планирања на наставниците и редовно ги следи ажурирањата на податоци во е-дневник.<br>Од записниците на одделенските совети и родителските средби се констатира континуираната грижа за учениците, реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и локалната средина.<br>Од анкетираните 139 родители, наголем дел 76,3% се изјасниле дека целосно се согласуваат дека нивното дете ги има сите наставни часови во текот на учебната година согласно со распоредот, 23% се согласуваат и 0,7% целосно не се согласуваат со оваа тврдење. Ова укажува на висока перцепција за редовноста на учениците на настава што значи одговорност и поддршка во образовниот |

| | | |
|---|---|---|
| ○ Документација | | процес. |
| | Избор на наставни предмети | Изборот на слободни изборни предмети и активности се во согласност со Концепцијата за основно образование како и Водичот за слободни изборни предмети за основно образование. Училиштето изготвува анкета врз основа на која училиштето нуди 12 изборни предмети од кои избираат по еден во едно полугодие. Во предметна настава по стара програма учениците имаат понудени 3 изборни предмети, а избираат само еден.Родителите, во зависност од интересите на своето дете,одлучуваат за изборниот предмет.<br>Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците. Според резултатот се прави распоредот за наставниците.<br>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми како и со Водичот за слободни изборни предмети во кој се пропишани процедурите за избор кои училиштето треба да ги запази. Училиштето изработува анкети, ги анализира потребите на учениците, а воедно води и голема сметка за наставниците и предметите кои може да ги предаваат за до исполнување на цел фонд на наставни часови**.**<br>Во училиштето биле анкетирани 139 родители по случаен избор и се добиени следните резултати: 68,3% целосно се согласиле дека се запознаени со листа на слободни изборни предмети, 25,9% се изјасниле дека се согласуваат и мал процент (5,8%) од родителите се изјасниле дека не се согласуваат. На прашањето во врска со изборните предмети/активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси, 43,9% од родителите целосно се согласуваат, 33,8% се согласуваат, 15,1% од родителите не се согласуваат. Останатите 7,2% немаат информација или не се согласуваат со исказот.<br>Учениците на прашањето за слободните изборни активности и предмети во кои учествувам истите сам ги имам избрано, 41,9% се согласуваат, 27,4% целосно се согласуваат, 19,4% од испитаниците не се согласуваат, а 11,3% немаат информација и не се согласуваат. Од тука може да се воочи дека голем број од |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците сами прават избор на активностите во кои ќе учествуваат (вкупно 69,3%). |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Според резултатите од анкетираните наставници, 61,5% целосно се согласуват дека задачите и активности на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а останатите 38,5% се согласуваат. Ова тврдење укажува на тоа дека, наставниот кадар во голема мера е насочен кон индивидуализација и адаптација на наставата, со цел подобрување на ученичкото искуство и ефективноста нанаставниот процес. Во однос на ова прашање и родителите (88,4%) потврдуваат дека наставниците навистина ги прилагодуваата задачите и активностите според потребите на учениците, 11,6% велат дека не се согласуваат или немаат информација. Од 139 анкетирани родители, на прашањето Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете 90,7% се согласуваат и му веруваат на училиштето а само 9,3% немаат информација или не се согласуваат.<br>Сличен е процентот на анкетираните наставници во врска со прашањето за користење на различни ресурси за учење и настава, каде што 65,4% од наставниците целосно се согласуваат, а 34,6% се согласуваат. Дека наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, потврдува високиот процентот на анкетираните наставници од кои 46,2% се изјаснуваат дека целосно се согласуваат и користат различни приоди и ресурси, 52,6% се согласуваат и само 1,2% не користат различни приоди. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.<br>Во училиштето се реализираат и МИО активности кои 88,4% од наставниците однапред ги планираат, додека 10,3% од наставниците посочуваат дека не реализираат или не изготвуваат однапред план за реализација. Останатите 1,3% целосно не се согласуваат.<br>Учениците преку анкетните прашалници го искачуваат своето мислење и став во врска со изборот на задачи, активности и ресурси. На прашањето, На часовите |

| | | |
|---|---|---|
| | | имам можност да учам на различни начини 92,7% се согласуваат и посочуваат дека училиштето им дава можност да учат преку проекти, истражувања, игри и слично, а 7,3% велат дека училиштето не им нуди таква можност. 85,5% од учениците посочуваат дека на часовите се работи во пар или во група со ученици, а 14,5% искажуваат спротивно тврдење.<br>На часовите учениците користат различни материјали и извори за учење како што се енциклопедии, списанија, интернет и модели потврдуваат 71,8% од анкетираните ученици, 19,4% не се согласуваат, а останатите 8,8% не знаат/воопшто не се согласуваат.<br>Со ова се потврдува дека наставниците ги користат расположливите ресурси како и современи приоди во наставата како што се: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми и др. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Најголем број од учениците одговориле дека дел од наставниците содржината ја прават интересна. Во анкетата за ученици најголем дел од учениците 46% се согласувам, 31,5% целосно се согласувам велат дека на часовите слободно се изразуваат, прашуваат, имаат можност да учат на различни начини и интеракцијата помеѓу наставниците и учениците е оценета како задоволителна, 15,3% не се согласуваат со исказот.<br>Наставниците истакнуваат дека ги потикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе – 79,5% целосно се согласуваат и 20,5% се согласуваат.<br>На прашањето, на моите часови учениците честопати работат на начин кои подразбираат интеракција помеѓу нив, 57,7% од наставниците се согласуваат и 42,3% целодно се согласуваат. Кон учениците се однесувам со почитување од анкетираните 78 наставници 84,6% целосносе согласуваат, останатите 15,4% се согласуваат дека постои интеракција. Сите наставниците водат сметка и ги разбираат потребите и проблемите на учениците (67,9% целосно се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | и 32,1% се согласуваат). Во текот на наставата учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор, 42,3% од наставниците целосно се согласуваат, 48,7 се согласуваат, 9% од наставниците велат спротивно на тврдењето. Од анкетираните родители можеме да забележиме дека 54,7% потврдуваат дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите, 39,6% се согласувам, а 5,7% од родителите немат информација или не се согласуваат. |
| | Планирање и реализација на образовна инклузија | При запишување во прво одделение, училиштето ги запишува и учениците со посебни образовни потреби. Доколку родителите имаат МКФ проценка ја приложуваат на денот на тестирањето. Тимот од стручни соработници заедно со специјалниот едукатор и рехабилитатор препознаваат одредени специфичности кај децата и им сугерираат на родителите да се упатат на соодветен лекарски/логопедски/дефектолошки/психолошки преглед. Наставниците со нивната секојдневна работа и комуникација со учениците забележуваат потешкотии во совладување на наставните содржини или пројавуваат специфично однесување кај одредени ученици. За овие ученици разговараат со родителите индивидуално како и со специјален едукатор и рехабилитатор во врска со прилагодување на програмата за потребите на самиот ученик. На овие ученици им се дава еднаква можност во учење и создавање на емоционална клима на прифатеност од страна на другите соученици. За потребите на учениците со физичка попреченост, училиштето има приспособен пристапот, просторот во ходниците ги задоволува потребите на учениците како и опременоста и пристапот до преадаптираните тоалети.<br>Во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим, со решение заверено во архивата на училиштето. Истиот брои 7 члена во состав се: директорот на училиштето, двајца стручни соработници, по еден наставник од одделенска и еден од предметна настава, и двајца родители, кои имаат мандат од 3 учебни години и истиот уредно се ажурира. УИТ има изготвено Годишна програма за работа, а за секој ученик поединечно работи тим кој е раководен од страна на специјален едукатор и рехабилитатор. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците изработуваат ИОП поединечно за секое дете. Согласно законската регулатива инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети. Од учебна 2021/22 година Училиштето соработува со ОУРЦ „Иднина“ – Скопје, преку кое се обезбедуваат образовни асистенти за ученици кои претходно имаат направено МКФ проценка (Меѓународна класификација на функционалности). Бројот на образовни асистенти се менува (варира) во зависност од проценката и потребите на самите ученици.<br>Мал дел од наставници имаат потешкотии и проблеми од различен вид со кои се соочуваат при работа со учениците со ПОП. На прашањето, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, од анкетираните 78 наставници, 61,5% целосно се согласуваат, останатите 38,5% се согласуваат со тврдењето. На истото прашање родителите исто така одговориле дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивното дете, 42,4% целосно се согласуваат, 46% се согласуваат, останатите 11,6% велат дека не се согласуваат или немаат информација.<br>Во учебната 2024/25 година има вкупно 11 учениците со посебни образовни потреби. Од нив 9 ученика работат со помош на образовен асистент, еден ученик работи според модифицирана програма, два ученика работат според ИОП но немаат потреба од образовен асистент.<br>Во учебната 2023/24 година, 10 ученици имаат МКФ проценка, од нив 9 ученика работеа според ИОП. Во училиштето беа ангажирани 7 образовни асистенти. Вкупно 89,8 % од наставниците се изјасниле дека имаат успешна соработка со образовните асистенти, останатите 10,1% не се согласуваат.<br>Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси и тоа:<br>-Одбележување на Меѓународен ден на лица со Даунов синдром<br>-Во учебната 2023/24 година е одбележан е Светски ден на лицата со аутизам со изработка на едукативна сликовница/книга, за учениците со ПОП. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Актерите од Театар Куманово беа гости во нашето училиште како иницијатива на инклузивниот тим со мото: "Инклузивни, несовршено совршени преку актерска игра!“<br>-Одбележување на  Меѓународен ден на лица со попреченост - во нашето училиште се одржа креативна работилница, во која покрај нашите ученици, асистенти и  специјалниот едукатор и рехабилитатор, учество зедоа и учениците од други училишта од општината.<br>-Неколку наши ученици беа дел од документираниот филм “Повеќе од попреченост“ кој ги прикажува секојдневните предизвици со кои се соочуваат учениците и нивните родители. Филмот е дел од проектот “Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“<br>-Учество во приредба по повод Ден на Училиштето<br>-Учество во училишен проект „Велигденски празник – празник за очи“Ф<br>Стручните соработници оваа учебна година беа дел од работилница на тема “Психомоторен развој кај деца, говорно-јазичен развој и стимулација на прозборување- Дисхармоничен развој на деца” во организација на Интелект-Куманово. Училиштето има потреба од асистивна технологија со која целосно ќе се задоволат потребите на наставниците и асистентите, особено во просториите на Сензорна соба, а со цел подобрување и унапредување на работата на учениците со индивидуални и посебни образовни потреби. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Училиштето има Тим за училишна интеграција има изработен план за следење на активностите на ниво на Училиштето. Секој наставник во своите годишни планирања е задолжен да планира и реализира најмалку 3 самостојни мултикултурни активности. Училиштето има потпишано Меморандум за соработка со ООУ ,,Толи Зордумис’’Куманово, за реализација на заеднички активностиза меѓуетничка интеграција и толеранција. Прва работилница е на тема:“Да се запознаеме- сите сме исти”, втора на тема: “Се дружиме и да изработуваме украси за Нова година” и трета“Ајде да зборуваме за другарство-да другаруваме –да се забавуваме и меѓусебно да си помагаме”. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во секоја работилницаучество зедоа по 12 ученици од двете училишта.<br>Исто така училиштето има потпишано Меморандум за соработка со ЗЖ „Коло на српските сестри“. Со нив се спроведени активности во рамки на проектот „Цветници“ - плетење венчиња во кој учествуваа 5 ученика од 7 одделение од нашето училиште, како и од останатите шест основни училишта од Куманово. Со овие учества се потврдува исказот од страна на учениците дека 58,1% учествувале во активности поврзани со ученици од други култури, 33,8% не се согласуваат дека учествувале, а 8,1% не знаат или не се информирани. Овој процент учажува на одреден јаз во перцепцијата или информираноста или пак изостанува одредена/ограничена можност за да бидат вклучени поголем број на ученици. Помалку од половина од анкетираните родители, 47,5%, посочуваат дека нивните деца биле вклучени во активности од мултиетнички карактер. 26,6% не се информирани, 20,9% посочуваат дека нивното дете не било вклучено, останатите 5% целосно не се согласуваат. Во законски рамки училиштето доставувано квартални, полугодишни и годишни извештаи за МИО.<br>На прашањето за наставници, дали имаат на располагање нагледни средства и реквизити во училиштето, 78,2% од испитаниците се согласуваат дека училиштето располага со доволен број на нагледни средства и истите се користат во наставта, 21,8% не се согласуваат. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ○ Годишна програма за работа на училиштето 2023/24 и Годишна програма за работа на училиштето 2024/25<br>○ Прашалник за родители<br>○ Прашалник за наставници<br>○ Прашалник за ученици<br>○ Дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели<br>○ Интервјуа со директорот, стручните соработници | Средина и атмосфера за учење | Училиштето се доживува како безбедно и поттикнувачко место, каде што и учениците и родителите чувствуваат прифаќање и почит. Се негува постојана мотивација, различностите се почитуваат, што создава позитивна и инклузивна атмосфера. Наставната средина поттикнува љубопитност и интерес за учење, со што се гради активна и ангажирана училишна атмосфера за учење.Најголем дел од наставници (79,5% целосно се согласуваат и 20,5% се согласуваат) користат приоди во наставата кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе (1,2% не се согласуваат), потврдено со одговорот на учениците со 91,2% и одговорот на родителите 89,2 % кои се изјасниле дека нивното дете има пристап до различни материјали за учење вклучувајќи енциклопедии, списанија, интернет, модели итн. Од анкетираните наставници 87,2% имаат на располагање асистивна технологија за работа со ученици со ПОП, 24,4% одговориле дека немаат доволно асистивна технологија. 91% од испитаните наставници посочуваат дека можат да бираат дополнителни задачи и активности. Само мал дел од учениците 9%, истакнале дека не можат да бираат дополнителни задачи/активности по свој избор. Учениците имаат пристап до разновидни образовни ресурси, што овозможува квалитетно и прилагодено учење според нивните потреби. Наставниците даваат поддржувачки повратни информации, без да ги истакнуваат слабостите на учениците пред другите. Овој пристап гради чувство на доверба и безбедност. Се применуваат различни стратегии за мотивација, со цел да се вклучат сите ученици во процесот на учење. Училиштето нуди инклузивна и интеркултурна средина, каде што различностите меѓу учениците се почитуваат и вреднуваат. Наставниците применуваат различни методи за мотивација, што помага да се прилагодата на различни стилови на учење. Наставата охрабрува самостојно и критичко размислување, што придонесува за личниот развој за секој ученик. Наставниците даваат поддржувачки и позитивни коментари и избегнуваат критики пред други ученици, со што создаваат безбедна и охрабрувачка атмосфера за учење (80,8% целосно се согласуваат и 19,2% од наставниците се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваа т дека им даваат поддршка и позитивни коментари на учениците). |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Учениците имаат слободен пристап до училишна библиотека и до предметните кабинети, кои се опремени со современи наставни средства. Достапноста на овие ресурси придонесува за создавање на стимулативна средина за учење, која овозможува учениците да се чувствуваат поддржани и мотивирани. Наставниот процес се прилагодува на индивидуалниот стил на учење на секој ученик, за тоа потврдуваат резултатите од анкетните прашалници (61,5% целосно се согласуваат и 38,5% се согласуваат). Преку разновидни активности се поттикнува креативноста и активно учество на учениците. Со ова се создаваат услови за развој на самостојно и критичко размислување. Во наставата се вклучуваат теми поврзани со родова еднаквост, етничка припадност и мултикултурна свесност. Овие теми се разработуваат преку редовна настава, но и преку работилници што се организираат во рамките на одделенските заедници. Целта е развивање свест, толеранција и почитување на различностите кај учениците.<br>Наставниците применуваат различни наставни методи и интерактинви техники со цел подобро да ги препознаат и задоволат образовните потреби на секој ученик. Ваквиот пристап придонесува за полесно совладување на наставниот материјал и за зголемена вклученост на учениците. Секој ученик учи различно и со свое темпо. Наставниците внимателно ги следат учениците за да ги забележат нивните потреби, интереси и тешкотии. Ова го прават преку секојдневна работа, разговори и набљудување на часовите. Учениците добиваат индивидуална поддршка, некои работат во мали групи, а учениците што напредуваат побрзо добиваат посложени задачи. Во соработка со стручна служба, се организираат дополнителни работилници и активности за поддршка, како за ученици што се соочуваат со потешкотии, така и за оние што напредуваат побрзо. Овие активности се спроведуваат и во рамките на стручните активи, по генерации и наставни предмети. Преку систематска поддршка, адаптирана на индивидуалните потреби, училиштето овозможува секој ученик да го развива својот потенцијал. Ваквиот пристап не само што ја унапредува наставата, туку и го поттикнува развојот на одговорни, самостојни и свесни млади личности. На прашањето, во текот на наставта учениците можат |

| | | |
|---|---|---|
| | | да бираат дополнителни задачи/активности или задачи активности по свој избор, 91% од анкетираните наставници се согласуваат а 9% од наставниците се изјасниле дека не се согласуваат.<br>Родителите (88,4%) во анкетниот прашалник потврдуваат дека наставниците навистина ги прилагодуваата задачите и активностите според потребите на учениците, а само 11,6% велат дека не се согласуваат или немаат информација. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ○ Програма за работа на училиштето<br>○ Распоред за додатна и дополнителна настава<br>○ Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава<br>○ Правилник за оценување и напредување на учениците<br>○ Интерен правилник за оценување<br>○ Увид во педагошката евиденција и документација<br>○ Користените инструменти за оценување<br>○ Примери на оценети ученички трудови<br>○ Записници од | Училишна политика за оценување | Училиштето има јасно воспоставена политика за оценување и ги следи националните стандарди и критериуми за оценување на постигањата на учениците утврдени од страна на БРО. Училиштето има формирано и активно функционираат стручни активи во кои наставниците разменуваат искуства, ги усогласуваат критериумите и предлагаат подобрувања во наставниот процес. Во истражувањето за информираноста на учениците и родителите за критериумите за оценување, резултатите покажаа висока согласност, 98,8% од наставниците се согласуваат дека ги запознаваат учениците со тоа што треба да знаат и умеат за да постигнат различни оценки. Од друга страна, во однос на родителите, 79,2% се согласуваат дека наставниците ги информираат за критериумите за оценување. Мал дел (20,8%) од родителите или не се согласуваат со ова или немаат информација. Учениците во најголем дел односно 87,9% потврдуваат дека однапред се информирани за тоа што се очекува од нив во текот на наставата, кои содржини треба да ги совладаат, кои вештини да ги развијат и како ќе бидат оценувани, а мал дел или 12,1% не се согласуваат или немаат информација за начинот на оценување. Иако постојат јасни критериуми за оценување, анкетите покажуваат дека кај мал дел од родителите и учениците сè уште постои недоволна информираност за тие критериуми. Оценувањето е систематско, транспарентно и има за цел да ги поддржи и мотивира учениците во нивниот развој. Тоа го покажуваат и анализите од добиените одговори од прашалниците кои покажуваат генерално усогласени ставови меѓу наставниците, учениците и родителите во однос на транспарентноста, поддршката и правичноста при оценувањето. Наставниците посочуваат дека даваат насоки за поуспешно учење 76,9% целосно, а 23,1% се согласуваат со ова. Овој став е поддржан и од 90,6% од родителите, кои сметаат дека наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| стручните активи, наставничкиот совет<br>○ Анкети со ученици и наставници, родители/старатели<br>○ Инструменти за индивидуализирани начини на проверка<br>○ Дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели<br>○ Интервјуа со директорот, стручните соработници<br>○ Извештаи од посети на наставен час | | им помагаат на нивните деца да се насочат во учењето. Најголем дел од учениците или 84,7% се чувствуваат охрабрено и се согласуваат дека добиваат поддршка и мотивација за учество во проекти. Кога станува збор за правичноста, 70,9% од учениците се согласуваат дека оценувањето е праведно, додека 24,1% од учениците не се согласуваат, а 5% немаат информација. Наставниот кадар континуирано спроведува формативно оценување со користење на различни инструменти, како што се усна и писмена повратна информација, тестови, домашни задачи, проекти, портфолија и самооценување. Овој пристап овозможува редовно следење на напредокот и давање насоки за подобрување. Покрај формативно оценување наставниците спроведуваат и сумативното оценување кое се реализира на крајот на наставните периоди за сумирање на знаењата и вештините на учениците. Најголемиот дел од родителите, односно 97,2% се изјасниле дека се согласуваат со редовното информирање за постигањата на учениците во текот на целата учебна година. Исто така 86,4% од родителите се согласуваат дека ги користат можностите за директна комуникација со наставниците преку индивидуални средби. Кога станува збор за добивање повратна информација за причините за добиената оценка, 91,9% од учениците се изјасниле дека добиваат објаснување од наставниците, а 8,1% не се согласуваат или немаат информација. Резултатите од оценувањето служат за прилагодување на наставните методи и активности, идентификување потешкотии и обезбедување дополнителна поддршка на учениците. Напредокот на учениците со посебни образовни потреби се следи преку инклузивен тим кој во соработка со наставниците навремено дава поддршкаи насоки при појава на потешкотии. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Процесот на оценување во училиштето се базира на различни методи, форми и инструменти кои обезбедуваат целосна и објективна проценка на напредокот на учениците. Во текот на учебната година, наставниците применуваат комбиниран пристап кој вклучува како традиционални методи на оценување така и иновации во зависност од предметот и потребите на учениците. Оценувањето се спроведува континуирано. Формативно оценување се користи за следење на напредокот на учениците и за откривање на нивните силни и слаби страни во текот на наставата. Тоа вклучува активности како што се кратки тестови, усни одговори, домашни задачи, практични задачи, портфолија, |

| | | |
|---|---|---|
| | | чек-листи, самооценување, меѓусебно оценување, дискусии, дебати и сл. Овој метод овозможува наставниците да интервенираат и да го насочат процесот на учење на време, пред учениците да го завршат материјалот. Покрај формативното оценување, наставниците редовно спроведуваат и сумативно оценување, кое се реализира на крајот од наставните периоди и служи за целосно сумирање на стекнатите знаења и вештини на учениците кои се оценуваат според утврдени критериуми. Оценувањето на учениците претставува значаен сегмент од наставниот процес, а податоците од анкетите за наставниците и увидите од практиката укажуваат на високо ниво на примена на современи методи, форми и инструменти за следење и вреднување на постигнувањата. Ова покажува дека наставниците се свесни за важноста на разновидноста во методите на оценување и ги адаптираат според потребите на учениците. Во однос на вклученоста на учениците во процесот на оценување, 94,9% од наставниците се согласуваат дека учениците редовно се вклучени во активности како самооценување, меѓусебно оценување и дефинирање критериуми за оценување. Оваа практика придонесува за зголемена самосвесност кај учениците и ја поттикнува нивната одговорност и самостојност во процесот на учење. На прашањето дали наставниците ги известуваат за нивниот напредок и начинот на кој можат да го подобрат 83,9% од учениците се изјасниле дека се согласуваат, а 16,1% од учениците не се согласуваат или немаат информација. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Во табелата подолу е прикажан просечниот успех на учениците за последните три години, како на полугодие, така и на крајот од учебната година. Податоците го прикажуваат и коефициентот на успех, кој го покажува односот помеѓу оценките од полугодие и крајните оценки. Оваа анализа овозможува увид во тоа дали учениците оствариле значителен напредок во текот на годината и колку крајниот успех ја рефлектира нивната работа и резултати. |

| | | Учебна 2022 / 2023 година |
|---|---|---|
| | | (see tables below) |

**Учебна 2022 / 2023 година**

Седмо одделение

| VII-1 | | | VII-2 | | | VII-3 | | | VII-4 | | | VII-5 | | | VII-6 | | | VII одд | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент |
| 4.1 | 4.37 | 0.94 | 3.87 | 4.16 | 0.93 | 3.46 | 3.8 | 0.91 | 4.18 | 4.5 | 0.93 | 3.71 | 3.96 | 0.94 | 3.88 | 4.12 | 0.94 | 3.87 | 4.15 | 0.93 |

Осмо одделение

| VIII-1 | | | VIII-2 | | | VIII-3 | | | VIII-4 | | | VIII-5 | | | VIII-6 | | | VIII одд | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент |
| 3.55 | 3.87 | 0.92 | 4.24 | 4.55 | 0.93 | 3.62 | 3.86 | 0.94 | 3.65 | 3.97 | 0.92 | 3.99 | 4.23 | 0.94 | 4.07 | 4.36 | 0.93 | 3.85 | 4.14 | 0.93 |

Деветто одделение

| IX-1 | | | IX-2 | | | IX-3 | | | IX-4 | | | IX-5 | | | IX-6 | | | IX одд | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент |
| 3.59 | 3.94 | 0.91 | 3.87 | 4.18 | 0.93 | 4.07 | 4.40 | 0.93 | 4.14 | 4.86 | 0.93 | 3.83 | 4.22 | 0.91 | 3.17 | 3.59 | 0.88 | 3.78 | 4.13 | 0.91 |

**Учебна 2023 / 2024 година**

Седмо одделение

| VII-1 | | | VII-2 | | | VII-3 | | | VII-4 | | | VII-5 | | | VII-6 | | | VII одд | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент |
| 3.70 | 3.96 | 0.93 | 4.31 | 4.49 | 0.96 | 3.93 | 4.13 | 0.95 | 4.58 | 4.89 | 0.94 | 3.84 | 4.10 | 0.94 | 3.82 | 3.98 | 0.96 | 4.03 | 4.26 | 0.95 |

Осмо одделение

| VIII-1 | | | VIII-2 | | | VIII-3 | | | VIII-4 | | | VIII-5 | | | VIII-6 | | | VIII одд | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент |
| 4.00 | 4.21 | 0.95 | 3.77 | 4.09 | 0.92 | 3.08 | 3.46 | 0.89 | 3.85 | 4.20 | 0.92 | 3.59 | 3.76 | 0.95 | 3.92 | 4.15 | 0.94 | 3.70 | 3.98 | 0.93 |

Деветто одделение

| IX-1 | | | IX-2 | | | IX-3 | | | IX-4 | | | IX-5 | | | IX-6 | | | IX одд | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент | Среден успех на полугодие | Среден успех на край | Коефициент |
| 3.86 | 4.09 | 0.94 | 4.40 | 4.61 | 0.95 | 3.90 | 4.18 | 0.93 | 3.72 | 4.09 | 0.91 | 4.20 | 4.39 | 0.96 | 4.43 | 4.64 | 0.95 | 4.09 | 4.33 | 0.94 |

**Учебна 2024 / 2025 година**

**Седмо одделение**

| Паралелка | Среден успех на полугодие | Среден успех на крај | Коефициент |
|---|---|---|---|
| VII-1 | 3.65 | 4.01 | 0.91 |
| VII-2 | 4.10 | 4.47 | 0.92 |
| VII-3 | 4.22 | 4.46 | 0.95 |
| VII-4 | 4.24 | 4.53 | 0.94 |
| VII-5 | 4.08 | 4.28 | 0.95 |
| VII-6 | 3.32 | 3.64 | 0.91 |
| VII одд | 3.94 | 4.23 | 0.93 |

**Осмо одделение**

| Паралелка | Среден успех на полугодие | Среден успех на крај | Коефициент |
|---|---|---|---|
| VIII-1 | 3.50 | 3.82 | 0.92 |
| VIII-2 | 4.08 | 4.38 | 0.93 |
| VIII-3 | 3.61 | 3.94 | 0.92 |
| VIII-4 | 4.61 | 4.83 | 0.95 |
| VIII-5 | 3.60 | 3.87 | 0.93 |
| VIII-6 | 3.66 | 3.93 | 0.93 |
| VIII одд | 3.84 | 4.13 | 0.93 |

**Деветто одделение**

| Паралелка | Среден успех на полугодие | Среден успех на крај | Коефициент |
|---|---|---|---|
| IX-1 | 4.12 | 4.35 | 0.95 |
| IX-2 | 4.02 | 4.29 | 0.94 |
| IX-3 | 3.49 | 3.87 | 0.90 |
| IX-4 | 4.13 | 4.43 | 0.93 |
| IX-5 | 3.53 | 3.79 | 0.93 |
| IX-6 | 3.98 | 4.31 | 0.92 |
| IX одд | 3.88 | 4.17 | 0.93 |

Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9 што укажува дека коефициентот е стабилен, односно оценувањето е доследно со мали разлики меѓу полугодие и крај на година.

| | 7 одд. | 8 одд. | 9 одд. |
|---|---|---|---|
| **Коефициентот на континуитет на успехот во учебна 2022/2023** | **0.93** | **0.93** | **0.91** |
| **Коефициентот на континуитет на успехот во учебната 2023/2024** | **0.95** | **0.93** | **0.94** |
| **Коефициентот на континуитет на успехот во учебната 2024/2025** | **0.93** | **0.93** | **0.93** |
| **Коефициентот на континуитет на успехот од трите претходни последователни години** | **0.94** | **0.93** | **0.93** |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците покажуваат висок степен на усогласеност (73,1% и 26,9% ) дека редовно ги информираат учениците за нивните постигнувања и областите што треба дополнително да ги усовршат за да ги остварат своите очекувања. Значителен дел или 76,9% од нив целосно се согласуваат дека им даваат насоки |

| | | |
|---|---|---|
| | | за поуспешно учење, додека останатите 23,1% се согласуваат со оваа пракса, што укажува на доследна примена на повратната информација во наставата. Голем дел од родителите, односно 90,6%, се согласуваат дека наставниците им даваат насоки на нивните деца како да учат поуспешно. Дополнително, 89,9% од родителите се изјасниле дека на нивните деца им е овозможено да посетуваат дополнителна или додатна настава, што укажува на постоење на поддржувачки пристап кон индивидуалните потреби на учениците. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Разговор со Директорот<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Разговор со стручна служба<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава и СУА<br>• Пофалници<br>• Годишна програма за работа<br>• Официјални страни на акредитирани здруженија<br>• Благодарници<br>• Анкета | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Во Училиштето се организираат краткотрајни и долготрајни воннаставни активности. Најголем дел од наставниците 96,2% планираат и реализираат воннаставни активности, а 79% од родителите (од вкупно 139 анкетирани) го потврдуваат тоа. Останатите 21% од родителите не се согласуваат со оваа тврдење или немаат информација за вонанаставните активности. Во вонннаставните активности опфатен е значителен број на ученици. Секој ученик се пронаоѓа во барем една вонннаставна активност која му е интересна и каде може да ги истакне своите способности. Постојат и примери за вклучување на ученици со ПОП во вонннаставни активности како што се одбележување на Светски ден на лица со попреченост, Светски ден на лица со Даунов синдром, учество во училишни приредби по повод Ден на училиштето и други активности. Во училиштето веќе втора година по ред активно се реализира програмата „Млади Атлети“ во која учествуваат ученици на возраст од 3 до 12 години.<br>Во изминатите две учебни години во училиштето беа реализирани активности во рамки на училишен проект „Велигденски празник-празник за очи“.<br>Ученичкото организирање (Ученички парламент) во целост ги исполнува сите свои задачи и поттикнува соработка и покренува иницијативи за повеќе активности од општествено-хуманитарна важност меѓу кои: посета на општествено-одговорни компании, организирани акции за рециклирање, собирни акции за помош во вид на храна, пари или облека за помош на социјално загрозени семејства (во соработка со „Црвен Крст“ Кумановом, соработка со здружение хуманитарна организација „Let’s Spread Love“ - Шириме љубов). Се организираат и реализираат посети на институции од научно- |

| | | |
|---|---|---|
| • Web портал | | истражувачки, едукативен и забавен карактер со претходно изработени програми за реализирање на воннаставни активности одобрени од БРО. Редовно се организираат спортски активности во училиштето,согласно Годишна програма за работа на Училишен спортски клуб, имплементирана во Годишна програма за работа на училиштето. Училиштето практикува соработка со други училишта и релевантни партнери од општината за реализирање на разни спортски активности. Редовно се вклучуваат ученици во квиз-натпревари организирани од страна на СВР Куманово и Општински совет за превенција против детско претстапништво. Оваа учебна година училиштето имаше соработка со родител кој е професионален енергетски психолог и инструктор, која преку креативна работилница исткаена со игри и вежби за дишење на нашите ученици им покажа техники за надминување на страв, паника и несигурност. Одржани се работилници со партнер-училиште заунапредување на мултикултурализмот, развивање на толеранција и соработка помеѓу ученици од македонска и албанска етничка припадност. Во рамките на Училиштето се организираат маскенбали, приредби, предавања, како и масовни работилници – базари во соработка со Совет на родители. Редовно се изведуваат излети до блиската околина и екскурзии со однапред изготвен план и програма за нивно успешно реализирање. Учениците-новинари членови на училиштен медиумски клуб „РИНГ МЕДИА“ (Рацинов Информациски Научен Гласник) како дел од проектот за медиумска писменост „Младите размислуваат“ во соработка со Македонскиот институт за медиуми (МИМ), реализираа повеќе новинарски видео прилози кои се однесуваат на теми поврзани со интереси на учениците. Од јануари 2025 г. активностите на медиумскиот клуб „Ринг Медиа“ во соработка со Медиумскиот институт за медиуми се ставени во мирување по насоки од МИМ за ревизија на проектни активности во рамки на УСАИД кои крајно се стопирани на дрѓавно ниво. Дел од воннаставните активните се реализираат во соработка со повеќе невладини организации, фондации, банки, здруженија на граѓани, збратимени или партнер училишта на локално, регионално, државно и меѓународно ниво преку Еразмус + проекти и eTwinning проектот MINDFULNET. Реализираните активности се истакнуваат на веб портал и фан страна на училиштето тековно. Треба да се напомене дека планираните активности за Еразмус + проекти за учебната 2024/25 година исто така се ставени во мирување |

| | | |
|---|---|---|
| | | поради државна ревизија на Еразмус проекти. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Во повеќето воннаставни активности се вклучени по минимум 15 ученици. Секој ученик се пронаоѓа во барем една воннаставна активност која му е интересна и каде може да се самоискаже и самодокаже. Не се прави разлика при вклучувањето на учениците во однос на полот, етничката припадност, социјалниот статус или нивните можности и способности. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Голем дел од наставниците 96,2% планираат воннаставни активностии истите се изготвени според транспарентна процедура, а само 3,8% се изјасниле дека не се согласуваат или не планираат и реализираат. Во училиштето се реализираат воннаставни активности со флексибилни програми и давање можност за измена на истите. Учениците учествуваат со свои предлог содржини и активности за реализација на програмите, но сепак постои образовна рамка која ги формализира тие активности во рамки на планирањата. Бројот на ученици-учесници е на доброволна база бидејќи наставниците немаат инструменти за детектирање на талентираните ученици. 75,8 % ученици од анкетираните се согласуваат дека имаат избор да се вклучат во активност по сопствена желба. Останатите 15,3% (од вкупно 124 анкетирани ученици) не се согласуваат со тврдењето дека се вклучени во изборот и планирањето на воннаставни активности, или немаат информација за истите. |
| | Натпревари | Поголем дел од наставниците (89,7% од анкетираните) планираат и реализираат училишни подготвителни часови за натпревари, како и меѓуодделенски натпревари на ниво на генерации, како селекција за понатамошните натпреварувања на училишно, општинско, регионално, државно или повисоко ниво. Учениците земаат учество на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници како и во други активности од натпреварувачки карактер, и секогаш постигнуваат високи резултати со што го промовираат Училиштето и придонесуваат да се задржи високиот рејтинг на истото. Учениците јавно се пофалуваат на училишниот разглас, интернет страница на Училиштето, во медиуми (социјални мрежи и ТВ), а на крајот на учебната година на свечено доделување на благодарници и пофалници и прогласување на истакнати ученици и ученик на генерација. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Наставниците пред почетокот на учебната година своите планирања ги доставуваат на посебна електронска адреса на училиштето. Планирањата ги следи директорот и педагогот на училиштето во текот на учебната година, повремено и по потреба им дава подршка за подобрување. Во рамки на постојаното унапредување на квалитетот на наставниот процес како и изборот на обуки и стручно усовршување на наставниците се врши согласно со индивидуалните потреби и образовниот профил на наставникот. Училиштето обезбедува акредитирани обуки за наставниците и стручните соработници понудени од страна на БРО. Стекнатото знаење наставниците и стручните соработници го пренесуваат на ниво на стручни активи на наставници кои имат сродни предмети/раководители на паралелки и слично. Секој наставник води евиденција за посетените обуки и применетите знаења во наставната практика. Координацијата помеѓу овие три компоненти овозможува ефективна и креативна образовна средина во која наставниците во нашето училиште играат клучна улога како организатори, ментори и подржувачи на индивидуалниот напредок на секој ученик. Индивидуалната соработка на наставниците со други училишта од општината и регионот нуди размена и прилагодување на материјали за работа, како и учества на различни манифестации и натпревари. Во случај на отсустно од страна на наставниците од најразлична причина, наставата се реализира редовно и непречено од страна на стручните соработници или наставник од ист или сроден наставен предмет.<br>Настава во Училиштето се реализира според пропишаниот обем, Концепција за основно образование, инклузивно образование и редовно според календарот за работа од МОН. Во случај на отсуство, наставата се реализира со замена или соодветен кадар од Училиштето. Изборот на слободни изборни предмети и активности се во согласност со Концепцијата за основно образование и Водичот за слободни изборни предмети за основно образование. Родителите, во зависност од интересите на своето дете, одлучуваат за изборниот предмет.<br>Наставниците кои предаваат на ученици со ПОП со или без образовен асистент изготвуваат и го прилагодуваат НПП според нивните способности, а по потреба, се користи диференциран и индивидуализиран пристап за ученици со потешкотии во учење. За време на наставата образовниот асистент помага и ја прилагодува наставната единица/содржина за нејзино полесно совладување и усвојување. Се користат различни методи и техники, монтесори помагала, наставни нагледни средства, како и сензорната соба за индивидуализиран пристап.<br>Наставниците соработуваат со учениците, ги разбираат, прифаќаат и почитуваат. Еднакви можности се обезбедени за вклучување на сите ученици. За време на наставните часови се создаваат еднакви можности за учество за сите ученици, а со интеракција наставник/ученик и примена на современи методи и техники се постигнуваат поставените цели на часот. Најголем дел од наставниците ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања на часовите кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе. Сите наставници применуваат активности кои поттикнуваат интеракција помеѓу учениците. Најголем дел од родителите сметаат дека нивното дете може да се изрази на часовите, а поголем дел од учениците сметаат дека сите ученици активно се вклучени во наставата.<br>При запишување во прво одделение, од страна на стручна служба или со веќе приложена МКФ проценка, се евидентираат ученици со посебни образовни потреби. Во текот на образовниот процес, од страна на наставниците, може да се забележат ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини или се со посебни образовни потреби. За потребите на учениците со физичка |

попреченост приспособен е пристапот во училиштето, просторот во ходниците и пристапот до тоалетите. Училишен инклузивен тим кој се состои од 7 (седум) члена и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Има изработено Програма за работа на инклузивниот тим, како и инклузивен тим со членови за ученик ИТУ (за секој ученик посебно) и програма за истиот. Секој тим е раководен од дефектологот во Училиштето. Секој тим за секој ученик изработува ИОП, односно секој наставник за ученикот на кој му предава. Согласно законската регулатива инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети. Училиштето соработува со ОУРЦ „Иднина" – Скопје преку кое се обезбедуваат образовни асистенти за ученици со проценка според МКФ (Меѓународна класификација на функционалности). Наставниците имаат посетено повеќе интерни обуки организирани од страна на стручните соработници, вебинари и обуки кои сами ги финансираат за работа со ученици со попреченост. Образовните асистенти во нашето училиште имаат одлична соработка со наставниците и со родителите и со целиот инклузивен тим. Образовните асистенти, во соработка со дефектологот, постојано организираат работилници, спортски активности, учества во одбележување на Денот на Училиштето и приредби за учениците со посебни образовни потреби. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. Најглемиот дел од родителите сметаат дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите спрема индивидуалните потреби на нивното дете.

Училиштето има Тим за училишна интеграција кој има изработен план за следење на активностите на ниво на Училиштето. Училиштето има потпишано Меморандум за соработка со ООУ „Толи Зордумис" Куманово, за реализација на заеднички активности за меѓуетничка интеграција и толеранција. Во законски рамки училиштето доставува квартални, полугодишни и годишни извештаи за МИО. Најголем дел од наставници планираат и реализираат МИО содржини во рамки на редовните часови и вонннаставни активности. Половина од родителите и поголем дел од учениците тврдат дека биле вклучени во активност со ученици кои учат на различен јазик.

Наставниците редовно дискутираат со учениците за актуелни и тековни содржини од секојдневниот живот и разменуваат искуства и идеи. Во планирањата, тековно се интегрираат содржини кои ги оспособуваат учениците за решавање проблеми во реалниот живот и нивното учество и придонес во рамките на општеството. За време на часовите учениците се поттикнуваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат. Содржините во наставните планови и програми, според прирачникот за „Образование за животни вештини" целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој кај учениците од различна родова и етничка припадност како и развивање на вештини кои им користат во другите наставни предмети и во секојдневниот живот. Најглем дел од учениците го доживуваат училиштето како мотивирачка средина во која се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација и толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните потенцијали и други вештини за самостојно и критичко размислување. Најголем дел од учениците сметаат дека на часовите се користат различни материјали и извори за учење и дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, со што се согласуваат и најголем дел од родителите. Истовремено имаат слобода да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за сите нејаснотии. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците со давање афирмативни коментари за активностите истакнувајќи ги јавно во рамки на одреден временски период при што посебен акцент се става на поттикнување на самодоверба при изнесување на својот личен став. Секако, се води грижа и за слабите страни на ученикот -индивидуален разговор. Учениците имаат на располагање слободен пристап до училишната библиотека, кабинети кои се опремени со соодветна опрема и кои помагаат во осовременување на учењето. Голем дел од наставниците тврдат дека имаат асистиивна технологија на располагање за работа со ученици со ПОП. Најголем дел од родителите сметаат дека часовите им се интересни на нивните деца, дека училиштето е мотивирачка средина.

Во тек на наставниот процес преку примена на различни наставни техники и методи како и современа интерактивна техника, наставниците успешно ги препознаваат индивидуалните образовни потреби на учениците со што им овозможуваат полесно совладување на наставниот материјал. Најголем дел од наставниците ги поттикнуваат учениците да бараат дополнителни и додатни задачи според нивните потреби, а со ова се сложуваат и најголем дел од родителите. Во соработка со стручната служба се реализираат активности и работилници за надминување на сите нејаснотии, како кај учениците кои потешко напредуваат така и кај појаките ученици. Дел на наставниците имаат посетено обука за надарени и талентирани ученици, иако, и до сега Училиштето вложуваше голем труд и напори за работа со оваа категорија на ученици.

Во училиштето постои систематски пристап кон оценувањето и повратната информација. Родителите редовно добиваат информации за постигнувањата преку родителски состаноци, електронски дневник и индивидуални консултации. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9.

Оценувањето им овозможува на наставниците да ги идентификуваат силните и слабите страни на учениците, да приспособат наставни планови и да применат поефикасни стратегии. Учениците кои побавно или побрзо напредуваат добиваат индивидуална поддршка, дополнителни материјали или посебни образовни програми. Дополнително, наставниците подготвуваат извештаи и анализи по класификациони периоди, при што учениците добиваат редовни повратни информации за својата работа. Повратната информација е конструктивна и ги охрабрува учениците да го развиваат критичкото мислење и да учествуваат активно во наставата. Сепак, генералната слика што произлегува од анкетите е позитивна – најголемиот дел од учениците и родителите сметаат дека оценувањето е праведно и транспарентно и дека повратните информации што се добиваат од наставниците придонесуваат кон унапредување на постигнувањата.

Преку учество во воннаставните активности учениците ја развиваат својата индивидуалност, се поттикнува нивната креативност, се развива комуникација и толеранција, што пак резултира во подобрување на нивните постигања и развивање на нови вештини.

Училиштето секогаш позитивно одговара на покани за учество на натпревари, манифестации, настани, ликовни и литературни конкурси, предавања, дебати, хуманитарни акции, со што се надградува знаењето, се развива и негува натпреварувачки дух и се поттикнува критичкото размислување на ученикот како претставник на Училиштето и дел од општеството.

**Силни страни**

- Соработка помеѓу наставниците на ниво на стручни активи, одговорно и континуирано го планираат наставниот процес, со јасно дефинирани цели, активности и очекувани резултати од страна на учениците.
- Соработка со ОУРЦ „Иднина“ – Скопје е на високо ниво при што е овозможена и обезбедена образовна асистенција за ученици со ПОП кои претходно имаат направено МКФ проценка (Меѓународна класификација на функционалности).
- Училиштето е Инклузивно и наставниот процес е насочен кон прифаќање и почитување на различностите. Ученици се чувствуваат прифатени и рамноправно вклучени во наставата.
- Наставата се одвива преку интерактивни методи и активности со практична примена, со што се поттикнуваат развојот на функционални знаења, решавање на реални проблеми и градење граѓански компетенции.
- Наставниците активно работат на развивање на критичко мислење преку охрабрување на учениците да поставуваат прашања,

аргументираат и носат заклучоци.

- Повратната информација е конструктивна и насочена кон поддршка и охрабрување. Се избегнува јавно истакнување на слабостите на учениците, што придонесува за позитивна училишна клима и градење самодоверба.
- Се применуваат различни стратегии за мотивација, адаптирани на индивидуалните потреби и интереси на учениците, што укажува на флексибилен и ученик-центриран пристап во наставата.
- Континуирано и објективно оценување, со одржан коефициент на усогласеност над 0,9.
- Врвни постигнувања на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво на натпревари кое допринесува за поттикнување и пренесување на работната атмосфера во училницата помеѓу соучениците.
- Високо развиено чувство на волонтеризам, спроведување на хуманитарни и собирни акции кај голем број на ученици, родители и наставници што ја покажува и поттикнува меѓусебна отвореност за соработка на сите чинители, развивање на емпатија кај учениците, родителите и наставниците.
- Работа на училиштен медиумски клуб „РИНГ МЕДИА“ (Рацинов Информациски Научен Гласник) во чии рамки учениците развиваат вештини за медиумска писменост.

**Слаби страни**

- Недостаток од асистивна технологија во сензорна соба за работа со ученици со ПОП.

**Приоритети**

- Набавка асистивна технологија за користење во сензорна соба.

**Подрачје 2:**

**ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Координатор на тимот: Магдалена Божиновска Стојанова**

**Членови на тимот: Фросина Јовановска Антевска, Фросина Арсовска, Бисера Јордановска, Марија Стојановска, Елена Јовановска и Ивана Банчоковска.**

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>• Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**<br>• Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Училишни програми и извештаи<br>• Самоевалуација<br>• Записници од стручните органи на училиштето<br>• Извештаи од стручната служба<br>• Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето<br>• Досиеја на учениците<br>• Интервју со директор и стручна служба<br>• Е-дневник<br>• Анализи на успехот на учениците<br>• Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците<br>• Интервјуа со стручна служба<br>• Медицинска документација на ученици<br>• ИОП | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето користи, прибира и анализира податоци за постигање на учениците според полот, јазикот на наставата, по сите наставни предмети за сите класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги анализира и елаборира постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет.<br>Во училиштето наставата се изведува само на македонски наставен јазик. Според етничката припадност најголем број од учениците се Македонци (98,75%), мал број се Срби (1,07%), Роми (0,09%) и останати етникуми (0,09%). Училиштето промовира уверување (докази) дека учениците без разлика на етничка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус, покажуваат резултати според своите можности и способности.<br>Согласно анализите на успех по класификациони периоди за учебната 2023/24 година утврдено е дека девојчињата скоро секогаш постигнуваат поголем успех од момчињата во сите одделенија, освен во седмо одделение, на крај на третото тримесечје каде момчињата имаат поголем среден успех од девојчињата (обележано во табела). |

| Среден успех на учениците во учебната учебната 2023/24 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одд | I тримесечје | | полугодие | III тримесечје | Крај на учебна година |
| 7 | с | 3,94 | 4,07 | 4,03 | 4,25 |
| | м | 3,67 | 3.83 | 4,74 | 4,00 |
| | ж | 4,20 | 4.31 | 4,32 | 4,50 |
| | с | 3,56 | 3,69 | 3,70 | 4,00 |

- Прашалници од наставници, ученици и родители
- Записници од Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Наставнички совети
- Табеларни прегледи по тримесечја и квалификациони периоди за постигањата на учениците
- Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата
- Список на деца од реонот на училиштето што треба да се запишат во прво одделение, основно образование (од надлежните служби на Министерството за внатрешни работи)
- Евидентни листови за постигањата на успехот на учениците
- Увид во педагошка евиденција и во документација
- Покани за родителски состаноци за секој квалификационен период

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | м | 3,18 | 3,34 | 3,33 | 3,66 |
| | ж | 3,94 | 4,04 | 4,07 | 4,34 |
| 9 | с | 3,88 | 4,02 | 3,98 | 4,29 |
| | м | 3,83 | 3,95 | 3,89 | 4,20 |
| | ж | 3,93 | 4,09 | 4,07 | 4,38 |

Вкупно среден успех по пол:

- Среден успех на девојчиња 4,49;
- Среден успек на момчиња 4,20

Податоците од анализа на успех од учебната 2024/25 година исто така покажуваат дека девојчињата постигнуваат подобри резултати од момчињата, и тоа со најголем среден успех на девојчињата од 9 одд. на крајот од третото тримесечје (4,30), а најмал на девојчињата од 7 одд. на крајот од првото тримесечле (3,94). Момчињата од 7 одд. имаат највисок среден успех на полугодие (3,96), додека најмал успех се бележи кај момчињата од 8 одд. на крајот од првото тримесечје од истата учебна година (3,41).

| Среден успех на учениците во учебната учебната 2024/25 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одд. | I тримесечје | | полугодие | III тримесечје |
| 7 | с | 3,87 | 4,01 | 4,01 |
| | м | 3,80 | 3,96 | 3,94 |
| | ж | 3,94 | 4,06 | 4,08 |
| 8 | с | 3,71 | 3,85 | 3,81 |
| | м | 3,41 | 3,56 | 3,50 |

за постигањата на учениците

- Записници од индивидуални средби со родители во печатена форма и во Е-дневник
- Распоред со термини за консултации со родители

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ж | 4,01 | 4,14 | 4,11 |
| 9 | с | 3,75 | 3,90 | 4,07 |
| | м | 3,41 | 3,53 | 3,84 |
| | ж | 4,15 | 4,26 | 4,30 |

Вкупно среден успех по пол:

- Среден успех на девојчиња 4,16
- Среден успек на момчиња 3,76

Во учебна 2023/24 год. согласно анализата за успехот на учениците според наставни предмети и квалификациони периоди, најдобри резултати учениците постигнале по вештините, уметностите и јазиците, нешто послаби постигнувања се евидентирани по општествените науки, а најслаби постигнувања има по природните науки (математика, географија, физика, хемија и биологија).



| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Во учебна 2024/25 год. најслаби постигнувања има по природните науки математика, географија, физика, хемија и биологија |

| | | |
|---|---|---|
| | | НАЈНИЗОК СРЕДЕН УСПЕХ VII ОДД.
Учебна 2024/25 год.
3.6
3.4
3.2
3
2.8
3.16
3.3
3.23
3.21
3.41
3.39
3.4
3.45
3.54
I тримесечје
полугодие
III тримесечје
математика
географија
биологијаНАЈНИЗОК СРЕДЕН УСПЕХ VIII ОДД.
5
4
3
2
1
0
2.83
3.03
3.16
3.07
3.19
3.81
3.38
3.57
3.6
физика
математика
географија
Учебна 2024/25 год. I тримесечје
Учебна 2024/25 год. полугодие
Учебна 2024/25 год. III тримесечјеНАЈНИЗОК СРЕДЕН УСПЕХ IX ОДД.
3.8
3.6
3.4
3.2
3
2.8
2.6
3.03
3.12
3.19
3.18
3.39
3.51
3.38
3.57
3.47
3.57
физика
математика
хемија
македоснки јазик
Учебна 2024/25 год. I тримесечје
Учебна 2024/25 год. полугодие
Учебна 2024/25 год. III тримесечје |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците тековно ги следат постигањата на учениците и врз основа на формативно оценување даваат сумативна оценка на крајот од секое тримесечје.<br>Сите податоци се достапни во форма на табеларни прегледи кои се изработуваат за секој класификационен период од страна на одделенските раководители и педагошко-психолошка служба.<br>Најголем број од анкетирани ученици се изјасниле дека континуирано се следени од своите наставници и добиваат поттик за подобрување на успехот, односно од вкупно анкетирани 124 ученици, најголем дел (42,7%) се изјасниле целосно се согласуваат, (45,2%) се согласуваат, (9,7%) не се согласуваат, додека (2,4%) одговориле дека воопшто не се согласуваат.<br>Согласно одговорите на учениците во корелација е и мислењето на родителите кои се изјасниле дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивното дете и тоа: (45,3%) одговориле со целосно се согласувам, (38,8%) се согласувам, (10,1%) не се согласувам, (2,9%) целосно не се согласувам и (2,9%) не знам.<br>Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставни активности (ученички секции, клубови, натпревари, екскурзии, отворени денови, работилници, ученички заедници, општествено-корисна и хуманитарна работа) и за истите уредно се води евиденција во е-дневник на ниво на паралелка од страна на одделенските раководители, како и извештаи од реализираното.<br>На наставничкиот совет се дискутира, разгледува и утврдува успехот на постигањата на учениците индивидуално по предмети, на ниво на паралека, одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот. Воедно наставничкиот совет, дава мислење и за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањето на наставата и учењето.<br>Училишниот одбор ги разгледува извештаите за подобрување на постигањата на учениците од прво и второ полугодие. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од екстерни тестирања | Во учебната 2022/2023 година учениците од четврто одделение беа вклучени во Меѓународна студија ТИМСС 2022 во која се следени постигањата на учениците по математика и природни науки. Основна цел на овие тестирања е преку стандардизирани процедури и инструменти да се дојде до веродостојни податоци за постигнувањата на учениците, што е од особена важност. Резултати од ова тестирање се уште не се добиени.<br>Во учебната 2023/2024 година во рамките на надворешното мерење на постигањата на учениците, нашето училиште беше вклучено по втор пат во Меѓународна студија ТИМСС 2023, во која се следеа постигањата на учениците во 5 то одделение. Од централно училиште беа тестирани 25 ученика, а од подрачните училишта с. Доброшане 10 ученика и с. Биљановце 4 ученика и тоа по предметите природни науки и математика, а беа опфатени истите ученици кои минатата година беа тестирани во 4 то одделение. Резултати од ова тестирање се доставени до училиштето во месец јуни, учебна 2024/25 година. Анализите на постигнувањата се изработени согласно четири нивоа на проценка:<br>- НИВО 4 – скор над 625<br>- НИВО 3 – скор од 550 до 625<br>- НИВО 2 – скор од 475 до 550<br>- НИВО 1 – скор од 400 до 475<br>- ПОД НИВО – скор помалку од 400<br>Постигнувањата на нашите ученици се рангирани на НИВО 1 со скор од 442 до 450.<br>Согласно резултатите добиени од тестирањето по природни науки, направена е анализа со компарација на резултати во однос на тестирање ТИМСС 2019. Од фреквентната дистрибуција на податоците во форма на дијаграм може да се констатираат подобрувања во постигнувања на тестирањето ТИМСС 2023, во однос на ТИМСС 2019. |




При компарација на резлтатите по предмет математика, констатирано е минимално подобрување во однос на резултатите од тестирањето ТИМС 2019.



| | | |
|---|---|---|
| | | На крајот од 2024/25 учебна година, во месецот јуни нашето училиште беше вклучено и во ПИСА тестирање по предметите македонски и математика, со кое беа опфатени 25 ученици од 5 то одделение.<br>Оваа учебна 2024/25 година нашето училиште беше вклучено во Пробно тестирање ПИРЛС 2026 (Меѓународна студија за проверка на способноста на учениците од 9-10 годишна возраст за читање со разбирање). Тестирањето се одвиваше во три паралелки на ниво на 4 - то одделение. Во централното училиште беа тестирани 22 ученика, а од подрачните училишта од с.Орашац–тестирани беа 3 ученика, а од с. Доброшане - тестирани беа 9 ученика.<br>Од овие тестирања се уште немаме добиено резултати. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Учениците со тешкотии во најголем дел се идентификуваат при упис во прво одделение од страна на педагошко-психолошката служба и/или врз основа на доставена медицинска документација, како и во текот на школувањето.<br>Стручната служба има изработено насоки за идентификација на учениците со посебни потреби и потешкотии во учењето, како и на надарени и талентирани ученици.<br>Идентификацијата на учениците со тешкотии во учењето, во текот на школувањето, ја вршат наставниците, а дидактички упатства и насоки за работа со нив добиваат од стручната служба како и преку советодавни разговори во рамки на училишен инклузивен тим и постојана соработка со училишен дефектолог и образовни асистенти на учениците.<br>Поголемиот број (56,4%) од наставниците целосно се согласуваат дека успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учење и 43,6% се согласуваат со ова тврдење.<br>И покрај тоа што не постои механизам за идентификување и работа со талентирани и надарени ученици на институционално ниво, од аспект на ресурсен центар за стручна проценка, насоки и сл., сепак Училиштето како и наставниците прават напори за откривање/детектирање на надарените и талентираните ученици преку примена на прашалници за откривање на надарени и талентирани ученици наменети за ученици, наставници и |

| | | |
|---|---|---|
| | | родители и формираат база на податоци.<br>Во учебна 2023/24 год. од вкупно 84 наставници, 30 од нив (35,7%) посетиле задолжителна акредитирана обука за наставници организирана од БРО за работа со надарени ученици под назив *Стратегии, методи и техники за работа со надарени деца.*<br>Во учебна 2023/24 год. посетена е задолжителна акредитирана обука за стручни соработници организирана од БРО под назив *Инклузивно образование во пракса од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор на Училиштето.*<br>Споредбено поголем број од наставниците се изјасниле дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици и тоа 60,3% од наставниците целосно се согласуваат дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици, 38,5% се согласуваат со ова тврдење, додека 1,2% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека не успеваат да ги идентификуваат надарените ученици. Идентификацијата оди отежнато поради тоа што Училиштето не располага со потребните психодијагностички инструменти, а секако и тој аспект не е регулиран ниту на институционално ниво.<br>Континуирано се следи напредокот на учениците, а подробни анализи се прават на класификационите периоди, при што се донесуваат предлог мерки за подобрување на постигнувањата на учениците. За таа цел се реализира дополнителна настава по сите предмети и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава.<br>Најголем дел од учениците одговориле дека на нивно барање наставниците им организираат дополнителна настава. Според одговорите на учениците 35,5% целосно се согласуваат, 34,7% се согласуваат, 15,3% не се согласуваат, додека 4% воопшто не се согласуваат дека на нивно барање наставниците им организираат дополнителна настава и 10,5% одговориле со не знам/немам информација. Во корелација е и мислењето на родителите, односно 52,5% целосно се согласуваат, 37,4% се согласуваат, 5,8% не се согласуваат, 1,4% |

| | | |
|---|---|---|
| | | воопшто не се согласуваат и 2,9% не знам/немам информација дека наставниците овозможуваат додатна и дополнителна настава за учениците.<br>Училиштето брои вкупно 11 ученици со ПОП и тоа со 9 ученика работат образовни асистенти, а 2 ученици се уште немаат добиено образовни асистенти иако имаат процена од МКФ. Од нив 10 ученици работат по ИОП и 1 ученик работи по модифицира програма. Сите наставници имаат изработено ИОП и работат по диференциран пристап со учениците. За работа со ученици со ПОП и потешкотии во учење од особено значење е и сензорна соба во училиштето. Во училиштето континуирано се одржуваат состаноци со инклузивен тим на училиштето, индивидуални средби и консултации помеѓу наставник и специјален едукатор и рехабилитатор, а по потреба се одржуваат и состаноци на инклузивен тим на ученик.<br>Нешто помал е процентотот на дистрибуција на позитивни одговори кои се однесуваат на организирање на додатна настава за учениците. Имено, 22,6% од учениците одговориле со целосно се согласувам дека доколку сакаат да научат повеќе од предвиденото, наставниците организираат додатна настава, 25% се согласуваат, значителни 29% не се согласуваат, 11,3% воопшто не се согласуваат, додека 12,1% одговориле со не знам. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Постигнувањата на учениците се евидентираат континуирано во електронски дневник со кој е конектиран секој родител преку електронска пошта и/или телефонски број и има достапен увид на дневно ниво. На крај на секој класификационен период одделенските раководители изработуваат Евидентни листови за успех за секој ученик, кој се доставува во печатена и електронска форма до родителите на редовни родителски состаноци по завршување на секој класификационен период, и тоа:<br>Прв образовен период – описно оценување.<br>Втор образовен период – описно и бројчано оценување (крај на учебна година)<br>Трет образовен период – бројчано оценување.<br>Евидентните листови родителите ги потпишуваат во пишана и електронска форма во Е - дневник. Родителски состаноци за известување за успех и постигнувања на учениците се одржуваат четири пати во тек на учебна година, а по потреба пет или повеќе. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училиштето е јасно истакнат распоред на предметните наставници, со назначени приемни денови и термини за консултации со родителите. Одделенските наставници од I до V одделение својот распоред го објавуваат во училниците и ги информираат родителите на првата родителска средба на почетокот на учебната година.<br>Родителите редовно добиваат известување за постигањата на учениците во континуитет на секој класификационен период. Педагошко-психолошката служба известува преку усна или писмена комуникација во форма на консултативно-советодавни средби. Наставниците вршат постојано известување за успехот и постигнувањата на учениците, најпрво преку евиденција на успехот во Е дневник. Дополнително се користат различни форми на комуникација: формални и неформални средби, редовни родителски состаноци (најмалку четири пати годишно), како и индивидуални консултации со родителите, по потреба, за кои уредно се води евиденција од наставниците, како и белешки за консултативни разговори во Е дневник.<br>Од вкупно анкетирани 124 ученици, најголем дел (58,1%) се изјасниле со целосно се согласуваат дека родителите постојано добиваат известување за нивниот напредок, 32,3% се согласуваат, 4,8% не се согласуваат, 2,4% воопшто не се согласуваат, а 2,4% одговориле со не знам/немам информација. Согласно одговорите на учениците, во корелација е и мислењето на родителите кои се изјасниле дека од училиштето редовно добиваат известување за успехот на нивното дете и тоа 45,3% одговориле со целосно се согласувам, 38,8% се согласувам, 10,1% не се согласувам, 2,9% целосно не се согласувам и 2,9% не знам. Од друга страна, и најголем број наставници (42,3%) се изјасниле со се согласувам дека родителите ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивните предмети, 42,3% се изјасниле со целосно се согласувам, 16,7% не се согласувам, а 1,3% одговориле со не знам/немам информација.<br>Овие податоци укажуваат дека училиштето има воспоставен и функционален систем за известување на родителите за ученичкиот напредок, кој се применува доследно и ефикасно. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Извештаи на училиштето<br>• Увид во педагошката евиденција и во документација<br>• Анализи на успехот<br>• Покани за советување на родители/старатели<br>• Програма за советување на ученици и родители<br>• Записници од одржани советувања со родителите/старателите<br>• Самоевалуација<br>• Записници од стручните органи на училиштето<br>• Е – дневник<br>• Распореди и списоци за дополнителна настава<br>• Програми за работа на училиштето<br>• Интервју со директорот, стручната служба и наставниците<br>• Известувања на училиштето до надлежните | Редовност во наставата | Следењето на редовноста на учениците е еден од приоритетите на училиштето, со цел обезбедување на континуирано и квалитетно учество во наставниот процес. Училиштето систематски ја следи редовноста преку редовна анализа и изготвување на годишни извештаи.<br>Во учебната 2023/2024 година, евидентирани се вкупно 31 072 изостаноци, од кои 2 131 се неоправдани, што претставува просек од вкупно 25,36 изостаноци по ученик**.** За споредба, во учебната 2022/2023 година биле евидентирани 25 061 изостаноци, од кои 1640 неоправдани**,** или вкупно 20,52 изостаноци по ученик**.**<br>Овие податоци укажуваат на пораст на вкупниот број изостаноци, како и зголемување на бројот на неоправдани изостаноци, што бара дополнителна ангажираност во унапредување на редовноста.<br>Во текот на учебната 2024/2025 година, заклучно со третото тримесечје, евидентирани се 28 243 изостаноци, од кои 1695 се неоправдани, со просек од вкупно 23,32 изостаноци по ученик. За споредба, во истиот период од претходната учебна година (2023/2024), се евидентирани 21 153 изостаноци, од кои 1731 биле неоправдани, што претставува просек од вкупно 17,25 изостаноци по ученик.<br>Анализата на податоците јасно укажува на тренд на зголемување на вкупните, и благ пад на неоправданите изостаноци во текот на учебните години. Ова бара засилен ангажман од страна на училиштето, преку интензивирање на соработката со родителите/старателите, поддршка од стручната служба, како и примена на превентивни и корективни мерки со цел подобрување на редовноста и ангажираноста на учениците.<br>Училиштето врши редовна анализа на причините за отсуствата (севкупно за оправдани и неоправдани изостаноци) и презема соодветни мерки за подобрување на редовноста на учениците. Во рамки на овие активности се остварува интензивна соработка со родителите/старателите**, како и со** локалната самоуправа, Центарот за социјални работи, граѓански организации |

| | | |
|---|---|---|
| органи (МОН и Државен просветен инспекторат – ДПИ)<br>• Записници од средбите со родителите и локалната самоуправа<br>• Известувања до Центарот за социјални грижи и надлежен орган<br>• Записници од советувања на ученици<br>• Месечен распоред на дополнителна настава и на Веб - страна на училиштето<br>• Квартални, полугодишни и годишни извештаи за постигањата на учениците | | и Ромски образовен медијатор – на кој месечно се доставуваат извештаи за редовноста на вкупно 8 ученици – припадници на ромската заедница.<br>Конкретни мерки кои се спроведуваат вклучуваат:<br>• Посети на домот од страна на одделенските раководители и стручната служба;<br>• Повик на родители/старатели на советување во училиштето;<br>• Испраќање на писмени покани и известувања за отсуство;<br>• Мотивирачки разговори и психосоцијална поддршка за ученици со зачестено отсуствување<br>За сите превземени мерки во однос на подобрување на редовноста на учениците Училиштето води уред на евиденција.<br>Но, и покрај преземените мерки и иако значителен дел од родителите (64%) одговориле со целосно се согласувам, односно 35,5% со се согласувам на прашањето дека училиштето редовно ги известува за редовноста на децата, анализата на податоците укажува спротивен тренд. Имено, зголемениот број на изостаноци, сугерира дека спроведените активности и механизмите за известување не придонесуваат доволно кон подобрување на редовноста и посветеноста на учениците во наставата. Ова укажува на потреба од унапредување на постоечките практики за комуникација со родителите и нивно поактивно вклучување во процесот на превенција и интервенција. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Училиштето реализира советувања на родителите по основ нередовно посетување на наставата, како и намален успех на учениците (со три и повеќе слаби оценки). Советувањето во училиштето се врши врз основа на ориентационен план за одржување на советувањата изготвен од страна на психологот на училиштето согласно Програмата за советување на ученици и родители. Родителите се повикуваат преку архивирани и нумерирани покани. Советувањата за родители се реализираат групно, а по потреба и индивидуално при што се води записник и евиденција за присуство.<br>Најголем дел од родителите се изјасниле дека од училиштето добиваат совети за подобрување на успехот на нивните деца, односно 45,3% одговориле со целосно се согласувам, 38,8% се согласувам дека од училиштето редовно добиваат совети за подобрување на успехот на нивото дете. На прашање кое се однесува за совети кое училиштето ги дава кон родителите за подобрување на однесување на нивното дете, најголем дел |

се согласуваат дека редовно добиваат совети и тоа 47,5% целосно се согласувам и 42,4% се согласувам, или вкупно 89,9% од вкупниот број анкетирани родители.

За извршените советувања со родители/старатели и ученици редовно се известуваат надлежните институции, преку соодветен формулар.

Ученици кои отсуствуваат подолг временски период, односно не посетиле повеќе од 30% од наставата останувaат неоценети и се упатуваат на полагање на одделенски испит на крајот од наставната година.

Во прилог табеларен приказ по квалификациони периоди, за реализирано советување на родители по основ намален успех и нередовно посетување на настава за учебната 2023/24 год. и учебна 2024/25 год.







Согласно добиената дистрибуција на податоци од Анализите изработени од педагошко-психолошка служба може да се утврди дека на полугодие и трето

тромесечје видно е намален бројот на родители кои се повикани за советување по основ намален успех, односно дека, советувањето резултирало со подобрување на успехот на учениците. Бројот на родители кои се повикани на советување по основ нередовно посетување настава, варира, но со значајно намалување на бројот за учебна 2023/24 год, додека за учебна 2024/25 год варира, но останува во константа.

Согласно изработените Анализи за успех по квартали и одделенија, уште еднаш се потврдува фактот дека советувања на родители/старатели и ученици довеле до подобрување на успехот и редовноста кај најголем дел од учениците во изминатите две учебни години, однодно е со тенденција на пораст по завршување на прво полугодие.




| | VII | | | VIII | | | IX | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сите | машки | женски | сите | машки | женски | сите | машки | женски |
| I ТРИМЕСЕЧЈЕ | 3.94 | 3.67 | 4.2 | 3.56 | 3.18 | 3.94 | 3.88 | 3.83 | 3.93 |
| ПОЛУГОДИЕ | 4.07 | 3.9 | 4.31 | 3.69 | 3.41 | 4.04 | 3.91 | 4.09 | 4.29 |
| III ТРИМЕСЕЧЈЕ | 4.03 | 3.74 | 4.32 | 3.7 | 3.33 | 4.07 | 3.98 | 3.89 | 4.07 |
| КРАЈ НА УЧЕБНА | 4.25 | 4 | 4.5 | 4 | 3.66 | 4.34 | 4.29 | 4.2 | 4.38 |




| | VII | | | VIII | | | IX | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сите | машки | женски | сите | машки | женски | сите | машки | женски |
| I ТРИМЕСЕЧЈЕ | 3.87 | 3.8 | 3.94 | 3.71 | 3.41 | 4.01 | 3.75 | 3.41 | 4.15 |
| ПОЛУГОДИЕ | 4.01 | 3.96 | 4.06 | 3.85 | 3.56 | 4.14 | 3.9 | 3.53 | 4.26 |
| III ТРИМЕСЕЧЈЕ | 4.01 | 3.94 | 4.08 | 3.81 | 3.5 | 4.11 | 4.07 | 3.84 | 4.3 |

Четири ученика на крај на учебната 2023/24 година го повторуваа одделението. Еден ученик од 7 одделение, поради нередовна посета на настава е упатен на одделенски испит, а изостанува и од одделенки испит, додека ученик од 8 одд. го повторува одделението поради осум слаби оценки на крај на учебна година. Два ученика од одделенска настава од 2 одделение, во согласност со родители се задржани во исто одделение.
Бројот на изостаноци и советување по основ на нередовна посета на настава за учебна 2024/25 год. во најголем дел се должи и на два ученика од 8 одд. за кои на Наставнички совет на крај на трето тримесечје е усвоена одлука за упатување на одделенски испит поради нередовно посетување на настава.

Во прилог на извештаите се и одговорите на родителите од спроведената анкета каде најголем дел од родителите се изјасниле дека континуирано се информирани за редовноста на нивните деца, односно 64% - целосно се согласувам и 35,3% - се согласувам.

Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

Најголем дел од наставниците им даваат соодветни насоки на учениците како да го совладаат предвидениот материјал притоа успешно идентификувајќи ги учениците со потешкотии како и надарените ученици за што говорат и резултатите од спроведените анкети за наставници, родители и ученици.

Најголем дел од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тоа

| | | |
|---|---|---|
| | | дека наставниците се обидуваат да им го објаснат материјалот на различни начини кога истиот не можат да го совладаат. Односно 43,5% од учениците целосно се согласуаат, 46% се согласуваат, 8,9% не се согласуваат со тврдењето, 0,8% воопшто не се согласуваат, додека 0,8% од учениците одговориле со не знам/немам информација. По однос на ова прашање се јавува подобрување во дистрибуција на одговорите на учениците во однос на резултатите од претходната самоевалуација, според која најголем дел од учениците не се согласуваат дека наставниците се обидуваат да им го објаснат материјалот на различни начини кога истиот не можат да го совладаат.<br>Училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференциран пристап. Најголем дел од родителите се изјасниле дека наставниците овозможуваат дополнителна настава за подобрување на успехот на учениците, како и додатна настава доколку има потреба од тоа. Родителите се изјасниле со (52,5%) целосно се согласуваат дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна настава доколку има потреба од тоа, 37,4% се согласуваат, 5,8% не се согласуваат, 1,4% воопшто не се согласуваат, додека 2,9 % од родителите одговориле со не знам/немам информација. Во корелација е и мислењето на учениците (со нешто помал процентуален соодност) дека наставниците овозможуваат дополнителна настава за подобрување на успехот и тоа: 35,5% од учениците целосно се согласуваат, 34,7% се согласуваат со ова тврдење, 15,3% не се согласуваат со тврдењето, 4% воопшто не се согласуваат со тврдењето, додека 10,5% од учениците одговориле со не знам/немам информација.<br>Наставниците изготвуваат годишен план за реализација на дополнителна и додатна настава. За учениците од 6, 7, 8 и 9 одделение, училиштето на месечно ниво, изготвува распоред за додатна и дополнителна настава кој се истакнува на огласна табла во училиштето и веб страната на училиштето.<br>За учениците од прво до петто одделение, согласно новата концепција наставниците реализираат слободни ученички активности кои се интегрирани во неделниот распоред на учениците во рамки на пет часовен престој на учениците, како и воннаставни активности кои се планирани во Годишна програма на училиштето. Во рамки на 5 часовниот престој на учениците, |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците од одделенска настава организираат и додатна и дополнителна настава согласно потребите на учениците. Наставниците водат евиденција за реализираната дополнителна и додатна настава согласно месечниот распоред, а во корелација со Правилник за водење педагошка евиденција. Најголемиот број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во училиштето се врши анализа и се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи со кои се утврдува подобрувањето на постигањата на учениците кое е резултат и на организирање дополнителна, додатна и диференцирана настава.<br>Најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците ги поттикнуваат во подобрување на нивниот успех, односно 42,7% целосно се согласуваат, 45,2% се согласуваат; 9,7% не се согласуваат, додека 2,4% од учениците одговориле со не знам/немам информација. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето користи, прибира и анализира податоци за постигање на учениците според полот, јазикот на наставата, по сите наставни предмети за сите класификациони периоди и по учебни години. Има воспоставен и функционален систем за комуникација со родителите во врска со ученичкиот напредок. Распоредите за консултации се јавно достапни, а родителите се редовно информирани преку различни форми – Е-дневник, родителски состаноци, индивидуални средби и советодавни разговори. Постигнувањата и напредокот на учениците редовно се анализира и елаборира на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Наставата се изведува само на македонски наставен јазик. Училиштето промовира уверување (докази) дека учениците без разлика на етничка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус, покажуваат резултати според своите можности и способности. Анкетните податоци од ученици, родители и наставници потврдуваат дека ваквата пракса е ефикасна и позитивно прифатена од сите страни. Од вкупно анкетирани 124 ученици, најголем дел (87,9%) се чувствуваат континуирано следени и поттикнати за подобрување на успехот од наставниците, што е во корелација и со дистрибуција на одговорите од анкетните прашалници за родителите (84,1%) кои во најголем дел се согласуваат дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивното дете. Согласно анализите на успех по класификациони периоди утврдено е дека девојчињата скоро секогаш постигнуваат поголем успех од момчињата во сите одделенија.

Вкупно среден успех по пол:

- Среден успех на девојчиња 4,16
- Среден успек на момчиња 3,76

Најдобри резултати учениците постигнале по вештините, уметностите и јазиците, нешто послаби постигнувања се евидентирани по општествените науки, а најслаби постигнувања има по природните науки (математика, географија, физика, хемија и биологија).

Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставни активности (ученички секции, клубови, натпревари, екскурзии, отворени денови, работилници, ученички заедници, општествено-корисна и хуманитарна работа) и за истите уредно се води евиденција во е-дневник на ниво на паралелка од страна на одделенските раководители.

Наставничкиот совет го дискутира, разгледува и утврдува успехот на учениците индивидуално по предмети, на ниво на паралека, одделенија и предлагаат активности за подобрување на истиот. Дава мислење и за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањето на наставата и учењето. Училишниот одбор ги разгледува извештаите за подобрување на постигањата на учениците на крајот од првото и второто полугодие.

Училиштето беше опфатено со Меѓународна студија ТИМСС 2022, ТИМСС 2023 (39 ученици) чија основна цел е преку стандардизирани процедури и инструменти да се дојде до веродостојни податоци за постигнувањата на учениците, што е од особена важност. Резултати од студијата ТИМСС 2022 се уште не се добиени. Во месец јуни во учебна 2024/25 год. Училиштето доби известување за резултати од студија ТИМСС 2023, во која беа следени постигањата на учениците во 5 то одделение по предметите природни науки и

математика. Анализите на постигнувањата се изработени согласно четири нивоа на проценка:

- НИВО 4 – скор над 625
- НИВО 3 – скор од 550 до 625
- НИВО 2 – скор од 475 до 550
- НИВО 1 – скор од 400 до 475
- ПОД НИВО – скор помалку од 400

Постигнувањата на нашите ученици се рангирани на НИВО 1 со скор од 442 до 450.

Согласно резултатите добиени од тестирањето по природни науки, направена е анализа со компарација на резултати во однос на тестирање ТИМСС 2019. Од фреквентната дистрибуција на податоците констатирано е подобрување во постигнувања на учениците во однос на резултатите од студијата ТИМСС 2019.

При компарација на резлтатите по предмет математика, констатирано е минимално подобрување во однос на резултатите од тестирањето ТИМСС 2019.

На крајот од 2024/25 учебна година, во месецот јуни нашето училиште беше вклучено и во ПИСА тестирање по предметите македонски и математика, со кое беа опфатени 25 ученици од 5 то одделение, како и Пробно тестирање ПИРЛС 2026 (Меѓународна студија за проверка на способноста на учениците од 9-10 годишна возраст за читање со разбирање). Резултати за овие тестирања се уште нема.

Идентификацијата на учениците со потешкотии во учење, во најголем дел се врши при упис во прво одделение од страна на педагошко-психолошката служба и/или врз основа на доставена медицинска документација. Во текот на школувањето. детектирањето на истите го вршат и наставниците, а дидактички упатства и насоки за работа со нив добиваат од стручната служба. За учениците со потешкотии во учењето се применува диференциран пристап, наставни средства и помагала за работа во склад со детектираните потешкотии, а по потреба се организира и дополнителна настава. Училиштето брои вкупно 11 ученици со ПОП и тоа со 9 ученика работат образовни асистенти, а 2 ученици се уште немаат добиено образовни асистенти, иако имаат процена од МКФ. Од нив 10 ученици работат по ИОП и 1 ученик работи по модифицирана програма. Сите наставници имаат изработено ИОП и работат по диференциран пристап со учениците. За работа со ученици со ПОП и потешкотии во учење од особено значење е и сензорна соба во училиштето. Во училиштето континуирано се одржуваат состаноци со инклузивен тим на училиштето, индивидуални средби и консултации помеѓу наставник и специјален едукатор и рехабилитатор, а по потреба се одржуваат и состаноци на инклузивен тим на ученик.

Детектирањето на надарените/талентираните ученици се врши од страна на наставниците и стручните соработници со примена на прашалници кои се однесуваат за ученици кои се посочени како надарени/талентирани. Со оглед на тоа што проценка за степен на надареност/талент е прашање кое не е институционално решено на ниво на нашата држава, а дополнително што и училиштето не располага со психодијагностички инструменти, не е извршена идентификација на специфичен вид на надареност. Во зависност од детектирано подрачје на надареност/талентираност кај учениците, наставниците вршат диференцијација во наставни цели и очекувани резултати и организираат додатна настава, во согласност со родителите.

Секако континуирано учениците се мотивираат, насочуваат и подготвуваат за учество на натпревари.
Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

Постигнувањата на учениците се евидентираат континуирано во електронски дневник со кој е конектиран секој родител преку електронска пошта и/или телефонски број и има достапен увид на дневно ниво. На крај на секој класификационен период одделенските раководители изработуваат Евидентни листови за успех за секој ученик, кој се доставува во печатена и електронска форма до родителите на редовни родителски состаноци по завршување на секој класификационен период. Родителски состаноци за известување за успех и постигнувања на учениците се одржуваат четири пати во тек на учебна година, а по потреба пет или повеќе.
Педагошко-психолошката служба известува преку усна или писмена комуникација во форма на консултативно-советодавни средби. Наставниците вршат постојано известување за успехот и постигнувањата на учениците, најпрво преку евиденција на успехот во Е дневник. Дополнително се користат различни форми на комуникација: формални и неформални средби, како и индивидуални консултации со родителите, по потреба, за кои уредно се води евиденција од наставниците, како и белешки за консултативни разговори во Е дневник.
Од вкупно анкетирани 124 ученици, најголем дел (90,4%) се изјасниле дека родителите постојано добиваат известување за нивниот напредок, а во корелација е и мислењето на родителите (84,1%) кои потврдуваат дека од училиштето редовно добиваат известување за успехот на нивното дете. Од друга страна, и најголем број наставници (84,6%) се изјасниле дека родителите ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивните предмети. Овие податоци укажуваат дека училиштето има воспоставен и функционален систем за известување на родителите за ученичкиот напредок, кој се применува доследно и ефикасно.

Следењето на редовноста на учениците е клучна активност во училиштето, која се реализира преку систематско прибирање и анализа на податоци, како и преку квартални и годишни извештаи. Податоците покажуваат тренд на зголемување на вкупниот број на изостаноци, со пораст и на неоправданите, што укажува на потреба од поинтензивен пристап.
Училиштето врши редовна анализа на причините за отсуствата (севкупно за оправдани и неоправдани изостаноци) и презема соодветни мерки за подобрување на редовноста на учениците. Во рамки на овие активности се остварува интензивна соработка со родителите/старателите, како и со локалната самоуправа, Центарот за социјални работи, граѓански организации и Ромски образовен медијатор – на кој месечно се доставуваат извештаи за редовноста на вкупно 8 ученици – припадници на ромската заедница.
Конкретни мерки кои се спроведуваат вклучуваат:

- Посети на домот од страна на одделенските раководители и стручната служба;
- Повик на родители/старатели на советување во училиштето;
- Испраќање на писмени покани и известувања за отсуство;
- Мотивирачки разговори и психосоцијална поддршка за ученици со зачестено отсуствување

Но, и покрај преземените мерки и иако значителен дел од родителите (99,5%) потврдиле дека училиштето редовно ги известува за редовноста на децата, анализата на податоците укажува спротивен тренд.
Училиштето реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува

надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот и однесувањето.

**Силни страни**

- Училиштето има утврден систем за известување на родителите/старателите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
- Училиштето има добар систем за подобрување на успехот на учениците која опфаќа континуирано следење на постигањата на учениците од страна на наставниците и постојан поттик кон подобар успех.
- За сите ученици со посебни образовни потреби, инклузивен тим предводен од дефектолог и во соработка со психолошко-педагошка служба, се реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети во процесот на учење.
- Педагошко – психолошката поддршка остварува стимулативна и мотивирачка атмосфера која поттикнува интерес за учење и активно учество на учениците, што директно влијае врз нивната вклученост и образовни постигнувања.

**Слаби страни**

- Преземените мерки за подобрување на редовноста кај учениците не даваат позитивни резултати.
- Идентификацијата на надарените и талентираните ученици оди отежнато поради тоа што Училиштето не располага со потребните психодијагностички инструменти.
- Воспоставената пракса за ореганизирање додатна настава за учениците не е доволна согласно потребите на учениците.

**Приоритети**

- Унапредување на мерки за подобрување на редовност кај учениците
- Унапредување на воспоставената практика за организирање додатна настава за ученици кои пројавуваат особен интерес за нови знаења

**ПОДРАЧЈЕ 3:**

**УЧИЛИШНА КЛИМА**

**Координатор на тимот: Сашка Стаменковска**

**Членови на тимот: Афродита С. Крстевска, Зденка Димиќ, Нина Јовановска, Афродита Петрушевиќ, Ана Петрушевска, Јасмина Петрушевска, Марија Милановска, Љупка Јакимовска, Славица Николиќ и Росица Трајковска**

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>• Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблем<br><br>**Еднаквост и правичност**<br>• Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br><br>**Партнерски однос со заедницата**<br>• Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и  урбаната заедница<br><br>**Севкупна грижа за учениците**<br>• Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>•Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за учениците со емоционални тешкотии<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ** „Кочо Рацин“ Куманово **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Статут на Училиштето<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници<br>• Кодекс на однесување на учениците<br>• Кодекс на однесување на родителите<br>• Кодекс за однесување на екскурзии<br>• Правилник за бодување и избор на ученик на генерација<br>• Правилник за задачи на дежурни ученици<br>• Правилник за однесување и заштита на училишниот инвентар | Углед/имиџ на училиштето | Сите активностите се промовираат на фан-страна и веб страна на училиштето, а постигнати поголеми успеси се промовираат и на локалните медиуми. Во училиштето сите активности и постигнати резултати, пофалби за учениците, наставниците и паралелките се презентираат на училишниот разглас „Рацин“.<br>Во училиштето работи и новинарскит клуб „Ринг Медиа“ каде се истакнуваат сите позначајни активности во училиштето. Клубот е менториран од страна на наставник по македонски јазик, а учениците реализираат интервјуа со вработените во училиштето и учениците, изготвуваат видеозаписи и истите се објавуваат на фан страна на новинарскиот клуб.<br>Имаме постојана соработка со локална самоуправа, образовни и културни институции, НВО, бизнис сектор, хуманитарни организации.<br>Изградениот углед се темели на учество на голем број на ученици на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, на кои најчесто освојуваме бројни и највисоки резултати. Како резултат на постигнати високи резултати во нашето училиште еден од нашите ученици се квалификуваше и учествуваше на светска олимпијада по природни науки во Тајланд како еден од шест ученици кои ја претстауваа државата со што го промовираше нашето училиште во светски рамки. Наша ученичка со менторот го претставија нашето училиште, општината и државата на Светски Школски Игри во Златибор, Република Србија за ученици до 15 години.<br>Училиштето продолжи со учество во Еразмус + проекти. Еден од нив беше реализиран преку посета и менторирање на наставник по англиски јазик од IE Camp de Turia – Лириа, Шпанија за Еразмус програмите (“Job shadowing”). Реализација на активности во рамките на проектот „Запознај ја природата, сочувај го животот“ (“Know the land, preserve life”) меѓународна соработка со училиште од Брага, Португалија. |

| | | |
|---|---|---|
| • Правилник за користење на мобилни телефони за време на настава<br>• Правилници за процедури во случај на прекршување на принципите и правилата<br>• Правилник за изрекување на педагошки мерки<br>• Записници од Совет на родители<br>• Евидентирани часови на одделенските заедници<br>• Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците<br>• Пофалби, награди, признанија и друго<br>• Медиуми<br>• Записници од работата на стручните активи во училиштето<br>• Кодекс на однесување во кабинет по информатика<br>• Педагошка евиденција за изречени педагошки | | Успешно изградивме препознатлив углед во градот и државата бидејќи Училиштето спроведува специфични воннаставни активности по кои е препознатливо во средината. Како специфични активности се заедничко учеството на наставниците и учениците на планинарење, во соработка со планинарско друштво ЗПЗП „Козјак 2013“ Куманово во рамки на проектот „Планина во срцето“. Активноста е објавена и на веб страна на планинарското друштво.<br>Самоиницијативно планираме и реализираме воннаставни активности на одредени теми со други училишта и секогаш учествуваме во воннаставни активности, настани и манифестации на покана на други училишта, институции и организации. Сите реализирани активности се дел од Годишните извештаи од работењето на Училиштето.<br>Училиштето се истакнува како единствено училиште во нашата Општина во кое веќе неколку години успешно функционира хорот на наставници „Рацинови” кој учествува во манифестации организирани од Секторот за образование и Здружение на Просветни Работници (Ден на Сесловенските просветители, промовирање на првенци на генерација и други) како и на училишни претстави и приредби заедно со хорот на ученици. Забележителна е и соработка со Здружение на одделенски наставници преку следење на вебинари и дискусии за унапредување на процесот на настава, но и преку учество и освојување на награди во сите категории на Општински натпревар по рецитирање. За одбележување е и соработка со Фондација за млади и спорт и Општински Сојуз на Училишен спорт преку кои училиштето зема активно учество во сите спортски натпревари и постигнува високи резултати, а често пати е и домаќин на спортски игри во лига. Во училиштето се реализираат голем број на училишни проекти, проекти финансирани од МОН, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност и други организации.<br>На прашањата: (3.1.) „По што е препознатливо вашето училиште во локалната средина?“, „Како ги промовирате постигањата“ и „Со какви воннаставни активности се афирмирате?“ поставени на Стручната служба ги добивме следните одговори:<br>- „Модерно училиште кое се стреми кон современи образовни трендови со |

| | | |
|---|---|---|
| мерки<br><br>• Записници од советувања на родители<br><br>• Програма и правилник за работа на ученички парламент<br><br>• Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани иницијативи на младински активизам, покани, материјали за изборни постапки и др.)<br><br>• Процедура за избор на Правобранител<br>•<br>• Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (број на претставки и начин на разрешување)<br><br>• Веб и фан страна на училиштето<br><br>• Записници од работа на тимот за меѓуетничка интеграција | | професионално компетентен кадар кој обезбедува високвалитетна настава, во соодноc со европски образовни стандарди.“<br>Училиштето беше избрано како едно од 11 пилот училишта во рамки на Проект за унапредување на квалитетот на работата на училиштата, при што училиштето изработи и Апликација за грант во рамки на истиот проект од МОН и со добиените средства ги опреми училниците од предметна настава со паметни табли.<br>Училиштето има целосно опремена сензорна соба за потребите на учениците со ПОП како и на учениците кои имаат емоционални проблеми и истата максимално се користи. Иако последните години не е добиен МИО грант, сепак посветуваме внимание за развивање на мултиетничка интеграција преку работилници реализирани со ученици од одделенка настава, како и во рамки на слободни изборни предмети согласно Нова концепција за основно образование.<br>Училиштето е поддршка на учениците со ПОП која е зајакната со институционализирање на истата преку добивање на проценка од МКФ (Меѓународна класификација на функционалноста), МОН и Основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ Скопје.<br>Наставниците и учениците активно учествуваа во голем број натпревари за што сведочат бројните освоени награди.<br>3.1 На Директорката на училиштето и беа поставени прашањата: „По што е препознатливо Вашето училиште во локалната средина?“ и „Како ги промовирате постигањата?“ на што Директорката одговори:<br>- „Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира добри постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето става акцент врз постигањата на учениците преку промовирање на личните постигања на учениците. Средината за учење е успешно организирана, благодарение на големите залагања на наставниците, а воедно се поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања. Сите трудови на учениците за нивните постигања во однос на наставата се наоѓаат во ученичките портфолија особено кај учениците од прво до петто одделение. Трудовите се изложени во училниците, во училишните ходници и паноа предвидени за оваа намена. На тој начин се постигнува |

| | | |
|---|---|---|
| • Полугодишен и годишен извештај на училиштето | | поголема мотивација кај учениците за натамошно надоградување, како и за учество на натпревари по сите наставни предмети. Учениците редовно учествуваат во реализација на работилници, а своите трудови ги изложуваат и на организираните продажни изложби од хуманитарен карактер. Промовирањето на постигнувањата на учениците се врши на профилот на фејсбук страна на училиштето и на општината и тоа редовно и навремено. Ваквата активност придонесува да се запознае и пошироката јавност за успесите и активностите на нашите ученици. Посебно нашето училиште е препознатливо по Хор на наставници и ученици, кој е единствен од таков вид, а истиот учествува на Патронат на училиштето, како и на различни манифестации организирани на општинско ниво. Најприсутни вонучилишни активности се еднодневните екскурзии/излети, а најмалку присутни се гостувањата во други училишта. Најмладите ученици се најчесто вклучени во еднодневни посети.<br>Се реализираат проектни активности во функција на постоечките наставни предмети, културни и спортски, како и проектни активности како еколошки акции, хуманитарни акции на ниво на училиште кои се сметаат за многу корисни. Потоа продажни базари, волонтерски активности како на пример акции за чистење во околината или во градот, претстави во Дом за стари лица, гостувања на учениците во други училишта во или вон земјата“.<br>За работата на училиштето континуирано се прават Полугодишни и Годишни извештаи од работењето на училиштето. На крајот на учебната година се организира јавна и свечена промоција на ученик на генерација, континуирано одлични ученици како и ученици кои учествувале или освоиле награди на државни и меѓународни натпревари и нивните ментори. Холот и ходниците се уредени со ученички изработки, дипломи и пехари. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има изработено кодекси за однесување кои се однесуваат на сите структури:<br>- ученици<br>- вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал)<br>- родители<br>Анкетирани се вкупно: 78 наставници, 139 родители и 124 ученици:<br><u>Резултати од спроведениот Прашалник за наставници:</u> |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3.1 На изјавата: „Запознаен/а сум со кодексот на однесување на сите структури“: 62,8% одговориле дека целосно се согласуваат, а останатите 37,2% одговориле дека се согласуваат.<br>3.2 На изјавата: „Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување“ 46,2% одоговориле дека целосно се согласуваат, 48,7% дека се согласуваат, 2,6% Не се согласувам и 2,6% не знам/немам информација.<br>Сите наставници се запознаени со Кодексот на однесување на сите структури во училиштето и најголем дел сметаат дека училиштето соодветно постапува доколку се прекршат кодексите.<br><u>Резултати од спроведениот Прашалник за родители:</u><br>3.1: На тврдењето „Запознаен/а сум со Кодексот на однесување во училиштето“, 59% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 38,1% дека се согласуваат, 2,2% дека не се согласуваат и 0,7% дека не знаат/немаат информација.<br>3.2: На тврдењето „Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување 32,4% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 39,6% се согласуваат, 13,7% не се согласуваат, 2,2% целосно не се согласуваат и 12,2% не знаат/немаат информација.<br>Најголем дел од родителите се запознаени со кодексите на однесување, поголем дел сметаат дека се во можност да придонесат за подобрување на Кодексите, додека мал дел сметаат дека немаат можност да учествуваат во развој на содржините на Кодексот на однесување. По иницијатива на Совет на родители, а во координација со Стручната служба пред четири години е донесена одлука за изработка на Правилник за користење на мобилни телефони за време на настава кој што се уште доследно се применува. На родителските состаноци на почетокот на учебната година на родителите им се презентираат сите кодекси. Содржините од кодексите се обработуваат и на одделенските часови со учениците и уредно се запишуваат во електронски дневник.<br><u>Од прашалникот за ученици добиени се следните податоци:</u><br>3.6 Во врска со изјавата: „Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме“, ист број проценти односно 38,7 % се изјасниле дека целосно се согласуваат и 38,7% се согласуваат, додека 16,1% одговориле дека не се согласуваат, 3,2% воопшто не се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | и 3,2% не знаат/немаат информација.<br>3.7 На прашањето „Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиште“ 52,4 % одговориле дека целосно се согласуваат, 43,5% се согласуваат, 2,4% не се согласуваат и 1,6% не знаат/немаат информација.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека во одделението/училиштето имаат донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваат, и најголем број од нив истакнале дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето.<br>Согласно поставените прашања во Интервју со Стручна служба:<br>3.2. „Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?“, „Кој сѐ учествувал во процесот?“, „Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?“, и „Колку различните чинители се придржуваат на поставените правила и кои се последиците од непридржување?“ добиени се следните одговори:<br>„Училиштето располага со свои интерни Правилници и Кодекси за однесување на ученици, наставници и родители, кои се ревидирани во учебната 2024/25 година од страна на Комисија за ревидирање на правилници која е составена од наставници и стручни соработници. Комисиите се формирани од страна на директорот на училиштето и се евидентирани и утврдени на Наставничкиот совет во ноември месец 2024 година. Истите се усвоени од страна на Наставничкиот совет, Совет на родители и Училишен одбор во јануари 2025 година.<br>Доколку учениците не се придржуваат до кодексот за однесување, на истите им се изрекуваат педагошки мерки. За одредени прекршувања и пречекорувања на правилата, на ученикот по добиена педагошка мерка – се формира Тим за поддршка на ученици составена од раководител на паралелка, стручен соработник и родител со цел подобрување на однесувањето на ученикот.<br>За наставниците кои не се придржуваат кон почитување на Кодексот, директорот на училиштето формира Комисија за дисциплинска постапка и истата постапува според Закон за ОО и Закон за РО.“<br>Од спроведеното Интервју со Директорот на Училиштето на прашањата: 3.2. „Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?“, „Кој сѐ |

| | | |
|---|---|---|
| | | учествувал во процесот?“ и „Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?“ е добиен следниот одговор:<br>„Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Родителите/старателите ја имаат можноста да придонесат за развој и ажурирање на содржината на Кодексот на однесување. Во процесот на донесување на кодексот учествуваат сите структури во училиштето (ученици, наставници, родители, врботени во училиштето). Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето, но со повремени резултати од спроведените процедури.“<br>Сите Кодекси на однесување и Куќниот ред се истакнати јавно во училниците, кабинетот по информатика како и на веб страната на училиштето. Кодексите се ревидирани и ажурирани од претставници од сите претходно споменати структури.<br>Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика. |
| | Училишна клима | <u>Прашалник за наставници:</u><br>3.3 На изјавата „Атмосферата во училиштето е позитивна и потикнувачка“, 42,3% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 52,6% се согласуваат, 3,8% не се согласувам и 1,3% не знам/ немам информација.<br>3.5 Најголем дел од анкетираните наставници се изјасниле дека добро соработуваат со колегите во училиштето, односно 52,6% целосно се согласуваат и 46,2% од нив се согласуваат, додека 1,3% не се согласуваат.<br>Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците, родителите и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Професиналната соработка меѓу вработените е на највисоко ниво. Раководниот, наставниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | кадар, стручна служба и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Соработка на ниво на стручни активи и помеѓу активите е на солидно ниво. Добра комуникација е воспоставена помеѓу Директорот и вработените. Пријатна атмосфера и заинтересираност секогаш постои при организирање на дружби (Нова година, крај на учебна година) и одбележување на Ден на Училиштето и други позначајни настани.<br>Според добиените податоци од спроведениот Прашалник за родители добиени се следните резултати:<br>3.3 Од анализа на прашањето: „Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците“, добиени се следните резултати: 59% од испитаниците целосно се согласуваат, 36,7% се согласуваат, 0,7% не се согласуваат и 0,7% целосно не се согласуваат, додека 2,9% не знаат/немаат информација.<br>3.4 49,6% целосно се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците, 41% се согласуваат, 6,5% не се согласуваат, 2,2% целосно не се согласуваат и 0,7% не знаат/немаат информација.<br>3.5 Со тврдењето „Моето дете сака да оди на училиште“ 61,2% целосно се согласиле, 35,3% се согласиле, 2,2% не се согласиле и 1,4% целосно не се согласиле.<br>Најголем број од родителите се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците и соучениците и дека нивното дете сака да оди на училиште.<br>Во прашалникот за ученици се содржани неколку тврдења во врска со училишната клима и тоа:<br>3.1 „Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно“ со кое целосно се согласуваат 43,5 %, се согласуваат 33,9%, не се согласуваат 12,9%, воопшто не се согласуваат 7,3% и не знаат/немаат информација 2,4%.<br>3.2 Со тврдењето „Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици во училиштето“ 47,6% целосно се согласуваат, 42,7% се согласуваат, 6,5% не се согласуваат, 2,4% воопшто не се согласуваат и 0,8% не знаат/немаат информација.<br>3.3 Во врска со изјавата „Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците“ 53,2% целосно се согласиле, 38,7% се согласиле, 6,5% не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласиле, 0,8% воопшто не се согласиле и 0,8% не знаат/немаат информација.<br>3.4 Со тврдењето „Сакам да одам на училиште“ 32,3% се произнеле дека целосно се согласуваат, 37,9% се согласуваат, 14,5% не се согласуваат, 11,3% воопшто не се согласуваат и 4% не знаат/немаат информација.<br>3.5 35,5% од испитаниците целосно се согласуваат дека наставниците ги разбираат нивните проблеми, 40,3% се согласуваат со истата изјава додека 17,7% не се согласуваат. Дел од останатите и тоа 2,4% воопшто не се согласуваат, а 4% не знаат/немаат информација.<br>Од добиените податоци се заклучува дека поголем број од учениците се изјасниле дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно. Во однос на тоа дали се чувствуваат прифатено од другите ученици и наставници најголем дел се изјасниле позитивно. Поголем број од учениците сакаат да одат на училиште и се изјасниле дека наставниците ги разбираат нивните потреби.<br>Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Преку создадената пријатна атмосфера за работа, соработката наставник – ученик е на високо ниво кое се темели на взаемна почит и поддршка. Постои добра комуникација ученик-ученик преку другарство, взаемно почитување и извршување на активности.<br>Училиштето е инклузивно и на сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) се вклучени во наставниот процес. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето, преку работилници од ОЖВ, индивидуални и групни разговори со стручна служба и преку воннаставни активности.<br>Во врска со училишната клима, исто така спроведено е и интервју со Стручната служба во Училиштето на која и се поставени следните прашања:<br>3.3 „Како би ја опишале генералната клима во училиштето?“, „Како ја проценувате соработката помеѓу кадарот?“, „Колку, според вас, во училиштето се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл. и како се постапува по истите?“, „Колку средината е поттикнувачка за учениците?“ и „Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите?“<br>„Соработката помеѓу наставниот кадар е на највисоко ниво. Комуникацијата се одвива секојдневно на ниво на паралелки во одделенска настава како и на |

| | | |
|---|---|---|
| | | редовни состаноци на стручни активи со сродна група предмети во предметна настава. Не се забележани закани, говор на омраза, провокации, навреди и слично помеѓу наставниот кадар. Доколку некој ученик пријави случај на провокација и навреда од страна на соученик стручната служба поведува советодавен разговор со засегнатите страни, а по потреба се повикуваат и родители/старатели. Доколку недоличното однесување продолжи се донесува одлука за изрекување на педагошка мерка.<br>Училиштето претставува поттикнувачка, творечка и креативна средина за учениците. Градиме взаемна почит и доверба меѓу учениците, наставниците и родителите. Поттикнуваме љубопитност, истражување и развивање критичко размислување. Промовираме одговорност, еднаквост и успешност. На часовите постои работна атмосфера и дисциплина. Најголемиот број ученици доследно ги почитуваат донесените правила за примерно однесување за време на часовите и пристојно се однесуваат кон другите соученици за време и по наставата."<br>На истите прашања одговараше и Директорката на училиштето:<br>„Во нашето училиште генералната клима помеѓу сите структури во него е на многу високо ниво. Училишната клима му помага на секој поединец да почувствува лична одговорност, а истовремено и му помага да се почувствува припадност. Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето. Во нашето училиште многу малку се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл., а доколку се појават такви случаи веднаш се реагира најпрво од одделенскиот раководител и педагошко психолошката служба преку советодавни разговори, примери, работилници како и свикување и разговори со родители и ученици." |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Прашалник за наставници:<br>3.4. Анкетираните наставници се изјасниле во врска со работната атмосфера на нивните часови и тоа: 61,5% целосно се согласуваат дека постои добра работна атмосфера, 37,2 % се согласуваат со истата изјава додека 1,3% не се согласуваат. Најголем број од наставниците се изјасниле дека на нивните часови постои |

| | | |
|---|---|---|
| | | добра работна атмосфера, а само мал дел изјавиле спротивно.<br>Прашалник за родители:<br>3.6: Со тврдењето „Училиштето добро се справува со дисциплината“, 38,8% целосно се согласуваат, 45,3% се согласуваат, 12,2% не се согласуваат, 0,7% целосно не се согласуваат, додека 2,9% % не знаат/немаат информација.<br>Најголем дел од анкетираните родители се изјасниле дека училиштето добро се справува со дисциплината.<br>Прашалник за ученици:<br>3.5: Од вкупниот број, 35,5% анкетираните ученици целосно се согласуваат и 40,3% се согласуваат дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми, 17,7% не се согласуваат, 2,4% воопшто не се согласуваат и 4% немаат информација.<br>3.7: Од добиените податоци во врска со прашањето: „Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиште“ констатирано е дека 52,4 % целосно се согласуваат, 43,5% се согласуваат, 2,4% не се согласуваат и 1,6% не знаат/немаат информација.<br>3.8: Во врска со прашањето „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици“, 56,5% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 28,2% се согласуваат, 8,1% не се согласуваат, 4,8% воопшто не се согласуваат и 2,4% не знаат/немаат информација.<br>Резултатите од прашалникот покажуваат дека најголем број од учениците се запознаени со последиците од непочитување на правилата во училиште како и тоа дека истите подеднакво се применуваат за сите ученици.<br>3.3 Стручната служба и Директорот одговаа на истото прашање: „Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите?“ на што и двете страни се согласни дека на часовите постои работна атмосфера и дисциплина. Најголемиот број ученици доследно ги почитуваат донесените правила за примерно однесување за време на часовите и пристојно се однесуваат кон другите соученици за време и по наставата.<br>Бројот на изречени педагошки мерки е незначителен во однос на вкупниот број на ученици во нашето училиште. Од педагошка евиденција и документација се гледа дека во последните три учебни години се изречени следните педагошки |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>мерки:
<table>
<tr><td>Изречени педагошки мерки</td><td>Усна опомена</td><td>Писмена опомена</td><td>Укор од одделенски раководител</td><td>Преместување во друга паралелка</td><td>Намалено поведение</td></tr>
<tr><td>2022-23</td><td>43</td><td>19</td><td>6</td><td>0</td><td>2</td></tr>
<tr><td>2023-24</td><td>75</td><td>19</td><td>7</td><td>1</td><td>1</td></tr>
<tr><td>2024-25</td><td>62</td><td>24</td><td>9</td><td>0</td><td>0</td></tr>
</table>
<br>
За сите разговори и советувања на ученици и родители се води уредна евиденција. Училиштето континуирано соработува со Отсек за превенција и малолетничко престапништво при СВР Куманово, кои преку предавања дејствуваат превентивно во однесувањето на учениците и меѓуврснички односи. Наставниците и стручната служба исто така превентивно влијаат врз учениците и нивното однесување, а при прекршување на воспоставени правила во Кодексот на однесување се дава поддршка на ученикот и родителот за надминување на недоличното однесување, појавениот конфликт или во многу мал број на случаи насилство помеѓу учениците.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми</td>
<td>Прашалник за наставници:<br>
3.8: „Учениците ги мотивирам да донесуваат одлуки за прашања кои се во нивни интерес“ е изјава со која 56,4% од анкетираните наставници целосно се согласуваат, 42,3% се согласуваат и 1,3% не знаат/немаат информација<br>
Од добиените резултати се заклучува дека скоро сите наставници ги мотивираат учениците да донесуваат одлуки за прашања кои се во нивен интерес а многу мал дел не го прават тоа.<br>
Прашалник за ученици:<br>
3.11: Со тврдењето „Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето“, 26,6% целосно се согласуваат, 49,2% се согласуваат, 8,9% не се согласуваат, 2,4% целосно не се согласуваат и 12,9% не знаат/немаат информација,<br>
Поголем број од учениците сметаат дека ученичката заедница од нивното</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.<br>3.5 Во прилог е Интервју со Стручна служба во врска со прашањата:<br>„Како функционира Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител?“, „Какви активности спроведуваат?“, „Колку ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители?“ и „Колку учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител и за кои теми?“<br>„Ученички парламент активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во подготовката на годишната програма за работа на училиштето, дава предлог-активности и учествува во организација и реализација за вонаставни активности на училиштето, како и предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес. Учениците учествуваат во оценувањето на работата на училиштето, а преку свои претставници учествуваат и во Советот на родители, Наставничкиот совет, организираат и учествуваат хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за работа и учење, градење и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето и пошироката заедница.“<br>Интервју со Директор:<br>„Училиштето има документација за телата на учениците (Ученички парламент и ученик правобранител), програма за работа на истата како и записници од состаноци, извештаи од спроведени активности, документи од конкурс за избор на ученик правобранител. Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и потполно демократска процедура која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Во училиштето има Ученички парламент и ученички правобранител, кои се фомирани и избрани согласно Статутот на Училиштето.“<br>Ученичкиот парламент и правобранител имаат изготвено свои програми за работа за чија што реализација во текот на учебната година добиваат поддршка |

| | | |
|---|---|---|
| | | од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.). Во последните две години, одржани се девет состаноци на ученички парламент на кои транспарентно е изгласан претседател и заменик претседател на училишниот парламент и изборот на ученик Правобранител. На состаноците е разговарано за одредени проблеми на учениците и нивно надминување како и разгледување на идеи за подобрување на успехот на учениците. Учениците во паралелките навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето на поголем број одлуки во врска со тие работи од страна на претседателот и заменикот претседател. Учениците членови на ученички парламент редовно се поканувaат на состаноци на училиштен одбор, ама ретко присуствуваат поради преклопување со настава или со воннаставни и вонучилишни активности. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба;<br>• Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>• Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител<br>• Прашалници за учениците и родителите | Познавање и почитување на правата на децата | 3.9 Од анкетираните 78 наставници, 43,6% целосно се согласуваат и 41% се согласуваат дека реализираат работилници за запознавање на учениците со правата и обврските на децата, многу мал број 10.3% не се согласуваат, 1,3% целосно не се согласуваат, а 3,8 немаат информација.<br>3.10 Од анкетираните наставници 43,6% целосно и 48,7% се согласуваат дека им укажуваат на децата на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, а незначителен дел 2,6% не се согласуваат и 5,1% немаат информација.<br>3.7 Од вкупно 139 анкетирани родители, 53,2% целосно се согласуваат и 41% се согласуваат дека нивното дете било вклучено во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, мал број од нив (3,6%) не се согласуваат, 0,7% целосно не се согласуваат,а незначителен број (1,4%) не знаат.<br>Ова подразбира дека голем број на ученици биле вклучени во активности за запознавање со нивните права со што истите се унапредуваат преку подигање на свеста кај учениците за истите. Училиштето превзема голем број на |

| | | |
|---|---|---|
| • Записници од работата на тимот за меѓуетничка интеграција<br>• Дневник за работа на стручните соработници<br>• е-дневник<br>• Извештај од работилници за детски права<br>• Процедура за избор на Правобранител<br>• Правилник за избор на ученик на генерација<br>• Правилник за изрекување педагошки мерки | | активности со цел да ги запознае учениците со нивните права, да промовира еднаквост и правичност и тоа преку: наставата и наставните содржини, на одделенските часови, преку предвидената програма за Образование за животни вештини, Ученичкиот парламент, училишните заедници и организации, свечен прием на првачиња во Детска организација, одбележување на Светски ден на детето, одбележување на Светски ден на лица со попреченост како и преку проекти кои се реализираат во училиштето. Наставниците и стручната служба преку разни предавања, разговори, работилници, литература, дебати ги информираат учениците за нивните права и обврски.<br>3.12 Од анкетираните 124 ученици, 54% целосно се согласуваат и 41,1% се согласуваат дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права, незначителен број (3,2%) не се согласуваат и 1,6% не знаат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Во училиштето се преземаат сите активности кои се потребни се со цел да биде обезбеден подеднаков третман на сите ученици, како и мерки потребни за непречено овозможување на инклузија за учениците со попреченост во наставниот процес.<br>3.11 Од вкупно 139 анкетирани родители 38,8 % целосно се согласуваат и 43,2% се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, 4,3% не се согласуваат, 2,2% целосно не се согласуваат, а 11,5% немаат информација.<br>Приоритет, а и предизвик е подеднаква грижа за секој ученик, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус, што се потврдува во анкетите за родители, 3.10 каде 61,2% целосно се согласуваат и 30,9% се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго, незначителен број (1,4%) не се согласуваат, 3,6% целосно не се согласуваат и 2,9%не знаат.<br>3.12 Училиштето обезбедува можност за учење на секој ученик подеднакво. Од вкупно 78 анкетирани наставници 50% целосно се согласуваат и 47,4% се согласуваат дека ги вклучуваат различните маргинализирани/ранливи групи во училишните активности, а незначителен број (2,6%) немаат информација.<br>За учениците кои имаат потешкотии, се организира дополнителна настава, а за надарените ученици додатна настава. За учениците со попреченост од било кој вид, се прават промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, а дополнителна поддршка дава и стручната служба на училиштето. Вклученоста во програмата за инклузивно образование, изминатите години ни овозможи да се стекнат искуства и знаења кои се од помош за обезбедување на еднаков и правичен пристап кон сите ученици. Во училиштето има формиран Училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на цело училиште, а за секој ученик со посебни образовни потреби се формира Инклузивен тим за ученик кој ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | планира и спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките на стручното тело за функционална процена, односно доколку е препорачано тимот изготвува индивидуален образовен план или модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби за поддршка, наставниците го спроведуваат ИОП со поддршка од страна на стручните соработници. Наставниците и стручните соработници работат на подготовка на паралелките за полесна адаптација и прифаќање на секој ученик од страна на своите соученици кои им помагаат во совладувањето на наставните содржини и непречено дружење. Преку позитивен однос и разговор, без пристрасност кон сите ученици се однесуваат сите наставници во училиштето. Вработените, родителите и учениците ја делат филозофијата на инклузија.<br>Училиштето вложува голем труд во промовирање на еднаквоста и покрај различноста. Различноста е богатство и затоа многу често се организираат активности за подигање на свеста кај учениците за прифаќање, толеранција и еднаквост и тоа:<br>-Одбележување на 21-ви Март, Меѓународен ден на лица со Даунов синдром<br>-Одбележување на 3-ти декември, Меѓународен ден на лица со попреченост<br>Нашето училиште се вклучува во активности и соработка со своите ученици во активности и настани организирани од невладини организии од нашиот град, „Инклузива“ и „Порака наша“.<br>3.9 Нема дискриминирани ученици во изборот на слободните ученички активности, вонnаставните активности и учество на натпревари. Од анкетираните 124 ученици, 51,6% целосно се согласуваат и 37,1% се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето како и другите ученици, 9,7% не се согласуваат, 0,8% целосно не се согласуваат и 0,8%% не знаат.<br>3.10 Голем број од анкетираните ученици (58,1%) целосно се согласуваат и 35,5% се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање) како и другите ученици, 1,6% не се согласуваат, 2,4% целосно не се согласуваат и 2,4% не знаат/немаат информација.<br>3.8 Истото се потврдува и кај анкетираните родители (59,7%) целосно се согласуваат и 37,4% кои се согласуваат дека нивното дете ги добива истите |

| | | |
|---|---|---|
| | | услови за учење како и другите ученици, незначителен број (2,2%) не се согласуваат и 0,7% целосно не се согласуваат.<br>Особено се обрнува внимание на оценувањето при што критериумите важат подеднакво за сите ученици. Се почитува етичкиот кодекс за оценување, кој е истакнат на видно место во холот на училиштето и оценувањето е траспарентно.<br>3.9 Ова се потврдува и преку резултатот на анкетирани родители, кај кој голем број од нив (52,5%) целосно се согласуваат и 36% се согласуваат дека нивното дете е оценувано според истите критериуми како и другите ученици, 3,6% не се согласуваат, 2,9% целосно не се согласуваат и 5% незнаат или немаат информација.<br>3.11 Од вкупниот број анкетирани наставници 61,5% целосно се согласуваат и 38,5% се согласуваат дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за еднаков третман.<br>3.8 Во врска со тоа дали училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, 56,5% од вкупно 124 ученици целосно се согласуваат и 28,2% се согласуваат, додека 15,3% од учениците не се согласуваат или немаат информација. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Извештај за работата на училиштето (полугодишен, годишен)<br><br>• Записници од советот на родители и родителски средби<br><br>• Анкети и интервјуа со Директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници | Соработка на училиштето со родителите/старателите | 3.12 Од вкупно 139 анкетирани родители 29,5% целосно се согласуваат дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, 48,2% се согласуваат, 9,4% не се согласуваат, 0,7% целосно не се согласуваат, а 12,2% се изјасниле дека немаат информации;<br>3.13 Од вкупно 78 анкетирани наставници, 47,4% целосно се согласуваат дека родителите активно ги поттикнуваат да се вклучат во различни активности во училиштето, 47,4% се согласуваат и околу 1,3% не се согласуваат и 3,8% немаат информација.<br>3.14 Од 78 анкетирани наставници 37,2% целосно се согласуваат дека ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес, 56,4% се согласуваат, и 1,3% не се согласуваат и5,1% дека немаат информација; |

| | | |
|---|---|---|
| • Педагошка евиденција и документација (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност)<br><br>• Статут на Училиштето<br><br>• Веб-страница на Училиштето<br><br>• Решение за именување на членовите на училиштен одбор<br><br>• Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците<br><br>• Договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции ;<br><br>• Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со | | Од почеток на учебна 2023/2024 год. до 30.04.2025 год. се оддржани вкупно 15 состаноци на Совет на родители.<br>Постои соработка помеѓу училиштето и родителите во вид на посети на работни места, стручни предавања или презентации од страна на родителите поврзани со унапредување на здравјето или други теми значајни за правилен раст и развој на учениците и тоа:<br>-Извештај од посета и предавање на ученици од VIII одд. на очна ординација со цел запознавање со очни болести<br>- Извештај од Работилница организирана со родител кој е професионален Breathwork инструктор - Енергетски психолог, со цел вежби за намалување на стрес и правилно дишење<br>- Извештај од презентација за ученици од II одд. за важноста на пчелите реализирана д страна на родител – одгледувач на пчели<br>- Извештај од едукативно предавање за одржување на чисти заби и орална хигиена, од страна на родител - стоматолог за ученици од III одд.<br>-Од годишни извештаи е видлива соработката со родителите за прифатени и реализирани идеи за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето, соработка со родителите во превенција на насилство во училиштето, соработка за превенција и спречување на негативното влијание на средината врз младите (едукативни предавања, работилници, трибини и др.), а особено во учебната 2024/2025 година Советот на родители на своја иницијативиа спроведе тематско уредување на холот (есен, зима и пролет) со цел пријатен амбиент за учениците и позитивен пример на соработка.<br>Редовно се одржуваат и евидентираат групните и индивидуалните родителски средби.<br>- Советот на родителите има голема улога во вклучувањето на истите во различни активности и потреби на училиштето. На состаноците на Советот на родителите во изминатиов период беа формирани различни комисии за избор на најповолни понуди за екскурзии, осигурување на ученици и организирање исхрана во училиштето, за новогодишни пакетчиња, храна и фотографирање, комисија за есенски и пролетен излет. Исто така беа покренати иницијативи за хуманитарни активности во училиштето, собирање на донации, финансиски и материјални средства и друг вид на помош за подобрување на условите на учениците од социјално загрозени семејства; Беше формирана комисија и за |

| | | |
|---|---|---|
| родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница;<br><br>• Документација за добиени спонзорства и донации<br><br>• Потишани меморандуми за соработка<br><br>• Записиници и одлуки од состаноците на училишен одбор<br><br>• Записници од работата на тимот на меѓуетничка интеграција | | опремување на училиштето со корнизи и завези, поставување на камери на одредени места во училиштето и украсување според годишно време.<br>-Организиран е и Новогодишен базар во централно училиште и Велигденски Базар во подрачно училиште во с. Доброшане со заедничко учество на родителите, учениците и наставниците.<br>-Во рамки на соработка со идни родители, училиштето организира и реализира Отворен ден за првачиња каде што се остварува соработка со родителите за нивно запознавање со нашето училиште.<br>Соработка со родители се одвива преку разговор со родители на нивно барање или на барање на одделенски раководител со цел запознавање на родителите со природата на проблемот со кој се соочуваат нивните деца, како и пружање советодавна помош за надминување на истите или по иницијатива на педагошко – психолошка служба и водење на уредна евиденција за истите. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето активно е вклучено во животот на Општината и локалната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето соработува во проекти организирани од ДПИ, со МВР, СВР Куманово и Општински Совет за превенција против детско претстапништво, Градоначалникот и Општина Куманово, Црвен Крст –Куманово, Медицински Центар –Куманово, Завод за здравствена заштита, Школска амбуланта, Центар за социјални работи, Приватни здравствени организации, ЈОУ Библиотека „Тане Геогиевски“ - Куманово, Народен Театар Куманово, НУЦК „Трајко Прокопиев“, Детска градинка „Ангел Шајче“. Соработка со образовен медијатор во врска со потребна информација за деца Роми, Невладини организации, Републички совет за безбедност на сообраќај, Друштво на писатели и локални и државни медиуми,голем број приватни претпријатија. Следени се сите објавени конкурси и натпревари на локално, државно и на меѓународно ниво, на кои што нашите ученици со своите лични творби земаа активно учество. Продолжува соработката со државната телевизија МТВ, новинска агенција МИА, локалната телевизиска станица „ТВ Плус“, локалното радио „Браво“ и интернет порталот ,,Kumanovo News<br>3.15 Од вкупно 78 анкетирани наставници 33,3% целосно се согласуваат дека учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата, 47,4% се согласуваат и 12,8% не се согласуваат, 1,3% целосно не се согласуваат и 5,1% немаат информација.. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето активно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти и активности, како и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Постои партнерство и соработка на училиштето и голем број на здруженија, невладини организации, основни и средни училишта преку проекти и иницијативи, вклучување на младите во воннаставни активности како и поддршка на нивните идеи во заедницата. Во последните две години нашето училиште зеде активно учество во голем број на манифестации, одбележување на настани, предавања, трибини, спортски активности, ликовни и литературни конкурси, хуманитарни акции и тоа:<br>**-**Извештај од учество на ликовна работилница во Дом на Култура;<br>-Извештај од учество на детски ликовен камп „ АСНОМ“ организиран од страна на Фондација за култура и спорт на млади Куманово<br>-Извештај од учество во настан ”Довидување полуматуранти” на „ООУ Карпош“ с. Умин Дол во соработка со Општинскиот совет за превенција на детско престапништво<br>-Извештај од реализирани Еразмус проект и нова соработка со училиште од Шпанија;<br>-Извештај од учество во настани и манифестации во соработка со Фондацијата за култура и спорт, под покровителство на Градоначалникот и Советот на Општина Куманово;<br>- Извештај од посета на ученици и запознавање со работа во Градска библиотека „Тане Георгиевски“;<br>-Извештај од учество на ученици во проект организиран од НУ - Музеј Куманово<br>-Извештај од учество на Детскиот ликовен камп во организација на Фондација за култура и спорт “Куманово”;<br>-Извештај од одржан настан организиран од Италијанската амбасада ''La notte della taranta'' со учество и на наши ученици;<br>-Извештај од хуманитрна собирна акција со учество на наши ученици во соработка со Црвен Крст;<br>- Извештај од креативна работилница за нови идеи за штедење од BANK SILK ROAD и посета на училиштето од Стопанска Банка АД- Скопје во Куманово;<br>-Извештај од учество на конкурс за најдобра литературна творба по повод 11-ти Ноември организирана од ЗГ Друштво на писатели – Куманово;<br>-Извештај од учество на ученици од IX одд. во проектот „Полицијата и децата", |

| | | |
|---|---|---|
| | | од одржано полуфинале на општинскиот меѓучилишен КВИЗ на знаење од областа на Граѓанско образование, Етика, врсничко насилство (bullying), Географија и Историја;<br>-Извештај од одржана работилница во нашето училиште за Меѓуетничка интеграција и толеранција со наслов "Да се запознаеме- сите сме исти" со ученици од ООУ „Толи Зордумис" Куманово;<br>-Извештај од посета на ученици на претставата ,, Дедо Мраз во веселата шума“ во Народен Театар Куманово.<br>-Извештај од соработка преку донација на пакетчиња со фондација „Дарио Петровски“, компанија Бобо Бартон од Куманово, Здружение Lions Club Куманово, Термалифт и од Здружение за поддршка, интеграција и ресоцијализација ЛИНК од Куманово и Let's spread love;<br>-Извештај од одржана работилница во ПУ с. Добрашане,од страна на Црвен крст на тема ,,Важноста на личната хигиена'' со учество на ученици од I, II и III одд.;<br>- Извештај од учество на ученици од 9 одд. на ликовен конкурс на тема „Ги сакам македонските паничари-ја сакам Македонија“;<br>- Извештај од учество на Детска ликовна колонија ,,Фрагменти од мојата фантазија", во организација на Здружението за култура и заштита на животна средина – НАТУРО;<br>- Извештај од учество на училиштето на ликовен настан на тема „Стоп за врсничкото насилство - со уметност против булинг“ во организација од Отсек за превенција при Секторот за внатрешни работи Куманово;<br>- Извештаи од традиционално учество на наши ученици на маскенбалот „Батко Ѓорѓија“- Куманово во 2024 и 2025 год.<br>- Извештаи од учество на општински, регионални и државни спортски натпревари во фудбал, футсал, кошарка, атлетика, скок во висина и далечина, фрлање на ѓуле итн. во организација на Општинска организација на училишен спорт;<br>-Извештај од учество на Општински ликовен и фото конкурс на тема „Зелени претрпријатија - Чист воздух“, организиран од страна на Ino Youth со поддршка на UNDP, Шведска амбасада и Општина Куманово<br>- По повод одбележување на Европски ден на граѓанска правда ученици од VII и IX одд. го посетија Основниот Суд Куманово<br>-Извештаи од реализирани училишни проекти –„ Велигденски празник-празник |

| | | |
|---|---|---|
| | | за очи“ потпомогнат од компанијата „ФрагматМат“, Куманово, а на иницијатива на ЗОН - Учител<br>- Училишен проект „Планина во Срцето“ во соработка со планинарското друштво ЗПЗП Козјак 2013 од Куманово каде што голем број на ученици имаа можност да ги посетат околните планински места;<br>- Проектот Фудбал во училиштето, организиран од ФФМ и Федерација на училишен спорт на РС Македонија во кој што голем број на наши ученици зедоа активно учество;<br>- Преку проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ голем број на ученици беа вклучени во разни активности и посети.<br>- На иницијатива на Ученички парламент беа реализирани повеќе хуманитарни акции за собирање на облека, обувки, училишен прибор, храна, а собраната облека во соработкса со хуманитарна организација „Let's Spread Love“ - Шириме љубов, беше селектирана со помош на наши ученици (волонтери) и доставена до семејствата од ранлива категорија. Наши ученици беа вклучени во хуманитарна активност на иницијатива од страна на Црвен Крст Куманово, а по повод недела на борба против гладта, која се одбележува од 16 до 22 октомври. Како во изминатиов период, така и оваа година продолжува соработката на нашето училиште со дневниот центар ПОРАКА НАША Куманово.<br>Редовна соработка училиштето остварува и со други основни училишта и тоа преку учество на натпревари и спортски манифестации, во рамките на општина, регион, држава и пошироко. Училиштето поканува  и организира заеднички литературни читања со ученици од останатите основни училишта во општината, а соработува и при регулирање на педагошка документација или информативни дискусии во врска со премин на ученици од едно во друго училиште, премин во средни училишта како и при упис на првачиња и други настани.  Со средните училишта се соработува преку презентации за промоции на истите, организирани во нашето училиште и посета на наши ученици  на отворени денови во средните училишта и прибирање податоци за постигања на нашите ученици во средно образование на ниво на град Куманово. Оваа соработка се проширува и на средните училишта од град Скопје. Соработка и со Детска градинка „Ангел Шајче“, клон Пчелка се остварува со покана за свечена приредба по повод прием на учениците од прво одделение во Детска организација, Отворен ден како и традиционална посета на училишната |

| | | |
|---|---|---|
| | | библиотека Фиданка.<br>Нашето училиште е прво селектирано училиште на општинско ниво во рамки на промотивен проект (воведни активности) за зелено Куманово, под мотото „Селектирсј и рециклирај правилно“ во соработка со Општината. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување<br>• Куќен ред на училиштето;<br>• Програма за превенција и заштита од насилство<br>• Протокол за постапување<br>• Анкети со ученици, родители,наставници<br>• Интервју со педагошко-психолошка служба,ученици, наставници<br>• Дневник за работа на педагошко-психолошка служба<br>• Записници од советувања<br>• Годишна програма на Училиштето<br>• Извештаи од реализирани работилници, предавања<br>• Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>• Набљудување на условите | Превенција и заштита од насилство | Училиштето како воспитно - образовна институција води сметка за превенција и заштита на учениците од насилство.<br>Заштита од насилство се реализира преку креирање на сигурна и потикнувачка околина за учење. Ваквата сигурност се спроведува преку обработка на адекватни содржини во рамките на редовната настава, часови на одделенска заедница и вонпаставните активности.<br>Училиштето има изготвено Протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е допстапен за сите наставници, ученици и родители. Исто така училиштето секоја година изготвува Програма за превенција од насилство. Во Програмата се опфатени активности за спречување и појава на насилство преку обработка на наставни содржини кои се реализираат на часови во рамки на редовна настава по предметите етика, историја, граѓанско образование, потоа на часови на одделенска заедница, а како дел од програмата се реализирани следниве работилници од страна на педагошко- психолошка служба:<br>Едукативна работилница ,,Психологија на меѓуврсничко насилство и девијантно однесување-препознавање,проценка и справување”;<br>,,Работилница за јакнење на капацитетите за превенција од рехабилитација и реинтеграција на ранливи групи во општеството;<br>,,Одговорност”;<br>„Тие зборуваат ...а тие се тепаат”<br>За безбедност на учениците исто така на почеток од секоја учебна година се формира Училишен тим за безбедност составен од 4 наставници, 4 родители и 4 ученици од VI, VII, VIII и IX одделение.<br>Педагошко-психолошка служба континуирано е вклучена во советодавно-консултативна работа со учениците и родителите, како и подготовка и |

| | | |
|---|---|---|
| во училиштето;<br>• Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>• Записници од советот на родители и родителски средби;<br>• Интервју со директорот<br>• Интервју со домаќин<br>• Интервју со помошно – технички персонал<br>• Документација за сервисирање на ПП апарати и громобранска инсталација | | реализација на работилници за учениците од II до IX одделение.<br>Стручната служба води евиденција за направени разговори со родителите и учениците, за која има уредна педагошка документација.<br>Училиштето навремено реагира и постапува според протоколот при секој облик на насилство или конфликт помеѓу учениците.<br>Помеѓу Училиштето и МВР, СВР- Куманово постои постојана соработка која е уредно документирана.<br>Сектор на превенција од детско престапништво и деликвенција при МВР-СВР Куманово заедно со претставници од Макпетрол, спроведе анкети и реализираше неколку предавања на теми: „Крени глас против врсничко насилство”, „Различни типови на булинг”, „Безбедност при движење”со цел рана превенција и редовно информирање на учениците, предавање на учениците на тема „Врсничко насилство – булинг“.<br>Со учениците од одделенска настава се реализираа ликовни работилници во присуство на нивните наставници.<br>Врз основа на анкетирани 124 ученици по прашањата се добиени следниве резултати:<br>3.16 Знам како да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето.<br>Најголем процент одговориле целосно се согласувам 56,5% и се согласувам 37,9%, 0,8% не се согласуваат, 1,6% целосно не се согласуваат и 3,2% не знаат.<br>3.17 Во училиштето работиме на решавање на конфликти и спречување на насилство.<br>На оваа прашање најголем број ученици целосно се согласуваат 50,8% и се согласуваат 35,5% а 6,5% не се согласуваат и 5,6% целосно не се согласуваат, додека 1,6% не знаат или немаат информација за прашањето.<br>Врз основа на обработените анкети пополнети од 139 родители се добиени следниве резултати по однос на ова прашања.<br>3.13 Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.<br>По добиените резултати 36% целосно се согласувааат и 43,9% се согласуваат, 5,8% не се согласуваат, 1,4% целосно не се согласуваат, додека 12,9% немаат информација.<br>3.14 Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и |

| | | |
|---|---|---|
| | | ненасилно решавање на конфликти.<br>Целосно се согласуваат 35,3% и се согласуваат 41,7%, додека 4,3% не се согласуваат, 1,4% целосно не се согласуваат и 17,3% немаат информација.<br>3.15 Училиштето добро се справува при појава на насилство.<br>Најголем процент од родителите целосно се согласуваат 31,7% и се согласуваат 38,8%, 6,5% не се согласуваат, 2,2% целосно не се согласуваат, додека 20,9% немаат информација.<br>Од анкетирани 78 наставници по однос на оваа тема добиени се следниве резултати:<br>3.6 Со моите ученици спроведувам активности за превенција и ненасилно решавање на конфликти.<br>Според одговорите на наставниот кадар најголем процент целосно се сложуваат со прашањето 51,3% и се сложуваат 46,2%, а многу мал дел не се согласуваат со прашањето 2,6%.<br>3.7 Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.<br>Според одговорите на наставниот кадар најголем процент целосно се сложуваат со прашањето 47,4% и се сложуваат 48,7%, а многу мал дел (3,8%) не се сложуваат со прашањето.<br>Изречените педагошки мерки на учениците се во доста мал број во однос на вкупниот број на ученици во училиштето. Исто така незначителен е бројот на учениците кај кои се изрекува повторно педагошка мерка во врска со несоодветно и/или насилно однесување. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето, сите наставници и стручната служба постојано укажува на последиците од негативните појави од алкохол, пушење и дрога. Редовно се врши информирање на учениците, за време на редовните часови или вонннаставните активности.<br>Училиштето постојано работи индивидуално или групно со ученици за превенција и идентификација на кризни состојби кај учениците. Беше реализирана работилница од педагог и училишен парламет на тема: ,,Болести на зависност".<br>На влезовите на училиштето и внатре има налепници, постери за забрането пушење, внесување, конзумирање и дистрибуција на наркотични супстанци.<br>Училиштето има ажуриран Правилник- процедура за постапување при појава на |

| | | |
|---|---|---|
| | | пушење, користење на алкохол и дрога во училиште.<br>На оваа тема наставниците на часовите и на вонннаставните активности континуирано работат и секојдневно укажуваат на негативни последици од алкохол, дрога и пушење. За подобро информирање за последици од овие негативни појави редовно на часовите на одделенска заедница се дискутира на оваа тема.<br>Од извршено анкетирање на 139 родители според даденото прашање се добиени следниве резултати:<br>3.16 Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога.<br>Целосно се согласуваат 29,5% и се согласуваат 40,3%, 4,3% не се согласуваат, 3,6% целосно не се согласуваат, додека 22,3% немаат информација.<br>Врз основа на анкетирани 124 ученици по прашањата се добиени следниве резултати:<br>3.18 Сум присуствувал барем на едно предавање /работилница од Училиштето.<br>Учениците со најголем процент одговориле: целосно се согласувам 51,6% и се согласувам 37,9%, 4,8% од ученици не се согласуваат со тврдењето, 1,6% целосно не се согласуваат и 4% немаат информација.<br>Од анкетирани 78 наставници по однос на оваа тема добиени се следниве резултати:<br>3.16 Учествувам во реализација на работилници за ученици на различни теми целосно се согласувам 47,4% и се согласувам 43,6%, 6,4% не се согласуваат, а 2,6% немаат информација. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето не поседува сопствена кујна или менза и учениците сами се снабдуваат со храна било со носење од дома, а голем дел од учениците, со знаење на родителите и нивно одобрување купуваат храна во продавници кои се во близина на училиштето, но за истите немаме сознанија од ХЕС за квалитетот на храната. Училиштето преку Совет на родители предложи снабдување на учениците со исхрана/кифли од пекари во градот, но самата иницијатива наиде на мал одзив од страна на родителите за да се организира снабдување на ваков начин со храна, што можеби е резултат на неисполнување на очекувањата кои го нудат пекарите од претходните искуства. Се купува храна од најблиски продавници, најчесто нездрава храна која учениците сами ја бираат, а бидејќи продавниците се оддалечени од училиште се доцни на часови, |

| | | |
|---|---|---|
| | | но и се поминува преку улица. За правилна исхрана и внесување на минерали и витамини по предметите Биологија, Природни науки, ОЖВ на часови на одделенска заедница во предметна настава, а исто и во одделенска настава се обработуваат наставни содржини за здрав начин на исхрана, особено во одделенска настава се работи на навики за здрава исхрана преку работилници, дискусии, презентации, носење на ужинка-овошје, зеленчук, одбележување на Светски ден на храна преку работилници за приготвување на здрава храна. |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето редовно се врши чистење и дезинфекција на тоалети, ходници и училници во рамките на законски прописи, редовно се чисти училишниот двор со косење трева, хортикултурно уредување од страна на помошно - технички персонал, но и од страна на ученици преку разни еколошки активности: Ден на пролет, Ден на планета Земја, во двор но и цвеќиња во училници, кабинети и ходниците. Во секоја училница има чешма со чиста вода за пиење, сапун и дезинфекционо средство како и корпи за отпад кои редовно се чистат, а корпи има и во училишниот двор.<br>Училишната спортска сала редовно се чисти и проветрува. Во училиштето од 07.06.2021год. е задолжителен офталмолошки преглед за првачиња склучен со ЈЗУ Општа болница Куманово. Училиштето соработува со амбуланта „Тоде Мендол“ преку редовна вакцинација на ученици, редовно соработува со Школска амбуланта за систематски прегледи и редовно залевање на заби на ученици. Ваквите прегледи се организираат со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички раст и развој. Се спроведува едукативна кампања за важноста на одржување на лична хигиена во соработка со волонтери од Црвен крст, за одржување на здрави и чисти заби во соработка со лекари специјалисти, за превентивни вакцинации за ХПВ вирус кај женската популација во соработка со лекари специјалисти за оваа област. Во училиштето постојат редовни систематски прегледи на вработените на секои 2 години и еднаш годишно се прави санитарен преглед. Училиштето соработува со ХЕС служба која врши редовна ДДД, двапати годишно за спречување на појава на заразни болести. На часовите на одделенска заедница воспитно се делува врз учениците за одржување на лична хигиена и заштита од заразни болести и на создавање хигиенски навики како и ОЖВ работилници/редовни часови на тема Јас и здравјето-здраво живеење. Училиштето има правилник за превенција од заразни болести. Во училишните |

| | | |
|---|---|---|
| | | тоалети постои стара канализациона мрежа која е дотраена, на одредени места е заменета поради затнување, но постои опасност од ширење на болести како и стари тоалети кои се дотраени, со искршени плочки, стари и некаде дисфункционални казанчиња за вода, а во подрачните училишта потешко е снабдување со вода и одвод на фекалии. Така сите подрачни училишта не се поврзани на канализациона мрежа, а во ПУ с. Кучкарево и ПУ с. Градиште учениците се снабдуваат со вода за миење со канистри. Според спроведените анкети голем дел од родителите сметаат дека хигиената во училиштето е на завидно ниво, а исто така голем дел од учениците сметаат дека училиштето е чисто и уредно.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>3.19 Од анкетирани 124 ученици од одделенска и предметна настава 24,2% целосно се согласуваат дека Училиштето е чисто и уредно и 36,3% се согласуваат додека 22,6% не се согласуваат и 12,1% воопшто не се согласуваат, а 4,8% немаат информација.<br>3.17 Од анкетирани 139 родители 17,3% целосно се согласуваат дека хигиената во училиштето е на високо ниво и 37,4% се согласуваат, додека 28,1 % не се согласуваат и 14,4% целосно не се согласуваат, а 2,9% одговориле дека немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | На интревју со директорот на прашањето: Каква е инфраструктурата во училиштето?<br>Се добива следниов одговор:<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваа потенцијална опасност за учениците. Сите овие места во училиштето се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и се соодветно информирани за можните опасности.<br>На секој кат од училишната зграда секојдневно има дежурен наставник кој се грижи за безбедност на учениците, а на сите 5 (пет) влеза има дежурен помошен пресонал.<br>На интревју со домаќинот на прашањето :<br>Дали во училиштето има доволен број на ПП апарати, хидранти и громобрани и на кој начин се одржуваат?<br>Кога се врши контрола на гасната и нафтената котлара?<br>Се добива следниов одговор:<br>Во училишниот простор има доволен број ПП апарати и истите редовно се контролираат и сервисираат на секои шест месеци, со последен датум на сервисирање 05.05.2025 год. Старите ПП апарати се заменети со нови. Гасна котлара е покриена со посебен ПП апарат, како и нафтената котлара. Пред грејната сезона се врши детална контрола и сервисирање на двете котлари. Во училиштето има доволен број на надворешни и внатрешни хидранти кои се видно обележани и се со комплетна опрема. Тие еднаш годишно се проверуваат/контролираат и се во употребна состојба за кои кои има пишана доментација.<br>Училиштето е покриено со громобранска инсталација и располага со 26 громобрани на кои редовно им е направено мерење и контрола (на секои 18 месеци).<br>На интревју со домаќинот на прашањето: Колку редовно се врши дезинсекција и дератизација?<br>Се добива следниов одговор:<br>По закон два пати годишно се врши дезинсекција и дератизација од страна на ХЕС.<br>Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>1.8. Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете. Вкупно се анкетирани 139 родители.<br>Според спроведените анкети на родители: 39,6% целосно се согласуваат и 49,6% се согласуваат дека училиштето е безбедна средина за нивните деца, 7,2% не се согласуваат, 2,2% целосно не се согласуваат и 1,4% не знаат.<br>3.1 Во училиштето се чувствувам безбедно и сигурно. Анкетирани вкупно 124 ученици.<br>Според спроведените анкети на учениците: 43,5% целосно се согласуваат и 33,9% се согласуваат дека училиштето е безбедно и сигурно, а 12,9% не се согласуваат дека училиштето е безбедно и сигурно, 7,3% целосно не се согласуваат и 2,4% немаат информација.<br>На интревју со директорот на прашањето: Колку училиштето е покриено и со видео надзор и осветлување?<br>Се добива следниов одговор:<br>Поставен е видео надзор  со вкупно 12 (дванаесет) камери и се покриени сите влезови, ходници на училиштето, внатрешниот и надворешниот простор и пристапот  во салата по физичко и здравствено образование што уште повеќе ја зголемуваат безбедноста на учениците и на вработените.<br>На видни места е поставен план за евакуација и план за заштита и безбедност на учениците и наставниците. Со предупредувачки пораки/налепници се информираат учениците за опасности по нивна безбедност. Сите 5 влезови/излези во училиштето се обележани. Сите влезови во училишниот двор се осветлени со рефлектори што работат на соларна енергија.<br>На интревју со директорот на прашањето:<br>Каква е состојбата на училишните простории во ЦУ и ПУ?<br>Се добива следниов одговор:<br>Во повеќето училници подовите се оштетени на одделни места и претставуваат потенцијална опасност за учениците и вработените. Во кабинетот по информатика електричната инсталација е дотраена и се предвидува во блиска иднина да се реконструира. Во салата каде што се реализираат часови по физичко и здравствено образование подот е оштетен, прозорците стари, а кровот протекува при најмало невреме, осветлувањето е дотраено. Приодот од училиштето до салата е покриен со азбест кров кој треба да биде заменет.<br>Кровната конструкција на училиштето е целосно сменета и обновена.  Дел од прозорците во централно училиште (канцелариите, училниците од вториот кат и |

| | | |
|---|---|---|
| | | ходниците) се стари и дотраени.<br>На влезот на училишниот двор и по скалите има поставено метален држач (гелендер), но на самиот влез недостасува партерно уредување. На училишниот паркинг поставена е сензорна рампа со што е овозможен влез на коли само за вработените во училиштето, со што е зголемена безбедност на движење на учениците. Има поставена заштитна ограда со мрежа помеѓу дворчињата на училниците на првиот кат за да се зголеми безбедноста на учениците.<br>Во ПУ с. Доброшане поради лизгање на земјиште дојдено е до пукање на ѕид и е нарушена статиката која претставува опасност за користење на простории за реализирање на часовите по физичко и здравствено образование и истите се реализират во ходник или училишен двор зависно од временски услови.<br>Во ПУ с. Градиште се ослободени простори кои претходно биле користени од планинарско друштво. Тие простории се адаптирани во училници и наставата се реализира без пречки. Кровната конструкција на тоалетот е дотраена.<br>На интревју со директорот на прашањето: Каква е пристапноста во училиштето и училишниот двор за лица со телесен инвалидитет?<br>Се добива следниов одговор:<br>За ученици и посетители со телесен инвалидитет има поставено рампа на главен влез, но и влезот бр. 4 е целосно преадаптиран со пристапна рампа. Двата тоалети во одделенска и предметна настава се преадаптирани за лица со телесен инвалидитет. Училиштето моментално не располага со лифт кар.<br>На интревју со педагошко-психолошка служба на прашањето: Дали во училиштето се изведуваат симулации и евакуации за пожар, земјотреси и сл.?<br>Се добива следниов одговор:<br>Постои интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди со план за евакуација за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Во училиштето се изведуваат симулации. Успешно и брзо е изведена евакуација на ученици и вработени за пожар и од земјотреси во училиштето на ден 21.03.2025 година.<br>На интревју со домаќинот на прашањето: Дали има обучени наставници за давање на прва помош при повреда на ученици и наставници?<br>Се добива следниов одговор:<br>Има обучени наставници со вештини за давање прва помош на ученици и вработени при несреќен случај во училиштето. Дел од вработените имаат трајни лиценци за користење на противпожарен апарат. Голем дел од наставници имаат поминато обука за безбедност и заштита при работа. Дел на учениците од |

| | | |
|---|---|---|
| | | предметна настава се обучени за давање на прва помош преку работилници организирани од „Црвен крст“ Куманово и извиднички одред „Скаут“.<br>Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Постои процедура за постапување со материјални средства за ученици од социјално загрозени семејства. Најголем дел на ученици, родители и наставници учествуваат во хуманитарни акции за собирање на парични средства, храна и облека, училишен прибор, еднократни акции (училишни проекти и базари).<br>Повеќето хуманитарни собирни акции се по иницијатива на ученици од ученичкиот парламент и хуманитарна организација „Let's spread love“ кои во текот на годината организираат повеќе собирни хуманитарни акции.<br>Училиштето постојано соработува и со хуманиратни и невладени организации „Црвен крст“ Куманово и „Порака наша“. Се соработува и со деловна заедница – пријатели на училиштето кои што донираат и даваат помош и поддршка на наши ученици од социјално загрозени семејства во вид на новогодишни пакетчиња и парични средства. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Грижа за ученици со здрвствени проблеми е многу важен дел од безбедното и инклузивното опкружување. Тоа подразбира планирање, комуникација и соработка меѓу училиштето, родителите, здравствените работиници и самите ученици. При запишување во прво одделение, педагошко/психолошка служба ги анкетира родителите со прашалник кој се однесува на здравствената состојба на ученикот. Во интерните дневници за работа на стручните соработници и портфолија на учениците постојат податоци добиени од разговорите со родителите и наставниците, како и документација во врска со здравствената состојба на учениците и остварени контакти со релевантни институции. Стручната служба им помага на учениците и родителите или ги упатуваат до релевантни институции. Постои редовна комуникација со семејствата, како и со ученикот за неговата грижа. Училиштето со пропишана процедура обезбедува реализација на настава за ученици кои поради здравствени причини, подолг период отсуствуваат од редовна настава. Во услови на подолго отсуство, наставата е организирана на начин што, ученикот ја следи наставата онлајн преку лиценцирана образовна платформа Microsoft Teams одобрена од МОН и БРО односно од дома се вклучува на настава во училница во реално време. Реализација на наставата се спроведува во соработка и со согласнот од родители/старатели, локалната заедница и други релевантни институции (здравствени установи, центар за социјални работи и сл.). Наставниците ја |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализираат наставата со прилагодени форми, методи и техники на работа за постојана интеракција со ученикот, како и со изработка на видео презентации, задачи, квизови и сл. кои ученикот треба да ги изработи за време на час или домашна задача. Дополнително, наставниците во соработка со родители/старатели, преку давање и враќање на наставни материјали во пишана форма, ги следат учениците. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето игра голема улога во поддршка на менталното здравје, развој на социјални вештини и емоционалната стабилност кај учениците. Предагошко - психолошката служба во училиштето има механизам за препознавање на емоционални потешкотии кај учениците како и ученици со предизвикувачко однесување или посебни образовни потреби. Тоа подразбира континуирано следење на учениците во постојана соработка со одделенски/предметни наставници, родители/старатели, училишен дефектолог, центар за социјални работи и сл. Во учебна 2024/25 година училиштето има изготвено План за подобрување на ментално здравје и ментална хигиена кај учениците во кој беа планирани и реализирани повеќе работилници со кои беа опфатени сите ученици. Реализирани беа следниве работилници:<br>„Работилница по повод Светски ден на ментално здравје" – 7 одд.<br>„Самодоверба" – 9 одд.<br>„Поим за конфликти и комуникација" – 6 одд.<br>„Емпатија и сочувствување" – 8 одд.<br>„Мојата најдрага личност" – 5 одд.<br>„Моќта на зборовите" – 3 и 4 одд.<br>„Часовник на чувства" – 1 и 2 одд.<br>Имено уште при запишување на ученици во прво одделение, се врши општа проценка за подготвеност и зрелост на ученикот за тргнување на училиште, каде меѓу другото се утвдува и емоционалното здравје на ученикот и се детектира одредена емоционална потешкотија. Доколку во училиштето при упис дојде ученик со посебни образовни потреби и со приложена соодветна документација, односно МКФ (Меѓународна класификација на функционалности) проценка, училиштето преку соработка со ОУРЦ „Иднина" Скопје обезбедува образовен асистент за ученикот. Понатаму се разговара, се известуваат родителите/старателите, одделенски раководител и состојбата се следи. Одделенскиот раководител селектира работилници од Образование за животни вештини кои ги реализира на ниво на паралелка, а се однесуваат на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учење за развој на емоционално здравје на учениците, разговара, советува и сл. Доколку бидат забележани негативни промени, училишната стручна служба пристапува кон индивидуална работа со ученикот преку разговори, советувања, вежби за справување со емоционални потешкотии, работилници и сл. Во континуитет родителот/старателот е известен за напредокот на ученикот и истиот е вклучен во процесот на следење. Доколку стручната служба утврди дека детектираната емоционална потешкотија не може да биде надмината во училишни услови иницира дополнителни истражувања или емоционална поддршка од повисок степен, во соработка со релевантни институции (здравствени установи, центар за социјални работи, граѓански здруженија, советувалишта и сл.) и ги упатува родителите/старателите на понатамошни активности.<br>Во соработка со родител кој е сертифициран brathwork и breathwork инструктор, енергетски психолог, brainspotting терапевт и TRE Mindfulness инструктор од второ одделение, имаше одржано работилница на техники за правилно дишење, опуштање, смирување, надминување на страв преку игра и вежби.<br>3.17 Од 78 анкетирани наставници на тврдењето: На учениците и родителите во училиштето им давам соодветна поддршка и помош во решавање на проблеми 53.8% од наставниот кадар одговориле дека целосно се согласуваат и 44,9 % дека се согласуваат и многу мал дел, 1,3% дека не се согласуваат.<br>Најголем дел од учениците чувствуваат дека слободно можат да се обратат на одделенски раководител или друг наставник во училиштето кога имаат потреба од помош, а исто така најголем дел од учениците сметаат дека слободно може да побараат совет и поддршка од стручната служба.<br>Ова се гледа од спроведените анкети, па така од 124 анкетирани ученици се добиваат следните одговори:<br>3.13 Кога имам потреба од помош можам да се обратам на раководител на паралелка или друг наставник, 62,1% целосно се согласуваат и 34,7% се согласуваат, додека 0,8% не се согласуваат и 1,6% целосно не се согласуваат и 0,8% немаат информација.<br>3.14 Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психолог во училиштето, 45,2 % од учениците целосно се согласуваат и 41,1 % од учениците се согласуваат, по 3,2% одговориле дека не се согласуваат и целосно не се согласуваат и 7,5% немаат информација.<br>Најголем дел од родителите сметаат дека училиштето се грижи за добросостојба и емоционална состојба на нивното дете, па така од анкетирани 139 родители се |

| | | |
|---|---|---|
| | | добиваат следните одговори:<br>3.18 Училиштето се грижи за добросостојба на моето дете, 37,4 % од родителите целосно се согласуваат на ова прашање и 55,4% се согласуваат, а 2,2% не се согласуваат, 1,4% целосно не се согласуваат и 3,6% не знаат или немаат информација на ова прашање<br>3.19 Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете, 34,5% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат и 48,2 % од родителите одгвориле дека се соласуваат, 8,6% не се согласуваат, 1,4% целосно не се согласуваат и 7,2% одговоиле дека не знаат или немаат информација. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето посветува особено внимание на поддршката на учениците при изборот на понатамошно образование. Со цел да им се помогне при донесувањето на одлука, континуирано се реализираат повеќе активности во текот на учебната година. За поддршка за правилен избор на образовна насока, за учениците од IX одделение, редовно се организираат презентации од страна претставници на сите средните училишта од нашата општина и дел од средните стручни училишта од Скопје. На овие презентации, учениците добиваат информации за струките и профилите што се нудат, условите за запишување и текот на наставата, практичната настава и можностите за вработување, продолжување на образованието по завршување на средното училиште.<br>Учениците имаат можност директно да се информираат и да поставуваат прашања до наставниците и учениците од средните училишта. Оваа отворена комуникација им помога подобро да ги разберат разликите меѓу училиштата и профилите, како и да размислуваат каде најдобро би се пронашле според своите интереси и способности. Како дел од активностите за професионална ориентација, учениците од деветто одделение зедоа активно учество и во посета на Отворените денови на средните училишта во нашиот град. Посетени беа сите средни училишта од градот запознавајќи се со различни образовни профили и просторни услови во училиштата. За време на посетите, учениците имаа можност да присуствуваат на отворени часови и демонстрации, да комуницираат со ученици и наставници од средните училишта, да се запознаат со успешни проекти и ученички производи, како и да добијат печатен и дигитален материјал за условите за упис и наставните планови. Овие посети се вредно и инспиративно искуство за учениците, бидејќи ги прошируваат нивните познавања за тоа што ги очекува по основното образование. Дополнително, во училиштето се спроведуваат индивидуални и групни разговори со педагогот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | класните раководители. Стручната служба го применува RIASEC тестот за самопроценка на нивните интереси и способности. Родителите исто така се вклучени во процесот на професионална ориентација на учениците преку родителски средби каде се споделуваат информации за понудата на средни училишта во градот.<br>Дел од учениците, дури и по посетите и презентациите, сѐ уште се несигурни во врска со изборот на средно училиште и идна професија. Во такви случаи, стручна служба (психолог, педагог) преземаат индивидуален пристап, организирајќи средби со учениците и нивните родители. Целта на овие средби е да се разјаснат дилемите и стравовите кои ги имаат учениците или родителите, да се објаснат детално можностите, потребите и перспективите на различните образовни насоки, да се земат предвид индивидуалните интереси, способности и личноста на ученикот и да се дадат стручни совети и поддршка во носењето на оваа важна одлука.<br>Во нашето училиште најголем дел одделенските наставници зедоа учество во проект планиран и резилиран од страна на „ЗОН-УЧИТЕЛ“ во учебната 2023/24 година кој што имаше за цел систематска кариерна ориентација на учениците уште од најмала возраст. Активностите од овој проект имаа за цел да ги насочат учениците кон подобро разбирање на професиите, улогите на различните институции во општеството и можностите за нивно идно професионално развивање. Запознавање со професии беше реализирано преку посета на институции со учениците од второ до петто одделение, каде учениците директно се запознаа со луѓе кои вршат разновидни професии. Посетени беа полициска станица, пожарна станица, музеј, здравствен дом, пекара, аптека, општинска администрација, локални бизниси и занаетчии. За време на посетите, учениците имаа можност да ги набљудуваат работните процеси во реална средина, да поставуваат прашања и да комуницираат со професионалци, да видат кои вештини, алатки и одговорности се бараат во секоја професија, како и да научат како секоја професија придонесува за општеството. Овие активности го поставуваат темелот за пројавување интерес, професионално насочување и личен развој на учениците, што ќе продолжи да се надградува и во повисоките одделенија. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

ООУ „Кочо Рацин“ Куманово е препознатливо во градот и пошироко како резултат на квалификуваниот наставен кадар, пријатната, позитивна и мотивирачка средина за работа, како за учениците така и за вработените. Имаме постојана соработка со локална самоуправа, образовни и културни институции, НВО, бизнис сектор, хуманитарни организации. Нашите наставници и ученици учествуваат во меѓународни Еразмус + проекти. Изградениот углед се темели на учество на голем број на ученици на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, на кои најчесто освојуваме бројни и највисоки резултати. Сите активности, постигања и успеси на учениците и наставниците се промовираат преку училишниот разглас „Рацин“, преку редовни објави на веб и фан страна на училиштето, преку објави на училишниот новинарски клуб „Ринг Медиа“. За афирмирање на постигнати поголеми резултати училиштето се промовира и преку локалните медиуми. Во училниците, ходниците и холот се изложени ученички изработки, како и пано на кое се истакнати дипломи за постигнати резултати и шкафче со освоени пехари. Училиштето спроведува специфични вonнаставни активности по кои е препознатливо во средината. Како специфични активности се заедничко учеството на наставниците и учениците на планинарење, како и хор на наставници кој учествува на училишни манифестации и настани организирани во општината. Самоиницијативно планираме и реализираме воннаставни активности на одредени теми со други училишта и секогаш учествуваме во воннаставни активности, настани и манифестации на покана на други училишта, институции и организации. Во училиштето се реализираат голем број на училишни проекти, проекти финансирани од МОН и други организации, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, (Еразмус+). На крајот на секоја учебна година се организира јавна и свечена промоција на ученик на генерација, континуирано одлични ученици и ученици кои освоиле награди на државни и меѓународни натпревари и нивните ментори.

Училиштето има изработено кодекси за однесување кои се однесуваат на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Најголем дел од родителите се запознаени со кодексите на однесување, а содржини од кодексите се обработуваат на одделенските часови со учениците и на родителски средби со родителите и уредно се запишуваат во електронски дневник. Поголем дел од учениците се согласуваат дека во одделението се донесени заеднички правила и најголем дел од учениците, скоро сите се запознаени со Кодексот на однесување и последици од непочитување на истиот. Истите се јавно истакнати во училниците, кабинетот по информатика и ходниците на училиштето, како и на веб страна. Сите наставници се запознаени со Кодексот на однесување и сметаат дека училиштето соодветно постапува при негово прекршување. При изработка на истите, нивно унапредување и ажурирање учествуваат претставници од сите претходно споменати структури. Во соработка со Совет на родители и стручна служба пред четири години е изработен Правилник за користење на мобилни телефони за време на наставата, истиот е истакнат во секоја паралелка и на влезот на училиштето и доследно се применува континуирано. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците, родителите и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Професиналната соработка меѓу вработените е на највисоко ниво, раководниот, наставниот кадар, стручна служба и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Соработка на ниво на стручни активи и помеѓу активите е на високо ниво. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето, преку работилници од ОЖВ, индивидуални и групни

разговори со стручна служба и преку голем број на вонназствни активности. Најголем дел од наставниците, скоро сите сметаат дека атмосферата во училиштето е поттикнувачка и позитивна, дека соработката со колегите е на високо ниво, а за време на часовите има добра работна атмосфера. Училиштето е инклузивно за сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус). Според анкетите поголем дел од ученици се изјасниле дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно. Учениците во најголем дел се чувствуваат прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Од анкетите се заклучува дека нашите ученици сакаат да одат во училиште, постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето и дека наставниците ги разбираат нивните потреби. Преку создадената пријатна атмосфера за работа, соработката наставник – ученик е на високо ниво кое се темели на заемна почит и поддршка. Добра комуникација е воспоставена помеѓу Директорот и вработените. Во училиштето нема случаи на закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки. Со ова се согласуваат и најголем дел од родителите кои тврдат дека нивното дете сака да оди во училиште и дека е прифатено во училиштето.

Најголем дел од учениците, родителите и вработените се запознаени и го почитуваат Куќниот ред во училиштето. Постои работна атмосфера и дисциплина за време на наставата, одморите и воннаставните активности. Во училиштето постои распоред на дежурства на наставници пред часови и за време на одмори, како и дежурства на технички персонал на влезовите кои доследно се почитуваат со што училиштето води грижа за дисциплината и однесувањето на учениците за време, пред и после наставата. Училиштето исто така има донесено Правилник за задачи на дежурни ученици. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на пофалби и педагошки мерки, се залага за демократско разрешување на конфликти и води политика на ненасилно однесување. Поголем дел од родителите сметаат дека училиштето добро се справува со дисциплината. За учениците кои се појавуваат како директни или индиректни учесници во нарушување на Куќниот ред се применуваат соодветни мерки, зависно од тежината на проблемот. Пред изрекување на педогошки мерки согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки на ученикот и родителот му се дава поддршка за надминување на проблемот од тимот за поддршка на училиштето. Постои пропишана одлука и решение за формирање на тим на поддршка, записници од нивна работа, листа на евиденција на соработка со ученици, родители, наставници. Доколку учениците направат поголем број неоправдани отсуства, драстично намалување на успехот или недолично однесување кон ученик, наставник или кршење на училишен инвентар, освен изрекување на педагошка мерка се повикуваат родителите на советување. Има појава на многу мал број на конфликти со кои училиштето успешно се справува.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и потполно демократска процедура која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Во училиштето има Ученички парламент и Ученик правобранител, кои се фомирани и избрани согласно Статутот на Училиштето. Ученичкиот парламент и правобранител имаат изготвено свои програми за работа за чија што реализација во текот на учебната година добиваат поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.). Учениците навремено и целосно се информирани од претседател и заменик претседател на паралелка за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето на поголем број на одлуки во врска со тие работи. Во текот на учебната година реализирани се голем број на активности од страна на Ученичкиот парламент за кои што училиштето има уредна документација во вид на записници од состаноци и извештаи од реализирани активности. Учениците членови на ученички парламент редовно се поканувaат на состаноци на училишен одбор, ама ретко присуствуваат поради преклопување со настава, со воннаставни и вонучилишни активности.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците. Училиштето се грижи за остварување на целите од

наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата, реализирани на часовите на одделенска заедница, часовите предвидени за ОЖВ, свечен прием на првачиња во Детска организација, одбележување на Светски ден на детето, одбележување на Светски ден на лица со попреченост. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и во исто време инсистира на исполнување на обврските. Училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата. Најголем дел од наставниците реализираат работилници преку кои учениците ги запознаваат со нивните права и обврски и им укажуваат на учениците за разни механизми за заштита на детските права кои постојат во училиштето. Согласно на ова најголем дел, скоро сите ученици, знаат како да постапат и каде да се обратат доколку нивните права се прекршуваат. Ова го потврдуваат и најголемиот дел од родителите кои што сметаат дека нивните деца се запознаени со своите права и обврски од страна на училиштето.

Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Скоро сите родители сметаат дека нивното дете ги добива истите услови за учење како и другите ученици. Сите наставници соодветно реагираат на поплаките на учениците во случај на нееднаков третман и се грижат сите ученици да бидат вклучени во наставните и воннаставните активности според нивните интереси и можности. Најголем дел од учениците сметаат дека имаат еднакви можности за учество во активности на часовите и во училиштето. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Најголем дел од родителите сметаат дека оценувањето е според исти критериуми за сите ученици. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и друго реализирано на Ученички парламент и часовите од одделенска заедница. Најголем дел од учениците сметаат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно взаемно прифаќање. Учениците ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници. Различните маргинализирани/ранливи групи (ученици со ПОП, ученици од социјално загрозени семејства, како и ученици од подрачните училишта ) се вклучени во училишните и вонннаставните активности. Ова го потврдуваат и најголем дел од родители кои изјавуваат дека нивното дете не било дискриминирано по ниту една основа.

Училиштето во сите сфери е секогаш отворено за соработка со родителите и користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби, индивидуални и групни советувања, консултации, едукативни средби и други настани, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Најголем дел од наставниците ги поттикнуваат родителите да се вклучат во активностите во училиштето и ги прифаќаат аргументираните идеи за подобрување на воспитно – образовниот процес. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници од редот на родителите во Училишен одбор врз основа на Статут за работа на Совет на родители. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители (родителски средби, усни искажувања, анализи, евидентни листови итн.). Родителите коректно се примени од наставниците, стручните соработници и Директорот и се чувствуваат добредојдени во училиштето. Комуникацијата со родителите е преку одржани родителски состаноци за кои секој одделенски раководител има изготвено програма, состаноци на Совет на родители, индивидуални родителски средби, писмени и телефонски покани, посета на домови на учениците и поканување на манифестации во училиштето. Поголем дел од родителите сметаат дека нивните мислења и ставови за унапредување на воспитно – образовниот процес се почитуваат. Од педагошка

документација се гледа дека од вкупен број изречени усни опомени во текот на учебна година, понатамошниот број на изречени педагошки мерки се намалува поради континуирана соработка на училиштето со родителите и учениците.

Училиштето активно е вклучено во животот на Општината и локалната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Следени се сите објавени конкурси и натпревари на локално, државно и на меѓународно ниво, на кои што голем број наши ученици земаа активно учество. Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Општината и урбаната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето.

За превенција и заштита од насилство се води сметка преку креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење, поттикнување на уважување на различностите. Најголем дел од наставниците спроведуваат активности за превенција од насилство и развиваат техники и механизми кај ученици за ненасилна комуникација и конструктивно надминување на конфликти. Во своите активности ги вклучуваат сите ученици кои се дел од некој конфликт и/или појава на врсничко насилство. Заштита на учениците се реализира преку предавања и дискусии кои се реализираат тековно на редовните часови, вонннаставни активности, преку разни предавања, работилници, јавни трибини и преку промовирање на ненасилна комуникација преку свој личен пример. Поголем дел од родителите се запознаени со Протокол за превенција и постапување во случаи на насилство и се запознаени со активностите кои училиштето ги превзема и сметаат дек училиштето добро се справува при појава на насилство. Скоро сите ученици се изјасниле дека знаат како да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето и најголем дел од нив се согласуваат дека во училиштето се работи на решавање на конфликти и спречување на насилство. Училиштето има изготвено Протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и истиот е достапен за сите наставници, ученици родители. Исто така Училиштето секоја година изготвува и Програма за превенција од насилство. За безбедноста на учениците формиран е и училишен тим за безбедност составен од ученици, родители, наставници. Училиштето навремено реагира на било кој облик на насилство и конфликт меѓу учениците. Тековно и континуирано работи педагошко-психолошка служба која преку советодавно-консултативна работа со ученици и родители, работи индивидуално и групно. Воедно води уредна документација за направени разговори и одржува работилници, дискусии, трибини. Постои континуирана соработка со МВР, СВР-Куманово и Центар за социјални работи доколку има потреба и за таа соработка постои уредна документација. Преку своето конструктивно работење училиштето во голема мера придонесува за превенција од појава на насилство, а доколку се појави конфликт или одреден вид на насилство се превземаат сите мерки за да истото не се повтори што се гледа и од неповторување на изречените педагошки мерки кај учениците.

Поголем дел од родители сметаат дека училиштето превзема мерки за превенција од пушење, алкохол и дрога. Во училиштето има ажуриран Правилник - процедура за постапување при појава на пушење, користење на алкохол и дрога. Учениците и родителите редовно се известуваат преку координативното тело Совет на родители, кое е задолжено и ги проследува сите информации од училиштето. Во внатрешниот и надворешниот дел на училиштето има налепници, постери за забрането пушење, конзумирање и дистрибуција на алкохол и наркотични супстанци. Училиштето, наставниците, стручната служба постојано укажува на последиците од негативното влијание на насилство, алкохол, пушење и дрога преку наставни содржини од редовна настава, како и работилници и предавања реализирани од страна на наставници по природни науки и биологија, стручна служба. Училиштето соработува со Оддел за превенција при МВР-СВР Куманово кои редовно одржуваат предавања на тема: Превенција и заштита од пушење, алкохол и дрога, болести на зависности и други.

Училиштето не поседува сопствена кујна или менза, па така не може да влијае врз квалитетот на храната којашто ја конзумираат

учениците. Учениците сами се снабдуваат со храна со носење од дома или со одобрување од родителите купуваат храна во околните продавници, но за истите немаме сознанија од ХЕС за квалитетот на храната. Сепак училиштето посветува особено внимание за подигање на свеста кај учениците за внесување на здрава храна и градење на здрави навики за исхрана преку спроведување на голем број на предавања, дискусии и работилници во рамки на редовна настава и вонннаставни активности. Учениците постојано се поттикнуваат во училиште за ужинка да јадат овошје и зеленчук, а им се укажува на штетноста од јадење на нездрава. Исто така се укажува на штетните последици од јадење на нездрава храна (болести, гојазност). Секоја учебна година на иницијатива на Совет на родители се прават напори да има организирана исхрана во училиштето со доставување – кетеринг на кифли, преку избирање на најдобра понуда од локалните пекари, но одзивот кај родителите е мал за ваков начин на исхрана.

Во училиштето редовно се одржува хигиена во тоалети, училници, холови и училишниот двор согласно законски прописи. Голем дел од учениците и родителите се задоволни од хигиена во училиштето. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштето во соработка со надлежна институција. Во секоја училница има чешма со чиста вода за пиење, сапун и дезинфекционо средство, освен во две подрачни училишта каде што вода за миење се донесува во канистри, а вода за пиење се донесува од дома. Во подрачните училишта нема канализациона мрежа, т.е се користат септички јами кои редовно се чистат од страна на надлежна институција. Преку голем број на реализирани работилници, предавања и дискусии континуирано воспитно се влијае врз учениците за хигиенски навики, одржување на чиста работна средина, спречување на појава и ширење на заразни болести. Учениците се вклучени во хортикултурно уредување и одржување на училишниот двор преку садење и полевање на цвеќиња и дрвца, а помошно – технички персонал редовно врши миење на дворот и косење на тревата. Во сите училници и во ходници и во училишниот двор има поставено корпи за отпадоци кои редовно се чистат. Наставниците самостојно и во соработка со родители влијаат врз подигање на свеста кај учениците за опасност од заразни болести, нивна појава и начин на спречување преку одржани работилници и предавања. Редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на вработените. За учениците редовно се вршат систематски прегледи, имунизација, залевање на заби.

Во училиштето старите ПП апарати се заменети со нови кои редовно се сервисираат. Хидрантите се видно обележани, сервисирани и функционални. Има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Гасната и нафтената котлара секоја година пред грејна сезона се сервисира и детално проверува. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и план за заштита и безбедност на учениците и наставниците. Еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Со предупредувачки пораки/налепници се информираат учениците за опасности по нивна безбедност. Два пати годишно се врши дезинфекција и дератизација. Има обучени наставници и ученици со вештини за давање прва помош на ученици и вработени при несреќен случај во училиштето. Училиштето е пристапно за ученици и посетители со телесен инвалидитет, има поставено рампа на главен влез и еден од споредните влезовите и два тоалета се предадаптирани. Најголем дел од родителите и учениците го чувствуваат училиштето како безбедна средина.

Училиштето води евиденција за ученици од социјално загрозени семејства. Постојано се прават напори да се помогне и да се грижиме за социјално-загрозените семејства. Заедно со ученици, родители и наставници се организираат хуманитарни акции за собирање на парични средства, храна и облека, училишен прибор, еднократни акции (училишни проекти и базари) со цел да се обезбедат потребните средства за семејствата на кои им е потребна помош. Училиштето континуирано соработува со локалната заедница за собирање на материјални средства по потреба. Исто така дел од собраните средства во соработка со невладини организации се донираат на социјално

загрозени семејства од нашата општина.

Во услови на подолго отсуство, наставата е организирана на начин што, ученикот ја следи наставата онлајн преку лиценцирана образовна платформа Microsoft Teams одобрена од МОН и БРО односно од дома се вклучува на настава во училница во реално време. Наставниците ја реализираат наставата со прилагодени форми, методи и техники на работа за постојана интеракција со ученикот, како и со изработка на видео презентации, задачи, квизови и сл. кои ученикот треба да ги изработи за време на час или како домашна задача. Доколку ученикот нема соодветен уред за следење онлајн настава, училиштето има обезбедено повеќе таблети кои служат за времено користење за ученици, во период потребен за следење онлајн настава од дома. Дополнително, наставниците во соработка со родители/старатели, преку давање и враќање на наставни материјали во пишана форма, ги следат учениците во нивниот образовен напредок.

Предагошко/психолошката служба во училиштето има механизам за препознавање на емоционални потешкотии кај учениците. Тоа подразбира континуирано следење на учениците во постојана соработка со одделенски/предметни наставници, родители/старатели, училишен дефектолог, центар за социјални работи и сл. Имено уште при запишување на ученици во прво одделение, се врши општа проценка за подготвеност и зрелост на ученикот за тргнување на училиште, каде меѓу другото се утвдува и емоционалното здравје на ученикот и се детектира одредена емоционална потешкотија. Понатаму се разговара, известуваат родители/старатели, одделенски раководител и стостојбата се следи. Одделенскиот раководител селектира работилници од Образование за животни вештини кои ги реализира на ниво на паралелка, а се однесуваат на учење за развој на емиционално здравје на учениците, разговара, советува и сл. Доколку бидат забележани негативни промени, училишната стручна служба пристапува кон индивидуална работа со ученикот преку разговори, советувања, вежби за справување со емоционални потешкотии, работилници и сл. Во континуитет родителот/старателот е известен за напредокот на ученикот и истиот е вклучен во процесот на следење. Доколку стручната служба утврди дека детектираната емоционална потешкотија не може да биде санирана во училишни услови и иницира дополнителни истражувања или емоционална поддршка од повисок степен, во соработка со релевантни институции (здравстеви установи, центар за социјални работи, граѓански здруженија, советувалишта и сл.) ги упатува родителите/старателите на понатамошни активности. Најголем дел од учениците чувствуваат дека слободно можат да се обратат на одделенски раководител или друг наставник во училиштето кога имаат потреба од помош и дека слободно може да побараат совет и поддршка од стручната служба. Најголем дел и од родителите сметаат дека училиштето се грижи за добросостојба и емоционална состојба на нивното дете.

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел користи промотивни материјали од образовните институции, посета на отворени денови во средните училишта, презентации и флаери. Училиштето организира и спроведува свои активности за професионална ориентација на учениците со цел правилен избор на идно образование и професија според афинитетите на учениците. За учениците кои сè уште се во процес на одлучување, училиштето обезбедува индивидуални средби со стручната служба, каде заедно со родителите се водат низ процесот на избор. Со овие активности се овозможува навремена професионална ориентација, градење лична мотивација и поставување темели за успешен образовен и кариерен пат. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Се спроведуваат активности за кариерно советување на учениците уште од мала возраст преку посети на голем број на институции со цел запознавање на разновидни професии и занимања.

**Силни страни**

- Меѓусебно почитување и взаемна соработка меѓу сите субјекти во училиштето е на највисоко ниво: ученици, наставници и родители, сите структури се чувствуваат прифатено во училиштето.
- Училиштето спроведува еднаков и правичен третман кон сите ученици со што се сложуваат скоро сите ученици и родители.
- Училиштето ги почитува правата на сите ученици подеднакво и се грижи сите ученици да ги знаат своите права и да знаат како да постапат доколку се прекршени нивните права.
- Училиштето води грижа и помага на социјално – загрозени семејства преку спроведени голем број на сопствени хуманитарни акции и соработува со голем број на невладини организации во нивни активности.
- Отвореност на училиштето за реализирање на соработка на сите полиња со локалната заедница и населението, голем број на образовни и јавни институции.
- Училиштето има изградено препознатлив имиџ во Општината, а учениците се согласуваат дека нашето училиште се истакнува по голем број воннаставни активности кои се спроведуваат.
- Во училиштето активно работи хор на наставници „Рацинови“ кој со своите професионални настапи го промовира училиштето на општинско ниво и пошироко.
- Училиштето се грижи за добросостојбата на учениците и промовира и практикува ненасилство и ненасилна комуникација, при што секој ученик знае како да постапи, скоро сите ученици се изјаснуваат дека слободно може да се обратат на одделенски раководител, друг наставник или стручна служба за било каков проблем и чувствуваат дека ја добиваат потребната помош и поддршка во училиштето.
- Хортикултурно уреден простран училишен двор и естетско уредено училиште преку кои се промовираат изработките на учениците и се поттикнува заедничка грижа и општествена одговорност кај учениците за нешто заедничко

**Слаби страни**

- Во училниците има оштетени и незбедни подови.
- Нефункционални и стари дотраени прозорци во ходници и канцеларии, енергетски неефикасни.
- Постои слаб одзив од родители за организирана исхрана во училиштето.
- Лош пристап пред главниот влез.
- Санитарни јазли се стари и дотраени

**Приоритети**

- Замена на подовите во училници и прозорци во ходници и канцеларии
- Реновирање на тоалетите во централно училиште
- Организирање на исхрана во училиште

**Подрачје 4:**

**УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

**Координатор на тимот: Јосип Анастасовски**

**Членови на тимот: Далибор Јовановски, Лидија Зарковска, Жаклина Пешевска, Биљана Милошевска, Ирена Анастасовска, Катерина Китановска и Оља Цветковиќ.**

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>• Управување со училиштете<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес<br><br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика**<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Програма за работа на Училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор;<br>• Статут на училиштето;<br>• Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>• Интервју со Директор и стручните соработници<br>• Програма за работа на директорот;<br>• Програма за работа на стручни соработници<br>• Програма, извештаи и записници на наставник-ментор<br>• Програма за професионален развој;<br>• Анкетни прашалници на наставници, родители и | Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето според Законот за основно образование (С. Весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20). Со училиштето управува училишен одбор кој брои 7 члена: 3 (тројца) претставници од редот на наставниците, 3 (тројца) од редот на родителите и 1 (еден) претставник од основачот-Локалната заедница. Работата и функционирањето на УО е јасно дефинирана според деловникот за работа на училишниот одбор. Според записници кои уредно и навремено се водат може да се види дека редовно се состанува училишниот одбор и сите членови биле редовно присутни на состаноците. Изборот на членовите е уреден и целосен според докуметите за избор на член на училишен одбор. Дека училишниот одбор навремено донесувал заклучоци и одлуки со консензус потврдуваат извештаите од работата на училишниот одбор. За одлуките се информираат вработените во училиштето преку Наставнички совет и извештаи за работа на УО. Анкетното прашање за родители 4.3 потврдува дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки, испитаниците одговориле со 48,9% целосно се согласувам, 38,1% се согласувам, 7,2% не знам или немам информација, 4,8% не се согласувам и 1% целосно не се согласувам. Состаноците на УО ги води претседателот на УО по претходно утврден дневен ред, притоа задолжително водејќи записник за работата на УО. УО е во постојан контакт со Наставничкиот совет и оттаму црпе некои од темите за своите состаноци. На анкетираното прашање за наставници: Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството и наставниот кадар при донесување одлуки, наставниците како испитаници одговориле со 46,2% целосно се согласувам, 51,3% се согласувам, а 1,5% не се согласувам и 1% целосно не се согласувам.<br>УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, а успешно соработува со Советот на родители, стручните |

| | | |
|---|---|---|
| ученици<br>• Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>• Докази за вклчученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации)<br>• Записници од инспекциски надзори | | соработници, ученици, локална самоуправа и приватни водечки структури. Тоа го потврдува и прашањето од интервјуто со директорот и стручната служба 4.1. Соработката со УО е одлична и на многу високо ниво. Секогаш според пропишан закон и процедури се донесуваат одлуки и акциски планови за донесените измени. Директорката секогаш е присутна откако ќе биде поканета од УО, поради некое образложување или изнесување на докази. УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам.<br>Изготвена е годишна програма за работа на УО, како дел од Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |
| • Распоред и процедури за користење на просторот и наставните материјали во училиштето;<br>• Активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека<br>• Пописна листа за библиотечен фонд<br>• Извештаи и записници од следени часови од директор и стручни соработници со дозвола на директор<br>• Развојна програма на | Раководење со училиштето | Според анкетата спроведена со наставниците на прашањето: Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството и воспитно-образовниот кадар, 46,15% од наставниците целосно се согласуваат, 51,28% се согласуваат, многу мал дел од наставници или 1,28% не се согласуваат, и 1,28% целосно не се согласуваат.<br>Директорката и стручните соработници во интервјуто на прашањето 4.2 посочуваат дека со сите релевантни фактори во Училиштето се соработува на многу високо ниво и во развојното планирање се вклучени сите фактори и чинители вклучувајќи ги наставниците, Совет на родители, учениците и Училишниот парламент. Од сослушаните страни се извлекуваат приоритети за развојно планирање на секои 4 години со цел подобрувње на квалитетот на училиштето. Се проследуваат сите мислења и се избираат најдобрите релевантни приоритети за иднината на училиштето и негово подобрување.<br>Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и Статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот |

| | | |
|---|---|---|
| училиштето;<br>• Интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици и училишниот одбор;<br>• Извештај од претходна самоевалуација | | придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се’ со цел наставниците редовно да се информирааат, полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта или затворена група на социјална мрежа Facebook. Директорот се грижа за здравјето на учениците, административните работи и одржување на здрава и чиста средина за непречено одвивање на воспитно-образовен процес. Во областа на инфраструктурното делување директорот во изминатиот период има работено на поправка на водоводната и канализациона мрежа, уредување и одржување на училишниот двор, видео надзор на училишниот двор, осовременување на наставата со електронски табли, дезинфекција и обелување на училниците и други ситни инфраструктурни зафати. Во однос на медиумското делување директорот прави и промоција на сите тековни активности на училиштето, постигнати места, награди, заслуги, благодарности, одбележување на значајни празници, учество на повеќе културни манифестации, спортски натпревари, ликовни колонии и друго, кои беа одбележани со медиумска покриеност било визуелна-телевизија, аудитивна-радио, електронска-веб страната на училиштето, фан страна на социјална мрежа, како и училишен медиумски клуб „Ринг Медиа“. Дава поддршка во сите проекти, пружа поддршка и активен член во хорот на наставници „Рацинови“ кој го промовира училиштето.<br>Поради намален број на ученици во подрачните училишта и миграција на населението во учебната 2023/24 година се намали една паралелка во ПУ с.Кучкарево, а од учебна 2024/25 е ставено во мирување ПУ во с. Габреш. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето има јасен план и распоред за максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности во две смени, со што ги задоволува потребите на учениците (од страна на Министерство за образование се спроведува процес на мапирање на училишта во кои постои можност за воведување на едносменско работење, па според тоа училиштето има потреба од значителен дополнителен капацитет за сместување на учениците за да се овозможи изведување на настава во една смена). Во функција се кабинет по музичко образование, кабинет по техничко образование и информатика, |

| | | |
|---|---|---|
| | | кабинет по природни науки и сензорна соба за ученици со ПОП. Училиштето има потреба од дополнителни просторни капацитети како што се кабинети по други предмети и магацински простории. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети. Во текот на овие две учебни години училиштето доби донација од 12 половни преносни компјутери и нов ЛЦД телевизор за унапредување на наставата сместен во наставничката канцеларија на училиштето.<br>Училиштето беше таргетирано од МОН како едно од единаесет успешни училишта на ниво на целата држава да учествува во проектот „Унапредување на квалитетот на работата на основните училишта“ за изготвување на новиот модел на самоевалуација на училиштата. По успешниот реализиран проект и добиениот грант, парите беа искористени за набавка и инсталација на десет смарт табли и проектори во сите училници од предметна настава во централното училиште. Со истите се поврзани и десет лап топа кои претходно беа донирани од приватна компанија. Согласно унапредување на наставата во централно училиште, унапредена е и наставата во подрачните училишта со поставување на 8 телевизори, од кои: 4 во ПУ с. Орашац, 2 во ПУ с. Доброшане, 1 во ПУ с. Градиште и 1 во ПУ с. Кучкарево.<br>Преку Сојуз на училишен спорт набавени се реквизити за реализирање на настава по ФЗО и вонnаставни спортски активности (топки за фудбал, одбојка, футсал, кошарка, маркери, мрежа за одбојка и др). Во подрачното училиште во с. Орашац со финанасиски средства од новогодишен базар беа набавени и обновени дел од реквизити за реализирање на наставата по ФЗО и безжичен звучник за потребите на подрачното училиште. Исто така и во ПУ с. Доброшане е набавен и поставен кош со помош на финансиски средства од Новогодишен базар. Во централно училиште во изминатите две години од средства добиени од реализација на новогодишен базар се набавени голем безжиќен звучник и 3 (три) професионални микрофони, како ламба за проектор кој се користи во кабинет по информатика. Откако стартуваше новата концепција во предметна настава преку МОН набавени се нагледни средства за општествени и природни науки – историски и |

| | | |
|---|---|---|
| | | географски карти, глобус, компас, модел на сонце и сончев систем, месец и месечеви мени и илустративен материјал. Од интервјуто на фокус група со дефектологот и образовните асистенти се дојде до сознание дека често се употребува сензорната соба која е на располагање на образовните асистенти и учениците со ПОП, но и понатаму недостасува дел од асистивната технологија за работа со оваа група на ученици која ќе помогне во развојот на инклузивното образование.<br>Сепак и понатаму недостасува дел од наставни нагледни средства и дидактички помагала согласно нормативите по сите наставни предмети. Училиштето планира на полугодишно ниво и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставни и воннаставни активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства и помогнати од страна на родителите копираат и обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците. На прашањето на анкетираните наставници: Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности, испитаници одговориле со 8,97% целосно се согласувам, 37,18% се согласувам, 1,28% не знам или немам информација, 39,74 % не се согласувам и 12,82% целосно не се согласувам. Со тоа и со прашањето од фокус група на дел од наставници се потврдува дека наставниците заедно со помош на родителите голем дел од потрошниот материјал сами си го набавуваат.<br>Според пописна листа на библиотечен фонд утврдено е дека библиотеката/ медијатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Набавени се 30 сликовници од сопствени средства на училиштето. На прашањето на анкетираните ученици: Секогаш во училишната библиотека ги има лектирите кои ги барам, испитаници одговориле со 30,65% целосно се согласувам, 36,29% се согласувам, 15,32 % не знам или немам информација, 16,13% не се согласувам и 1,61% целосно не се согласувам. Во склоп на библиотека имаме медијатека, но само делумно се користи како читална од страна на учениците бидејќи честопати е зафатена со наставни и |

| | | |
|---|---|---|
| | | вонnаставни активности. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер кој има пристап до интернет, а медијатеката е опремена со смарт телевизор, лап-топ, интернет и друга комуникациска опрема која е на располагање на наставниците и учениците. Библиотечната евиденција се води во согласност со законот за библиотеките. Во библиотеката се води електронска библиотечна евиденција, но издавањето и враќањето книги се води во пишана форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.<br>На прашањето на анкетираните ученици 4.3: Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера испитаници одговориле со 18,55% целосно се согласувам, 44,35% се согласувам, 9,68% не знам или немам информација, 20,16% не се согласувам и 7,26% целосно не се согласувам.<br>На прашањето на анкетираните родители 4.4 : Библиотеката е достапна за сите ученици, испитаници одговориле со 52,52% целосно се согласувам, 35,97% се согласувам, 2,88% не знам или немам информација, 5,76% не се согласувам и 2,88% целосно не се согласувам. Библиотеката планира свои активности и има програма за работа на училишна библиотека/медијатека.<br>Подрачните училишта во с.Орашац и во с.Добрашане располагаат со мини библиотеки. Во подрачното училиште во с. Добрашане донирани се 20 лектири од Црвен крст, а дополнителни лектирни изданија се обезбедени со собрани сопствени средства добиени од учество на Велигденски базар. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно образовниот процес. Наставничкиот кадар е во согласност со нормативите за реализитрање на наставни планови и програми. Наставничкиот кадар е квалитетен, компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина потврдени во анкетните одговори на родителите. Родителите одговориле на прашањето 4.5:Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен со 53,96% целосно се согласувам, 38,13% се согласувам, 1,44% не знам или немам информација, 5,76% не се согласувам и 0,72% целосно не се согласувам.<br>Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во |

| | | |
|---|---|---|
| | | организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Директорот и стручната служба според направена анализа и изготвен распоред вршат редовни посети на часови нивно евидентирање на најмалку два часа во едно полугодие.<br>Во училиштето во учебната 2023/24 година беа ангажирани 6 образовни асистенти, а во учебната 2024/25 година се ангажирани 8 образовни асистенти обезбедени од МОН кои работат со категоризирани ученици според МКФ проценка. Поради поголемата оддалеченост на подрачните училишта дефектологот објективно не е во можност целосно да одговори на потребите на тие ученици. Од направената анализа произлегува потребата од вработување на социјален работник, дефектолог и уште еден педагог во училиштето. Најчесто имаме проблеми со изготвување на распоред на часови бидејќи имаме наставници кои предаваат во повеќе училишта во различни денови. Во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство на наставниот кадар училиштето има воспоставен механизам за брза и соодветна замена, иако понекогаш наидува на проблеми за целосна организација (краток временски период на замена, замена за наставници во подрачни училишта, распореденост на број на часови по работна позиција низ неколку подрачни училишта).<br>Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето, ги детектираат потребите за лично професионално усовршување изработувајќи лични развојни планови на почетокот на учебната година. Според новиот закон сите наставници според свој избор поминаа четири акредитирани обуки до оваа учебна 2024/25 година. Останува и не се завршени да се обучат сите наставници уште со две акредитирани обуки по свој избор кои им се наведени во ЛППР за оваа учебна година. Во нашето училиште имаме еден наставник -ментор кој на голем број наставници-приправници помагаше и ги следеше да се стекнат со звање наставник, а секој наставник може да напредува според законот за кариерно напредување на наставниците по |

| | | |
|---|---|---|
| | | објавен оглас од страна на МОН. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современитите образовни текови. Дел од наставниците со самофинансирање посетија одделни обуки во текот на учебната година. Директорот целосно ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има делумно воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците. За пофалба и истакнување е хорот од наставници „Рацинови“ кој го води наставникот по музичко образование, кој со своите професионални настапи го промовира училиштето. Сите наставници се стекнаа со пофалници и благодарници од училиштето кои со своите ученици постигнаа и стекнаа високи резултати на општинско, регионално и државно ниво. Сите ученици за завршено основно образование со континуиран одличен успех беа наградени од училиштето со книга и пофалница. Наставнииот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето се придржува на Законот за основно образование за приправничкиот стаж. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручната служба, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие. Тоа е потврдено и од анкетните прашалници за наставниците кои на прашањето 4.5 Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часа во текот на едно полугодие, испитаниците одговориле со 61,54% целосно се согласувам, 35,9% се согласувам, а мал дел, 2,56% не се согласувам. Откако ги следеле наставните часови директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување. Сето тоа е забележано во извештаите и записниците од следени часови од директорот или стручните соработници со дозвола на директорот, а е поотврдено и во интервјуто со директор и стручната служба на прашање број 4.8. Забелешките се изготвуваат во чек листа од набљудуваниот час на секој наставник за да може да напредува и да се подобрува во иднина. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дека наставниците се задоволни од повратните информации кои ги добивале од набљудуваните часови ни кажува прашањето 4.6 од анкетираните наставници: За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација: 47,44% целосно се согласуваат, 48,72% се согласуваат и незначителен број 3,85% не се согласуваат.<br>Во текот на учебната 2023/24 и 2024/25 година, училиштето го посетија советници од БРО со претходно изготвен распоред за посета на часови. Акцент на посета беа часовите по слободни изборни предмети во 4, 5 и 6 -то одделение според новата концепција за основното образование. Наставниците беа задоволни од укажаните подобрувања и целта на посета од советниците. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Развојна програма на училиштето;<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Извештај од самоевалуација;<br>• План за развој на училиштето<br>• Анкети со наставниците, родителите/старателите ,<br>учениците;<br>• Записници од УО, совет на родители, наставнички совет<br>• Записник од состаноци на одд. заедници и | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, иформативни катчиња, огласна табла, веб и фан страна на училиштето и преку разгласна станица во училиштето. Дека соработката е на одлично и високо ниво при креирање на училишните политики потврдуваат одговорите од интервјуто на директорот и стручните соработници образложени во прашањето 4.2: Директорката со сите релевантни фактори во училиштето соработува на многу високо ниво. Во развојното планирање се вклучени сите фактори и чинители започнувајќи од наставници, Совет на родители, ученици и ученичкиот парламент. Соработката со различните чинители е на високо ниво, се слушаат мислењата и на другите и се избираат најдобрите релевантни приоритети за иднина на училиштето и негово подобрување. Тоа го потврдуваат и одговорите на наставниот кадар кој може да се види во прашалникот за наставниот кадар кои на прашањето 4.2: Во училиштето се практикува соработка меѓу раководството, воспитно–образовниот кадар, учениците и |

| | | |
|---|---|---|
| ученичка организација<br>• Програма за работа и извештаи за работата на Училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Интервју со директор<br>• * за професионален развој;<br>• Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки<br>• Записници од ревизија и УЈП<br>Буџет и финансиски план на училиштето | | родителите при донесување одлука наставниците одговориле 51,3% дека се согласуваат и 46,2% одговориле дека целосно се согласуваат, а останатите 2,5% не се согласуваат.<br>Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество во хуманитарни активности и еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето еднаш во годината прави задолжителна показна вежба за евакуација на учениците и наставниците во услови на елементарни непогоди и штетни влијанија. Училиштето е максимално вклучено во сите еколошки акции кои се организираат на општинско и државно ниво, тоа се потврдува преку акциски еколошки планови и извештаи за истите. Преку чести предавања за безбедни училишта организирани од СВР Куманово, вложува максимални напори за безбедност на учениците во училиштето. Училиштето е секогаш отворено за иницијативи и мислења и по разгледување на истите се донесуваат соодветни одлуки. Најголем дел од процедурите се ажурирани. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се конкретни, прецизни и јасно ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Планираните цели ја отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Дел од нив се потешко остварливи поради потреба од финансиски средства со кои не располага училиштето и треба да се обезбедат од Општината, донатори или учество во проекти. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, стручната служба, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето редовно и навремено ги информира наставниците, учениците и родителите за целите што треба да се постигнат и динамиката за нивно реализирање. Од спроведената анкета на наставници: 4.1 Голем број 43,6% целосно се согласуваат, повеќе од половина 51,3% се согласуваат и |

| | | |
|---|---|---|
| | | незначителен број 5,1% не се согласуваат дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.<br>Според анкетата спроведена за родители: 4.2 половина од анкетираните родители 48,9% целосно се согласуваат, голем број 42,4% се согласуваат и незначителен број 8,7% не се согласуваат или немаат информација за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.<br>На прашањето 4.9 а при интервјуто со директорот и стручните соработници јасно се образложува дека информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети, Совет на родители и на Училишен одбор. Поголем дел од учениците се информирани за активностите што ги планира училиштето. Помал дел од испитаници не се согласуваат дека се информирани или немаат никаква информација или изразено во проценти 41.9% од учениците се согласуваат и 23,4% целосно се согласуваат, 12,9% не се согласуваат, 3,3% целосно не се согласуваат и 18,5% немаат информација за предвидените активности на училиштето во наредниот период.<br>Исто така релевантните страни со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално преку Развојна програма на училиштето, Соопштенија за наставници, ученици и родители. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат тековно. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.<br>И покрај тоа што изработениот и уредно доставен финансов план од страна на Училиштето содржи приоритети тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот рестриктивно се одобрува од страна на основачот на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Одобрениот буџет се користи наменски, а во најголема мерка се користи за приоритети кои се поврзани со тековно одржување – комунални услуги, греење, телекомуникациски услуги, превоз на ученици, санитарен и лекарски преглед на вработени, хигиена, ситен инвертар и поправки.<br>Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план, и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план. Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот.<br>На прашањето 4.9 од анкетираните наставници 19,23 % целосно се согласуваат, голем број 46,15% се согласуваат и помал број 23,08% не се согласуваат и останатите проценти целосно не се согласуваат или немаат информација 11.54% со тоа како се троши буџетот на училиштето. Најголем број од анкетираните родители немаат информација како се троши буџетот на училиштето, но во интервјуто на Директорот е нагласено дека информациите со искористеноста на буџетот на училиштето директорот ги образложува на Наставничките совети, Совет на родители и на Училишен одбор. Исто така релевантните страни со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално со извештаите на планиран финансиски план и одобрен финансиски план, на полугодишен и годишен извештај |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Со училиштето управува училишен одбор кој брои 7 члена: 3 (тројца) претставници од редот на наставниците, 3 (тројца) од редот на родителите и 1 (еден) претставник од основачот-Локалната заедница. Училишниот одбор работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на: Претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО. Работата на УО е регулирана со Деловник за работа. Училишниот одбор води записници за својата работа, секој записник е усвоен на следен состанок и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на УО кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес, а останатите преку информациите кои се наоѓаат на огласната табла во училиштето. УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам. Квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се’ со цел наставниците редовно да се информирааат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта или затворена група на социјална мрежа Facebook. Секојдневно соработува со стручните соработници, родителите и учениците за надминување на проблеми и разрешување на конфликти во Училиштето. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Ја организира и следи работата на Училишен инклузивен тим и други тимови во Училиштето, особено инсистира и поддржува реализирање на еколошки содржини и спроведување на училишни политики, во кои се афирмира инклузивноста на училиштето. Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации, вклучувајќи го училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.

Училиштето со јасен план и распоред ги искористува максималните расположливи капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Во функција се кабинет по музичко образование, кабинет по техничко образование и информатика, кабинет по природни науки и сензорна соба за ученици со ПОП. Во текот на овие две учебни години во училиштето наставниот процес е унапреден со набавка и ставање во функција на 12 половни компјутери, 10 паметни табли, 8 телевизори и 1 ЛЦД телевизор. Во централно училиште се набавени спортски реквизити преку ОСУС за наставата по ФЗО и воннаставните спортски активности, а дел и во ПУ во с. Орашац набавени со сопствени средства од учество во Новогодишен базар. Од МОН добиени се нагледни средства за одредена група на предмети, но сепак и понатаму недостасува дел од наставни нагледни средства и дидактички помагала согласно нормативите по сите наставни предмети. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната

количина за реализација на наставните и вонnаставните активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства и помогнати од страна на родителите копираат и обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците. Училишната библиотека/медијатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Во склоп на библиотека имаме медијатека, но само делумно се користи како читална од страна на учениците бидејќи честопати е зафатена со наставни и воннаставни активности. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер кој има пристап до интернет, а медијатеката е опремена со смарт телевизор, лап-топ, интернет и друга комуникациска опрема која е на располагање на наставниците и учениците. Во библиотеката се води електронска библиотечна евиденција, но издавањето и враќањето книги се води по пишана форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Подрачните училишта во с.Орашац и во с.Добрашане располагаат со мини библиотеки.

Во училиштето работат квалитетни и компетентни наставници кои ги реализираат сите наставни планови и програми, како и стручни соработници согласно норматив. Од направената анализа и бројот на учениците во училиштето произлегува потребата од вработување на социјален работник, дефектолог и уште еден педагог во училиштето. Моментално во училиштето се ангажирани 8 образовни асистенти. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство и се постапува согласно Законот за основно образование, но останува општа констатација дека има помалку наставен кадар од природната група предмети. Секој наставник на ниво на стручните активи изготвува ЛППР и задолжително посетува обуки од страна на БРО, а поретко се посетуваат самостојно финансирани индивидуални обуки. Секој наставник има можност да напредува според законот за кариерно напредување на наставниците. Училиштето располага со еден наставник-ментор кој секогаш е ангажиран и помага во целокупниот наставен процес, како и при менторирањето на приправниците во овој период.

Процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата се одвива согласно Годишната програма за работа на училиштето, т.е. два пати во текот на едно полугодие, откако претходно се изготвува распоред за следење на часовите. Следењето го врши директорот, а со одобрение на директорот часовите ги следат стручните соработници во училиштето. Следењето се врши со обрасци за следење на наставен час, се дава повратна информација на наставникот и се изготвува извештај. Дел од наставниците беа посетени и од советници од БРО според претходен изготвен и доставен распоред за посета на часовите. Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество во хуманитарни активности и еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето е секогаш отворено за иницијативи и мислења и по разгледување на истите се донесуваат соодветни одлуки.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставник-ментор, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Соработката помеѓу нив е на задоволително ниво. Училиштето ги

| |
|---|
| информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат тековно.<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. Одобрениот буџет се користи наменски, за потребите и приоритетите на училиштето. Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план, финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување делумно го одобрува доставениот финансиски план. |
| **Силни страни**<br>• Постои добра координираност и соработка меѓу телата во училиштето (Директор, УО, Наставнички совет, Совет на родители).<br>• Училиштето е добро раководено.<br>• Во училиштето работи квалитетен наставен кадар.<br>• Опременост на целосен капацитет на ниво на централно училиште со современа ИКТ технологија во наставата и телевизори во сите училници во подрачните училишта.<br>• Максимална искористеност на сензорна соба за ученици со ПОП.<br>• Вклученост на сите инволвирани страни во креирање на училишните политики.<br>• Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори**.** |
| **Слаби страни**<br>• Неможност УО да има влијание врз буџетот со цел побрзо решавање на донесени одлуки во училиштето.<br>• Училишната библиотека не располага со читална за учениците.<br>• Училиштето има мал и ограничен буџет наменет за обезбедување на потрошен и наставен материјал што иницира лични трошоци кај наставниците и родителите.<br>• Одредении наставни предмети се уште немаат дел од наставни нагледни средства и дидактички материјали.<br>• Потребата од зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог или педагог) во училиштето.<br>• Недостаток од механизми за наградување на наставниците и стручните соработници кои покажуваат особен интерес и успех во работата |

**Приоритети**

- Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели.
- Креирање на механизми за наградување на наставниците и стручните соработници кои покажуваат особен интерес и успех во работата.
- Набавка на дидактички материјали кои недостасуваат.
- Опремување на читална за учениците

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели<br>Во првата половина од месец април 2025 година беа изготвени online анкетни прашалици за ученици, наставници и родители со користење на google forms формата. Во втората половина на месец април прашалниците беа дистрибуирани до избраниот примерок од ученици, родители и наставници и се направи обработка и анализа на собраните квантитативни и квалитативни податоци. Примерок од родители беа родители на ученици со број во дневник 4, 11 и 16 во паралелки од сите три образовни период во централно училиште и по еден родител на ученик со број 4 во дневник во паралелки од подрачни училишта. Вкупно беа опфатени 139 родители – 11,5%). Добиените квантитативни и квалитативни резултати се образложени со делот „Информации кои се собрани“ |
| Анкета за наставници<br>78 наставници беа опфатени со анкетни прашалници. Добиените квантитативни и квалитативни резултати се образложени со делот „Информации кои се собрани“ |
| Анкета за ученици<br>Примерок од ученици беа ученици со број во дневник 3, 7, 10 и 15 од секоја паралелка во централно училиште од вториот и третиот образовен период и по еден ученик број 3 во дневник во паралелки од подрачни училишта (вкупно беа опфатени 124 ученици од вкупно 1211 ученици – 10,2%). Добиените квантитативни и квалитативни резултати се образложени со делот „Информации кои се собрани“ |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба<br>Во месец мај 2025 година беше спроведено интервју со директорот, стручната служба, домаќинот на училиштето. Добиените квалитативни резултати се образложени со делот „Информации кои се собрани“ |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |

| |
|---|
| Во месец мај 2025 година беа спроведени разговори со фокус групи: образовни асистенти, ученици од Ученички парламент. Добиените квалитативни резултати се образложени со делот „Информации кои се собрани“ |
| Наоди од набљудување часови<br><br>Дирејкторот и стручната служба на Комисијата и членовите за спроведување на СЕУ доставија Извештај од посетени часови. Добиените квантитативни и квалитативни резултати се образложени со делот „Информации кои се собрани“. |
| Наоди од други видови набљудувања<br><br>Беше извршено набљудување на фактичка состојба во училиштето. Добиените квалитативни резултати се образложени со делот „Информации кои се собрани“. |

Комисија за самоевалуација:

Сашка Стаменковска – одделенски наставник ______

Јосип Анастасовски – наставник во предметна настава ______

Магдалена Божиновска Стојанова – наставник во предметна настава ______

Марина Милошевска Јакимовиќ – стручен соработник ______

Марија Гигов – родител ______

Директор

______

Галаба Давчевска